## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Четвртото продолжение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 29 јуни 2005 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани Весна Борозан, Благоја Гешоски, Ванчо Ѓеоргиев, Игор Ивановски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Самиоловска-Цветанова, Љубисав Иванов - Ѕинго и Али Ахмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 16 - Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог закон.**

Продолжуваме со претресот по Предлогот за донесување на закон.

Според листата, пријавен за дискусија е госпотинот Георгивески Михајло.

Повелете господине Георгиевски, имате збор.

**Михајло Георгиевски:** Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, членови на Владата,

Денеска, пред нас е Предлогот на законот за употреба на знамињата на етничките заедници во Република Македонија. Таков закон е потребен и мислам дека треба да се донесе, бидејќи до сега во државата владееше вистински хаос во однос на употребата на знамињата. Секој си вееше какво сака знаме и никој за ништо не одговараше.

Се знае дека постојат разни видови на знамиња. Прво и основно е државното знаме што ја симболизира државноста и ја одбележува и претставува нејзината територија. Уште на граничниот влез на секоја држава се вее државното знаме, што покажува дека од тоа место па натаму е соодветната држава чие знаме се вее на граничниот јарбол. Потоа, постојат знамиња на општини, установи, политички партии и ред други асоцијации и, се разбира, етничките заедници што е и предмет на законот што овде денес го разгледуваме.

Понудениот закон, како и секоја друга работа има и добри и лоши страни. Добро е што конечно се отвори ова прашање и еве, се стави на хартија. Но, лошо е што овој закон има многу фалинки, небулози, нелогичности и наместо хармоничен и функционален живот, може да доведе до омрази, незадоволства и на крајот целосно да се испроблематизира ова прашање.

Уште на почетокот сакам да нагласам дека законот што овде е понуден од Владата, со некои решенија го надминува Рамковниот договор. Со овој закон се предвидува етничките заедници во општините каде што се мнозинство да можат да го истакнуваат своето знаме и на државните институции. Тоа не е предвидено и содржано во Рамковниот договор. Поради тоа не е добро да се пречекорува овој договор на кој што се повикуваат, особено претставниците на албанската етничка заедница во Република Македонија, бидејќи тоа ќе отвори можности за нови и ред други проширувања на Рамковниот договор.

Освен тоа, не е кажано кое знаме ќе го употребува албанската и турската етничка заедница во Република Македонија и друго.

Во врска со употребата на знамињата на етничките зедници, хералгички експерти од Македонското хералдично здружение се категорични дека знамињата на етникумите треба да бидат различни од државните знамиња на соодветните матични држави. Тоа значи дека знамето на етничките албанци, турци, срби, бошњаци и други во Република Македонија не смее да биде идентично како државното знаме на Албанија, Турција, Србија, Босна или други држави. Или, поточно, еве што се кажува во официјалното соопштение на хералдичките експерти. Ќе цитирам: "Официјалните симболи на етничките заедници треба да бидат сосема различни од симболите на матичните држави или од симболите изведени од симболите на матичните држави, со диференцијација. Овој термин го утврдува хералдичката наука, а тоа значи процес на изменување на одреден симбол, грб или знаме, со цел да се добие хералдички друг симбол. Оттука, албанското знаме може да биде во официјална употреба, но само како диференцијално. А, диференцијација може да се направи со вметнување на лента со жолта боја што е симбол на Република Македонија".

Ова цитирање овде го направив со цел да укажам дека предлагачите на овој закон не ја консултирале науката, а без наука нема ништо длабоко и умно. Без наука се е погрешно и гола импровизација. Нема полза од тоа. Верувајте ми, почитувани дами и господа пратеници.

Во предложениот закон има и други недоследности, како на пример не е утврдено кој го утврдува симболот на етничката заедница, дали некој совет на националните заедници во чии редови би се нашле истакнати научни или културни личности во соодветната заедница или слично? Потоа, димензијата на знамињата и ред други детали што би го направиле законот прифатлив и корисен за сите. Ваков, каков што е предложен овој закон, без научна подлога, за мене и мојата пратеничка група на ЗНП не е прифатлив и предлагаме да биде повлечен и доработен.

Доколку биде прифатен и изгласан ваков закон од парламентарното мнозинство што го сочинуваат во голем број етничките македонци, ќе си нанесат огромна државна и национална штета со далекусежни последици, бидејќи се работи за македонски државен суверенитет и интегритет и национален интерес. И конечно, тоа ќе претставува македонско државно и национално велепредавство, зошто се знае - до каде се вее твоето државно знаме до таму ти е територијата; таму каде што се вее знаме на туѓа држава, таа територија не е твоја. Благодарам на вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Георгиевски.

Господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Јас би почнал со нешто што предизвика голем интерес, тоа е Предлогот за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија со Предлог на закон и ние денеска, или овие денови во текот на расправата ќе треба да го донесеме овој закон, пред тоа не мислејќи што со овој закон донесуваме и како понатаму ќе функционира Република Македонија во кој правец се движиме. Значи, без да имаме предлог за знамиња ние имаме поднесување на закон за употреба на знамиња.

Сега, во нашата јавност, во Република Македонија се подигнаа многу дилеми, се јавија многу стручни работници, се јавија доктори на науки кои имаат нивно видување за целиот овој проблем, што е многу нормално, што ја засега македонската јавност, а ние како пратеници тука сме донесени во ситуација да говориме за овој закон, да кажуваме забелешки по членовите, да видиме дали ова може да биде или не може да биде и на крајот на краиштата тоа е наше лично видување или видување на нашите партии и тука многу тешко ќе дојдеме до она што е заедничко. Затоа што ова е начин што стручните луѓе во државата ќе требаше да седнат и овој закон да биде доставен до нас пратениците, генерално усогласен и со позиција и со опозиција и со сите фактори во Република Македонија кои нешто значат. Така што денеска само ќе имавме еден предлог на закон што ќе го изгласавме.

Но, дилеми премногу, решенија многу малку. Очекувам во текот на оваа расправа, како што и почна расправата, да се извадат многу заклучоци, да се кажат многу вистини. Можеби вистината е една и секогаш е една, но секој од свој агол на гледање на работите може да си каже она што го мисли и она што го сака. Би цитирал нешто од еден наш доктор по правни науки, господинот Јован Донев, затоа што и јас ја имав истата дилема во однос на она што тој, еве ќе го цитирам директно: "Не можам да знам што предлагачите подразбираат под синтагмата етничка заедница? Барем не во овие наши македонски услови. Но, тоа што го знам е дека во сите дефиниции, зад овие зборови се крие група на луѓе - општествена заеница што поседува одредени културни, јазични или историски белези што ја разликуваат од некоја друга заедница. Преведено на наши македонски услови тоа значи дека и албанците и србите и власите и ромите и да не набројувам се уникатни човечки заедници кои не постојат на друго место во светот освен во Република Македонија.

Согласно со оваа глупава логика тоа подразбира и уште нешто, дека таа етничка заедница, бидејќи етничките заедници, ако умните глави во Министерството за правда не знаеле, да им кажам не поседува ниту свест за заедништво, во спротивно ќе се нарекува народ, е толку уникатна, што има потреба од свое посебно знаме".

И, ова до Министерството за правда, тоа што цело време се предлага и се врти пред нас, мислам дека апсолутно и ова што со колегите од Демократскаста унија за интеграција доаѓаме до конфликт и до различни размислувања, а јас останува и понатаму на моето размислување и покрај тоа што нивните заложби и кажувања одат во некои други насоки, сакањето или несакањето на одредени ситуации носи она што ние понатаму ќе треба да го дефинираме сите заедно, а тоа значи донесувањето на овој закон, како што вие предлагате и ги предлагате овие ситуации, мислам дека она што е основното за една држава ние ќе го изгубиме. После тоа не е битно што кој, каде и како ќе вее. Може да вее и како што до сега вее и апсолутно никому ништо да не му фали од главата. А, ако не, повторно ќе го извадиме знамето, ќе повикаме луѓе, ќе ги бараме нашите интереси, интересите, територија и она што кажав, вие не го чувствувате како држава, туку земја Македонија. Земја Македонија и држава Република Македонија е нешто друго. Но дали преводот е лош или такво е вашето чувство.

Но јас ќе кажам нешто друго, каде е Законот за знаме? Ова тука, затоа што има наши колеги кои биле уште во почетокот, во првиот Парламент, кои работеле на оваа проблематика, значи уште во март 1992 година Собранието на Република Македонија распиша јавен анонимен конкурс за идејно и ликовно решение за грб и знаме на Република Македонија.

На конкурсто се пријавија 239 автори со свои трудови. Комисијата одлучи и повика пет автори. Постапката траеше повеќе месеци и години. Се водеа разговори, преговори, полемики, се правеа разни перипетии да во септември 1995 година, а под меѓународен притисок, на предлог на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, тогаш владеачка партија, како и сега, се прифати денес актуелното државно знаме на Република Македонија.

Согласно Законот за локална самоуправа, како и неговата доработка и примена, а во врска со употребата и начинот и користење на симболите на Македонскиот народ и етничките заедници во него и ние Македонскиот народ потребно е да го

институционализираме знамето и да истото го користиме и употребуваме заедно со државното знаме на Република Македонија.

Сега, тука, многу од вас кажаа нешто што апсолутно сте во право дека и вие го чувствувате македонското знаме како ваше, па јас бидејќи имав повеќе полемики со господинот Рафис Алити би го повикал заедно, јас би ја пеел македонската химна во Лерин а вие го кревате македонското знаме, да видиме што ќе ни се случи, со тоа македонско малцинство што ќе биде со нас и што ќе подигнеме знаме на Република Македонија што сигурно вие го почитувате исто како и јас и сигурно го веевте и 2001 година, ќе го веете и 2005 и 2006 година и не знам која понатаму година.

Мислам дека начинот на кој што овој закон некој се обидува да го протурка е многу нерегуларен. Обраќањето на господинот заменик министер,во вчерашното свое обраќање, каде што кажува - Република Македонија, со донесувањето на овој закон уште еднаш, како многу пати до сега ќе потврди дека умее да се издигне над дневно-политичките настани и овој закон не треба да се сфати како нешто што е на штета на државноста и суверенитетот на Република Македонија, бидејќи не е штета на државното знаме, туку секогаш првот ќе се истакнува државното знаме на Република Македонија, а потоа знамето на припадниците на заедниците.

Е сега, господине заменик министре, ако ова точно го прочитав, ако го разбрав, можеби ќе имате потреба да го дообјасните сето ова што го кажавте вчера, јас не знам дали ние ќе треба да бидеме задоволни што прво ќе се подига македонското знаме, после тоа ќе се подига некое друго знаме и се така во круг, бидејќи има и друга теоретска можност за што ќе проговорам малку подоцна, значи може да се вејат и 4 и 5 знамиња и да се подигаат. Но, немате кажано, по овој распоред што тука го кажувате како.

А, во однос на она што значи дневна политика, веќе ми е преку глава од ова што го правите до сега, што сте направиле од 1990 година. И сега господинот Тромбев пак ќе биде изненаден, но во секој случај, веќе имам и докази за она што го говоревме, ќе морам да кажам уште еднаш, затоа што поради такви дневно-политички настани, поради одредени притисоци врз Република Македонија некој се дрзна и осмели да каже дека името на Република Македонија ќе биде променето во рок од наредните два месеци. Од тогаш поминаа 13 години, никој ништо не направи.

Но, во меѓувреме, имаме изјава на еден тогашен министер дека биле во оптек големи пари, се работи за милион долари. Не знаеме каде тие пари завршија. Јавниот обвинител, едноставно е замолчен. Може нема докази, може нема слика или не знае каде заврши таа торба со парите. Но, тука знаеме само едно дека ние и понтаму остануваме Бивша Југословенска Република Македонија и покрај тоа што Југославија повеќе ја нема. Сега има Србија и Црна Гора. Не знам дали во меѓувреме не ќе треба да се преименуваме во Бивша српско-црногорска Република Македонија. Таков предлог уште нема дојдено. Можеби тој, поради дневна политика, поради висока политика и тоа ќе го прифатиме и ќе продолжиме понатаму.

Тука имаме две изјави за кои што апсолутно ништо не се направи. Сега, вие како коалиција на власт, 1994-1998 година го направивте и другиот голем потег за Република Македонија. Со сменивте знамето. Сега тоа знаме и како уставна категорија беше дел од Уставот и за таква промена требаше дозвола од македонскиот народ и граѓаните кои живеат во неа. Дали е тоа така направено, апсолутно се сомневам. Сигурно во некој кабинет, некој цртал како може да изгледа, бидејќи му било потешко шеснаесетокракото сонце да го црта, можеби за децата на училиште, па вака со триаголник, еден круг, направивме едно знаме што сите го прифатија, кој го прифати, мисла повеќето уште и го немаа прифатено, да биде македонско знаме, да биде не знам кој симбол, каков симбол.

Сето тоа го направивме врз основа на притисок од меѓународната заедница или на притисок на една наша соседна земја, Република Грција. Што кажавме тогаш? Исто како за името и за знамето, значи не е дневна политика, сите патишта кон север, кон југ, кон исток, кон запад ќе ни бидат отворени, пристапот до Европската Унија, до НАТО структурите ќе виде отворен, многу брзо ќе влеземе во него и се во таа насока.

И, се случи блокада на сите градници во Република Македонија. Немаше ниту нафта, ниту бензин, немаше апслутно ништо. За проток на луѓе и идеи, да не говорам. Тоа го немаше повеќе време. И, што сега, ништо. Знамето остана, името остана, но ние и сега, во ова што вие го предлагате како закон, кажувате дека во скоро време, овој закон ако биде донесен, ние ќе бидеме поблиску до Европската Унија, до НАТО структурите и апсолутно не знам каде. Значи, ако се вее албанското знаме во Република Македонија ние веднаш влетавме во Европската Унија. Барем да беше Албанија во Европската Унија, да веевме знаме, да речеме еве Албанија е во Европска Унија па и ние ќе вееме. А, во меѓувреме имаме уште еден проблем. Грците, на своето знаме, од другата страна веќе го веат знамето од Куклеш. Само во малку поинаква варијанта, жолто-сина варијанта, еве, во боите на СДС, но ние како држава не интервенираме, не бараме апсолутно ништо, тоа нас не не засега како народ, како луѓе кои имале потреба или немале потреба но го смениле знамето. И сега, уште една ситуација за која што тука не проговорил никој до сега, барем јас не сум слушнал. Ние излеговме на Олимписки игри, покрај едни земји, не би сакал никого да навредам, но како Зеленоордските острови, Фарските острови, Девствените острови, Андора, прошетаа како што прошетаа во нивните национални облеки, со национални знамиња и

гордо беа претставени. Ние како ФИРОМ со олимписки кругови поминавме на таа олимпијада и бевме задоволни дека и Македонија за прв пат учествувала на некои олимписки игри. Па, ние сме биле Македонија, не само овие држави, многу и од нашите соседи, многу и од ЕУ држави кога не постоеле Македонија постоела. Од што се плашиме јас не знам. Мислам дека многу од нашите соседи едноставно и културно и обрзовно и воопшто во развојот на своите држави должат многу на Република Македонија. Ние тоа или не го сфаќаме или не сакаме да си дадеме за право. Значи, уште еднаш ќе прашам, добро кажа господинот Тромбев кој го промени името и кој го промени знамето и зошто? Кои се добивките, кои се придобивките на сето тоа бидејќи се ветуваше големи работи да се случат во Република Македонија. Такви работи сеуште не видов. Ние сме на некоја 24-та врата за влез во ЕУ, Прашалникот е испратен и сега после Прашалникот ќе треба да поминат години и години да видиме што и каде ќе се одвива понатаму.

Во однос на ова што вие го понудивте како Предлог-закон за употреба на знамињата и на заедниците, основните начела врз кои се заснова законот кажувате дека тоа е врз основа на владеењето на правото и на еднаквоста. Јас ќе ве прашам во што се состои неправото и нееднаквоста. Што е тоа што вие го немате, а ви го имате? Мислам дека таква ситуација апсолутно нема.

Со самиот закон во членот 2 вие кажувате "заедниците во Република Македонија заради изразување на својот идентитет и особености имаат право да употребуваат знаме". Под "знаме" во смисла на став 1 на овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености. Тука, се ќе беше добро ако нешто некој може да разбере, но таква работа тука за мене нема. Зошто?

Вие упорно кажувате дека ова треба да биде знаме на заедниците со кое знаме ќе го изразуваат својот идентитет и особености. Кој ќе се состане од вас, дали имате концензус прво и дали тоа знаме треба сите ние да го видиме како Парламент и да донесеме одлука дали е тоа знамето кое што треба да се вее во Република Македонија. Кој е тој, дали се тоа оние луѓе кои што ги запираа органите на Министерството за внатрешни работи и преговараа три-четири дена дали може да влезе или не во некое село во Западна Македонија, дали сте тоа вие кои го поведовте народот 2001 година и ги баравте тогаш човечките права, а после териториите на Република Македонија, дали е тоа опозицијата која што сега ја нема тука, или не знам кој? Еднаш треба да дефинираме со кого и за што треба да говориме и дали треба да говориме само за Македонците од албанско етничко потекло или треба да говориме за сите други кои што живеат во Република Македонија, Турци, Срби, Бошњаци, Роми и останати. Дали треба да ги дефинираме сите работи еднаш за секогаш и да знаеме на каде се движи Република Македонија, дали се движи кон бинационалност, или се движи кон она што вие го кажувате етнички заедници?

Македонскиот народ го задржал своето право на суверенитет и оваа држава е Република Македонија. Но, вие господа имате еден голем проблем. За време на 2001 година и сите оние проблеми кои што се јавуваа пред тоа вие се повикувавте и голем дел од вас во вашите биографии гледаме дека завршиле на Косово. Значи, многу малку од вас биле во Албанија и сега се случува парадоксот. Вие кажувате тука дека сте автохтон народ, но автохтон народ кој бил 5 или 7%, сега сте 25, утре ќе бидете 45 и дали правото на тој начин треба да се реализира со проценти. Ако правото го реализираме со проценти дајте уште сега да се договориме и да кажеме кога ќе стигнете до 30% ќе имате уште толку право. До 35% уште толку право. Ако правото некаде во светот се зема со проценти тогаш секоја држава во светот има големи проблеми. Значи, најголемата демократска држава во светот, посебно државата Тексас не веат никаде мексиканско знаме, можеби се таму 50 или 70%. Можеби, и се вее сигурно независен Тексас, но тоа е државата Тексас, а не државата Мексико во која што сите тие се Мексиканци. Значи, прво ова што вие го кажувате треба да бидете Македонци од албанско етничко потекло, а се е после тоа прашање на договор како понатаму ќе се одвиваат работите.

И најголемиот проблем. Ако вие нон стоп кажувате дека не можете никако да се одрекнете од националниот симбол на Албанија сега се јавува проблем како во Косово каде што вие сте завршиле, сте биле и сега сеуште функционирате, како може тие луѓе таму да се одрекнат од ова знаме на Албанија и сега да бараат посебно државно знаме на Република Косово. Тоа некој треба да стане од вас и да ни го објасни. Дали ова знаме со двоглавиот орел треба да биде се додека се чувствувате дека сте во Македонија и до оној момент кога треба дел од Македонија или цела Македонија повторно да барате државно знаме кое што ќе го претставува вашиот автохтон настап во Република Македонија и ќе побарате нешто за кое што досега апсолтно не сте проговориле. Мислам дека веќе кога носиме вакви уредби треба да го ставиме и тоа.

Во моментот низ Република Македонија, посебно во тие делови кои што беа зафатени, како што кажувате, од конфликтот на граѓанската војна, или не знам како вие сами ја крстивте се вејат знамиња и по 15 метри, од една улица преку друга улица и апсолутно никаков проблем нема, или некој мисли дека нема и тоа функционира. Но, што кажува членот 2 "заедниците на Република Македонија имаат право да изберат и употребуваат знаме за изразување на својот идентитет и особености". Но, ова право не смее да се изразува преку употреба на знаме на туѓа

држава бидејќи се доведува во прашање суверенитетот на државата, кој според Уставот е неделив, неотуѓив и непреносив.

Сега, за што вие говорите, за второто или за првото? Дали со ова што сакаме да го поминеме овој закон доведен е во прашање суверенитетот, интегритетот и што понатаму?

Значи, со овој закон ние апсолутно нема да воспоставиме ред во користењето на знамињата на заедниците, туку напротив ќе се легализира употребата на знаме на туѓа држава, а со тоа и создавање на бинационална држава. Тоа ниту во Охридскиот договор, ниту во Уставот, ниту во било кој устав на Република Македонија што ќе следи после ова не смее никој да го дозвли, затоа што сепак ние должиме нешто кон нашите предци и на нашите поколенија она што ќе го оставиме. Ако сме ние тие што треба да пресечат и да прекршат, мислам дека тука е најглемиот проблем и тоа јас лично не ќе сакам да го направам.

Предложената одредба во членот 4 не е во согласност со точката 7 "изразување на идентитет во кој е утврдено дека во однос на симболите непосредно до симболот на Република Македонија локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои се обележува идентитетот на единицата која што е во мнозинство во општината со почитување на меѓународните правила и примени.

Значи, тука доаѓаме до онаа ситуација што пред малку говоревме, апсолутно некоректно затоа што според мене и во објектите на тие општински згради не би требало да се веат двете знамиња. Доволно е тоа што ќе се постави пред објектот, но претходно ова што го кажа дека ќе мора да дојдеме во ситуација да знаеме што е знамето на овие етнички задници и кое е тоа знаме.

Во однос на членот 5 став 2 каде што се кажува како и во кои услови ќе се веат знамињата на Република Македонија, ставот 2 кажува "во денови на празници на заедниците". Мислам дека тука е пропуштено нешто, затоа што во претходниот став многу убаво стои "во денови на државни и други празници на Република Македонија утврдени со закон", а во вториот став нема апсолутн ништо утврдено со закон. Значи секој може во секој момент да каже денес на овој датум Скендер Бег бил во Гостивар и ние ќе славиме, ќе ги извадиме сите знамиња, нема проблем, ќе треба да повикаме историчари, доктори на науки за да ни објаснуваат дали тој бил, дали е тоа толку значаен датум за Македонците од албанско етничко потекло во Македонија или не е толку значаен, па дали ќе се веат или нема да се веат знамињата. Значи, во денови на празници на заедниците утврдено со закон. Тоа е пропуштено, намерно или случајно, во секој случај предлагам тука да се вклучи.

Во ставот 4 вели: "при пречек и при испраќање на претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија".

Господо, едно време живееше Јосип Броз Тито и кога доаѓаше во нашите места беше празник, или Службата за државна безбедност еден месец работеше пред да дојде господинот Тито затоа што заради безбедносни мерки сите ние бевме ангажирани тогаш како деца, после како младинци, но во секој случај претставуваше некој настан и тоа се случуваше еднаш на пет, шест или седум години. Сегашната Влада и сегашната држава Република Македонија во која што ние секој ден доаѓаме од едниот на другиот крај на државата, а министрите, претседателот и премиерот секој ден во еден круг можат да ја поминат цела Македонија, тогаш секој ден низ Република Македонија треба да се веат секаде овие знамиња во чест на посетата на претседателот, на премиерот, на министрите од ДУИ, од СДСМ и уште не знам таму кои се се министри и нон стоп треба знамиња да се веат низ државата, затоа што некој некаде ќе посетел некого. Мислам ова комплетно како став треба да отпадне затоа што официјалните посети се едно, а ова сега што се случува и читаме по весниците тоа е нешто сосема друго.

Во членот 6, јас како секогаш кога се работи за закони и сега ќе побарам можеби и практично некој да ми објасни, во членот 6 во став 1 вели: "при меѓународни средби, натпревари и други собири, политички, научни, културни, уметнички, спортски и други во единицата на локалната самоуправа која е организатор учествува или е презентирана во согласност со правилата и практиката на одржување на тие собири". Значи, може да се истакне знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница. Едно конкретно прашање. Дали доколку тој натпревар, како што се играа повеќе натпревари со Република Албанија и тоа се играа во Тетово имаме три знамиња и тоа едното, средното на Република Македонија, две метра десно знамето кое што сега ако го усвоите повторно знамето на Република Македонија кое што ќе ги претставува Македонците од албанско етничко потекло во Македонија и два метра лево албанското знаме на репрезентацијата на Албанија. Значи, ќе имаме две албански знамиња, на средина македонското знаме и тоа ќе биде меѓународен натпревар во Република Македонија. Секој ќе се прашува дали е судијата од Албанија, ако се погоди и тој од албанско етничко потекло ќе треба да ставиме уште едно знаме и ќе станат три знамиња албански едно македонско. Таа е едната варијанта.

Втората варијанта е воопшто да не се вее македонското знаме, како што се случи на последниот натпревар во Тетово. Досега имав пратеничко прашање и воопшто министерот и премиерот Бучковски не ми одговориле што тогаш и како тогаш освен она големо знаме од 30 метра балисти апсолутно ниеден симбол на меѓународен натпревар одигран меѓу Македонија и Албанија. Што беше приината сеуште не

разбравме, можеби во догледно време некој ќе донесе информација и ќе каже.

Што господо од ДУИ за финалето на купот на Република Македонија каде што македонската химна е исвиркана, каде што македонското знаме повторно е слезено од јарболот, а во меѓувреме истакнато албанското знаме. Повторно Министерството за внатрешни работи нема одговор, не знае кои беа тие луѓе, беа многу, беа малку, некогаш кога сака многу брзо луѓето се донесуваат пред лицето на правдата, понекогаш правдата ги одминува и сега треба да се прашаме дали треба да бидеме некаде или пак треба да сме некој за да бидеме амнестирани.

Значи, за овие две рабти кои што се случени во република Македонија апсолутно немаме договор. Што понатаму вие нудите со овој закон исто така не кажувате, може да се случи и нешто полошо од ова што сега го кажува.

Во членот 7, каде што кажувате "има право да го употребува во приватниот живот и при одржување на културни, спортски и други приредби". Приватниот живот е многу лична работа, така да приватниот живот јас можам секогаш, на било која слава дома тоа знаме да го веам во мојата куќа, но јас ќе запрашам една друга работа. Дали вие господине заменик министер и вашето Министерство со овој закон ги регулирате правата на останатите знамиња кои што се веат во Република Македонија? Значи, во моментот на такви приватни веселби или слави има можност и тоа генерално се случува можеби секоја недела да се вее американското знаме, да се веат знамиња од ЕУ, да се вее грчкото знаме и сега дали има и дали постои во моментот начин за санкционирање, за веење на тие знамиња или тоа е дозволено и треба да се веат. Тоа апсолутно со овој закон, а ниту претходните не го регистрирате и не го регулирате, затоа што за мене непримерно е да излезе некој со македонско знаме, со знаме на партијата и зад него уште пет други знамиња, некој бил во Швајцарија па го извадил швајцарското знаме, некој земал пензија од Белгија па ќе го извади белгијанското и тука ќе дојдеме во ситуација секој да прави она што мисли дека треба да прави, а ниту може некој да го санкционира, ниту пак вие давате права и насоки како кој да се движи во таа насока.

Во членот 8 каде што кажувате кои и како ќе се наредат знамињата, за кои што пред малку зборев вели: "кога се истакнати повеќе од три знамиња знамето на Република Македонија ќе биде прво во ред". Јас уште еднаш ќе ве запрашам. Теоретски постои можност во една општина да имаме четири или пет етнички заедници со од прилика 20% население, што тогаш ќе се случи? Дали ќе има четири, пет знамиња заедно со македонското знаме, па не ќе има место тие што ќе додјат некогаш во посета на такви места да ги поставиме и нивните знамиња ако биде така, ако не не знам.

Мислам дека генерално вие мора да се договорите и да донесете пред нас пратениците закон за знамиња. Додека не се донесе таков закон во тој закон каде што ќе можеме ние да видиме, а пред тоа да ја вклучиме цела стручна јавност да не стануваме ние пратениците да кажуваме како треба и што треба, затоа што Охридскиот договор и ова што го кажувате дневните настани веќе во овие три години ни дојдоа преку глава, затоа што ние цело време се обидуваме, вие се обидувате да ни кажете дека тоа е од Охридскиот договор, а кога почнува да се чита Охридскиот договор испаѓа дека не е од Охридскиот договор, но може да биде и ќе го вклучите универзитетот, сега ќе вклучите не знам кое министерство, ќе побарате помош од ЕУ која што ќе ни каже, или Америка ќе не признае пред референдум и тука ќе заврши приказната. Тука е нашиот најголем проблем. Дали постои можност пред да донесеме ваков закон за употреба кога ние прво не ги знаеме знамињата кои што ќе се веат. Значи, тука треба да добиеме потврда од господата од Македонци од турска етничка националност, од господата од албанска етничка националност и сите оние граѓани кои што живеат во Република Македонија се чувствуваат нешто подруго од македонскиот народ. Значи, прво треба да ги знаеме тие знамиња и дали со овој закон вие потврдувате дека Република Македонија се движи кон бинационална држава. Ако таа е целта на овој закон што го носите мислам дека се движиме во погрешна насока и тоа не е ниту целта на Охридскиот договор ниту сите потпишувања и договори кои што биле таму и сите членови кои што се изменети апсолутно не го бараат и не го прават ова што вие го правите.

Значи, истото се обидовме да ви го кажеме за Тетовскиот универзитет, говоревме тука повеќе од две недели, прво почнавте со истата теза, па го повративте законот, па повторно го вративте, сега не е врз основа на Охридскиот договор, сега е врз основа на дневно политичките настани и слабеењето на коалицијата СДСМ ДУИ, како што се случува и сега, значи со уцена од ДУИ кон СДСМ, ние сите треба овде да бидеме заложници да донесуваме закони, кои што ќе ја одржат таа коалиција на власт, затоа што, ако ја нема неа, тогаш тешко на граѓаните на Република Македонија. Но вака како што владее е тешко на граѓаните на Република Македонија. Но тешко нив, ако продолжи вака да се владее, затоа што поминаа три години, а вие уште се расправатет за 2002 за 2001, но граѓаните стигнаа на дното. 2001 им беше добра, сега незнам во која година сме назад од омнибусот и дајте почнете да работите што е во интерес на граќаните на Република Македонија, дајте, свртете се кон економијата, дајте да донесеме некои закони, кои што ќе донесат нешто, а не договори во четири очи, туку нешто што ќе почне да работи, да врти, освен овие  самопослуги што почнуваат да се градат низ државата, туку нешто, што ќе обезбеди она што го ветивте, 200 илјади вработувања од кои не сте почнати ни со буквата д) а не за 200 илјади.

Затоа, овие работи мислам додека не се средат, додека не донесете правилни закони за знамињата, во однос на она што треба Република Македонија да го има и еднаш да знаеме, тука никаде не стои дека македонското знаме треба да е тоа што ќе ја претставува државата. А вие господине заменик министер ако мислите дека ние ќе бидеме секаде каде што ќе се крева прво македонското знаме, а после другото знаме се лажете и ако тоа некој треба да го прави среќен, апсолутно, не не прави среќни.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафис Алити повелете имате три минути реплика.

**Рафис Алити:** Почитувани пратеници, почитуван претседател на Собранието навистина господинот Мавровски како и секогаш знае, тоа што кажува и народот да ги меша "баби и жаби" и неговата дискусија и денеска беше во тој стил.

Господине Мавровски, нешто треба вие, меѓутоа, и пошироката македонска јавност да знае дека Албанците и албанската држава се единствени на Балканот кои го признаваат јазикот на македонските народи и територијата на Македонија. Така да од тие приказни што вие ги кажувате за добивање на политички поени не држат.

Што се однесува на Албанците сигурно ви е јасно дека со Уставот на Република Македонија Албанците се дел од албанскиот народ. Таму има запирка, има свој значај и сигурно вам ви е јасно, меѓутоа, сакате да ги мешате овие работи. И вие и некои други велите Македонци со албанско потекло. Се поставува тогаш прашањето, кои се тие Македонци и кои се тие Албанци? Кој од каде има потекло. А што се однесува на Албанците, Албанците го знаат своето потекло. Имаат потекло од Илирите и за оваа работа вие сигурно можете да се консултирате со историјата и ќе најдете многу податоци во оваа насока. Доколку се повикувате на античка Македонија, нешто што секогаш го првите тука, тогаш треба да ви биде јасно дека тоа време овдека живееле и племето на Дарданите. Покрај другите живеело едно илирско племе. Доколку се повикувате на нешто друго, тоа е ваша работа да ги политизирате овие работи.

Што се однесува на знамето, на албанското знаме, ние неколку пати сме рекле и ќе ви кажеме дека тоа е наше национално знаме и со Уставот на Република Албанија се регулира ова на тој начин што таму има посебен член, каде што се вели дека тоа е национално знаме на сите Албанци. И за оваа работа може да се консултирате со Уставот на Албанија и ќе видите дека оваа работа е така уредена. Меѓутоа, ќе ви поставам прашање. Зошто знамето со орелот не ви сметаше вам и на другите пред вас во текот на војните кои се одвиваа против отоманската имтерија, зошто не ви сметаше албанското знаме во текот на Втората светска војна што се одвиваше против нацизмот и така натаму. Туку денес некому му смета кобајаги за прв пат ова знаме во Република Македонија се идентификува или ја прави својата историја нешто што не е вистина.

Господине Мавровски не е добро ниту вие, ниту опозицијата, ниту другите кои што како вас размислуваат.

**Љупчо Јордановски:** Имаат други реплики ќе продолжат за тоа.

Господине Мавровски имате една минута контра реплика?

Повелете.

**Спиро Мавровски:** Дури сега измешавте и "баби и жаби". Незнам јас знамето со орелот кој го вееше за време на Втората светска војна. Вие излеговте дека и Џемо и сите балисти дека беа против нацизмот и ќе дојдеме во некоја ситуација да незнам што да мислам двоглавиот орел каде и што се веел до сега. А немам намера да го консултирам Уставот на Албанија, затоа што вие кажувате дека сте дел и сте граѓани на Република Македонија. Ве прашав како автохтон народ, она што го кажувате дека сте долго време тука, проблемот не е со оние што се автохтони во Република Македонија, туку проблемот е, механичкиот прилив кој од 7% ве направи 25%. За тоа никој не сака да говори. Тоа не е проблем ниту на Охридскиот договор, ниту на ова што вие сакате сега да го кажувате.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рустеми имате три минути реплика.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседател,

Господине Спиро Мавровски во вашиот говор вие дадовте неколку тези кои што ја зголемуваат тензијата меѓу етничките заедници и вие често пати во текот на вашиот говор спомнувате Македонци со албанско потеко. Бидете убедени дека навистина ги навредувате сите Албанци во Македонија. Јас еднаш во врска со ова се изразив во македонскиот парламент. Реков дека ние не сме Албанци со македонско потекло, или пак обратното. И ние знаеме да навредуваме други етнички заедници, но ова не го правиме и никогаш нема да го направиме. Од вашиот говор рековте дека вие, односно ние, треба да го пронајдеме албанското знаме. Албанците господине Мавровски, не го избираат своето знаме на конкурс. Албанците го имаат своето знаме пред 550 години. И тоа е симбол на Албанците. Велите дека каде ќе биде суверенитетот на Република Македонија доколку се вее албанското знаме, односно знамето на Република Албанија. Господине Мавровски и јас и вие сме сведоци дека пред овој дом во државата која што се викаше Југославија каде што живеевте и јас и вие имаше 5 јарболи. На еден од тие јарболи се вееше и албанското знаме. Во тоа време албанското знаме се вееше во цела Југославија и воопшто не беше загрозен суверенитот на таа држава. Во вашиот говор господине Мавровски спомнувате дека вие сте завршиле на Косово и Албанија. Да, јас дипломирав во Тирана. Зошто не прашувате

зошто вие бевте во Тирана. Токму поради тие дискриминации што беа тука. Зошто не прашувате зошто Македонците одат денес да сстудираат во Бугарија. Ние ве прашуваме, а зошто вие не поставувате една такво прашање. Зошто не поставувате прашање зошто одат да студираат во Италија, во Германија. Ова се тези господине Мавровски кои што вие посакувате да ги потцените Албанците во Република Македонија. Но, бидете убедени дека вие никој ништо не сте и не можете да го потцените и да го навредите албанскиот народ во Република Македонија.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дури и преку слушалките беше многу силно. Господине Рустеми. Може и потивко.

**Спиро Мавровски:** Добро, ние сме народни пратеници и кој од каде доаѓа и кој како е, вие се обидовте да навредите, останувам на она што јас го кажав и тоа апсолутно нема да го променам, а кога говориме за тензија, вие си дозволивте да направите војна 2001 година во Македонија и тоа за вас е многу нормално и така треба да се одвиваат работите, но ако некој ви каже вербално, тоа е голем проблем во Република Македонија и тоа прави големи проблеми и понатаму ќе ги прави.

За државата во која јас и вие живеевме во СФРЈ и тој суверенитет за кој што вие говорите, токму вие бевте 1991 година што направивте инциденти со кој го рушевте суверенитетот на таа држава. А како заврши суверенитетот после 1991 година. Затоа што и оваа држава ако сакаме на тие принципи братство и единство .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Хусеини. Имате три минути реплика.

**Хусеини Хусеинџеват:** Јас сметам дека дискусијта не беше добронамерна за граѓаните и за утрешнината на Македонија. Влева недоверба, влева многу скепса и целта е токму тоа што велите вие дека не сме во Европската заедница. Вие со такви ставови спречувате да бидеме што побрзо во ЕУ. Вие инсистирате на етнички суверенитет. Нема господине етнички суверенитет. Има државен суверенитет што извира од граѓаните, од сите граѓани што живеат во Македонија. Ова нека ви биде јасно и кога ќе ви биде јасно, нам на сите ќе ни биде полесно. Јас знам дека ете како опозиција се борите за гласови, за ова, за она, но мислам и на тие што им се упатени овие гласови веќе не вредат ништо, бидејќи граѓаните се многу свесни за европските трендови, за трендовите на глобализацијата итн. Вие ме потсетувате, сакајќи да бидете полубог на македонштината , ме потсетувате на една случка. Некој антички граѓанин изнакажал куп лаѓи за тоа дека живеел на Олимп и знаел како живет боговите и така натаму. На крајот еден го прашал со што се хранат боговите? Тој им рекол, тие се хранат со нашето незнаење. Вие не сте таков бог и народот знае многу повеќе од вас. Да ги оставиме тие работи што не делат. Законот работи кон тоа да придобие лојални граѓани, законот не зема ништо од македонскиот етникум, ниту позајмува, ниту зема, ниту им забранува нешто. Законот дава некои природни права на една заедница што не ги имала досега. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Хусеини.

Имате една минута реплика господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Вака господине Хусеини. Јас не сум бил ниту на Олимп, ниту сум бил со боговите, но јас сум со граѓаните. Тие исто ќе ве прашат со што да се хранат. Ако гледлате покрај вас, или пред вас, ако гледате оние канти за ѓубре, можете да видите могу повеќе, што вие сакате со овој закон да сте станале лојални граѓани на Република Македонија. Што треба тоа да значи. Зарем досега не сте биле лојални граѓани! Или сте ги имале правата за кои што заедно со вашето чувство како граѓани на Република Македонија, што вие сте направиле за овие други граѓани во соседните држави каде што велите дека се она што е државно произлегува од правата на граѓаните. Каде се правата на граѓаните во Албанија, во Грција, во Бугарија, во Србија и во останатите држави. Дали тоа вас воопшто не ве интересира, или сега вие кажувате за некој што сакал да добие поени. Поените нека останат за вас. Само кажете им на тие што ги поведовте.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете госпоѓа Којзеклиска, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, дами и господа пратеници имам едно мало предупредување пред да го започнам мојот говор. Значи овој говор може да предизвика непријатни оштетувања на лицата кои имаат нежен слух, така да тие кои сакаат да ме слушаат, а се разбира во врска со законот е, а имаат потврд слух можат да ме слушаат, а другите со понежен слух, можат слободно да излезат од салата.

**Љупчо Јордановски:** Ако е проблемот само со слухот, сите ќе ве слушаме. Да не е нешто друго можеби.

**Марија Којзеклиска:** Слухот е во прашање. Значи, предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон.

Една од првите дигресии, како што вели пртседателот на Собранието Љупчо Јордановски, постои еден стар македонски израз кој вели: "да се ненамло усул". Ова ми се чини дека е еден од најпогодните начини да ја започнам мојата дискусија во врска со тој очаен, брзопотезно направен, недоветен, и крајно понижувачки предлог за донесување на закон за употреба на знамињата.

Оваа парламентрна дебата, како и многу претходни дебати секогаш се пробен балон за некои идни размислувања на одредени луѓе и сега после оваа дебата ние пратениците ќе го нападнеме, ама не со оружје, со амандмани овој закон за употреба на знамињата со голем прашалник ако може некој од овие амандмани да бидат усвоени од страна на пртставникот на Владата. Не знам веќе почитувани колеги кому и што да верувам, да и верувам на владеачката коалиција на Владата дека ќе стори нешто драматично, драстично, ако прифати некои суштински амандмани, искрено, тешко да поверувам. Да верувам на колегите пратеници од СДСМ и ЛДП дека ќе сторат над човечки напори да не го изглалсаат овој закон и тоа ми е исто така тешко да поверувам. Значи, горе високо, доле длабоко и сега снаоѓајсе ти во една ваква ситуација. Ни преостанува само да се надевам дека некој од моите амандмани ќе ги прифати парламентарното мнозинство, посебно потенцирам СДСМ и ЛДП и на тој начин, најбезболен за нив да се измени текстот на овој лош Предлог на закон. Од каде да почнам почитувани колеги, работата е за плачење. Дали од последниот член дали од првиот член работата е човек да плаче и да реди. Потребата за донесување на овој закон, ако се земе предвид амандманот 8 со кој се менува членот 48 од Уставот укажува дека можеби има потреба од донесување на овој закон за употреба на симболите. Значи може. Тоа не значи, значи мора. Само може. Проблематично е нешто друго. Барањата на албанската заедница дефинитивно мора да бидат со секој закон јасно прецизирани, јасно дефинирани за да може после истите тие во форма на закони да ги однесат таму каде што треба, најмногу на нивниот електорат за да покажат демек, ние многу се трудиме горе во Парламентот де да донесеме закон за знамињата, де за територијална организација на државата, па ќе дојде и јазикот, ама јас не верувам дека и албанскиот народ, Албанците кои живеат во Република Македонија, веќе, или се уште, веруваат на оваа политичка елита која ги претставува во Парламентарното мнозинство.

Колку и да сакаат колегите да ме разубедуваат од ДУИ, тешко можат да ме убедат и тоа посебно се изразува во членовите во Глава 2, употреба на знамињата 4, 5, 6, 7 и 8. Затоа и се бара ваков закон, но откако почна законот да минува низ различните собраниски комисии, излезе на површина една друга работа. Имено, скоро нема партија која постои во овој Парламент, а која не поднесе амандмани на овој Предлог на закон. Тука се и СДСМ и ЛДП, ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ, ВМРО-Народна, Либералната партија, сите присутни политички партии поднесоа амандмани. Овие последниве што ги кажав се опозиција во Парламентот и логички е на ваков лош закон да поднесуваат амандмани, ама исто така сум сигурна дека и другите се сеуште владеачко мнозинство или парламентарно мнозинство како во Парламентот, така и во Владата. Па, сега се прашувам кој го напиша ваков Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците. Каков стручњак е тој што вади вакви големи мисли од малиот мозок. Знам дека го предлага Владата на Република Македонија која е составена од СДСМ, ЛДП и ДУИ, ама кога на Предлог на закон на сопствената Влада, парламентарното мнозинство дава амандмани, може да значи само едно, овој закон ама ич не го бива или поточно дајте друг закон. Колку и да ми кажуваат колегите пратеници од парламентарното мнозинство дека имаат право, демократско право, затоа што во нивната партија многу демократија има, имаат право да поднесуваат амандмани на предлозите на законите, па и на овој закон во старт да им кажам дека не верувам со тоа образложение мене ќе ме убедат, затоа што и самите тие не се убедени дека овој предлог за донесување на закон со Предлог на закон е добар и ќе ги постигне ефектите, кои од петни жили колегите од ДУИ се трудат да ни ги објаснат. Искрено да ви кажам мене водата ми дојде преку нос. Мене малку од поодамна ми е дојдена, ама и на почитуванит еколеги од владеачкото мнозинство, највероватно, сватија, тука конкретно се однесува на СДСМ и на ЛД, дека ако продолжат вака, сите заедно ќе се удавиме во таа вода.

Кај членот 2 од Предлогот на законот посебно ме инспирира за да прашам нешто. Дали припадниците на заедницата што не се мнозинство во Република Македонија на нив, дали нешто не им е дозволено да прават во нивната родна држава, Република Македонија. Дали некое право на нив им е ускратено. Дали тие немаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на заедницата и да си ги употребуваат симболите на својата заедница. Јас за такво нештоне знам, а вие сигурно ќе исчепкате нешто и ќе најдете дека немате право, па ќе морате да одите дури во Тирана да студирате. Но, знам дека некои колеги од заедниците, посебно од албанската заедница заборааат дека живеат во Република Македонија и дека таа држава не може да биде друга држава, освен Република Македонија. Не сум видела, колеги, никаде во свет толку да не си ја сака сопствената земја. Е, сопствена држава. Никаде во свет не сум видела дека некој толку се мрази, па мораме знаме дури од Албанија да носиме за да можеме да го развееме тука тоа знаме.

Уште еднаш ќе повторам и точно е.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, вие навистина не се шегувавте дека ќе бидете гласни, но јас сум на половина метар зад вас, а пратениците се подалеку.

**Марија Којзеклиска:** Е, па сега, претседателе, ставете си слушалки, што да ви кажам таков ми е гласот.

**Љупчо Јордановски:** Пратениците се подалеку и ве молам потивко. Ќе барам оштета.

**Марија Којзеклиска:** Значи, јас предупредив на почетокот, лицата со нежен слух да не ме слушаат.

**Љупчо Јордановски:** Видете да ви кажам и оној што не го знае законот одговара, а тоа е негов проблем што не го знае законот и има такво правило. Според тоа, вашето предупредување не значи ништо ако се оштети слухот.

**Марија Којзеклиска:** Да му го објаснам на тој што не го знае законот.

Точно е, вие сте албанци ама живеете во Република Македонија. И Република Македонија не може да биде, уште еднаш да кажам, друга држава, само Република Македонија. Не можете, колку и да сакате да се трудите да ја направите да биде друга држава. Какви законски проекти сега да ни измислите, тоа ќе си остане така. Не навлегувам во суверенитет, интегритет, вие изгледа доволно знаете за тоа, меѓутоа и јас не сум бес искуство во тој дел. Јас сметам, почитувани колеги припадници на ДУИ, претставници на еден дел кој живее во Република Македонија, одредено население веќе еднаш да почнете да размислувате за сите албанци што живеат во Република Македонија, иако сметате дека размислувате за сите, тоа не е така. Да размислувате за сите македонци кои живеат во Република Македонија, сите турци, срби, власи, бошњаци, сите сограѓани и да почнете да размислувате како граѓани на Република Македонија на која и мислите добро, ако воопшто и мислите добро.

Некој вчера го потегна прашањето за знамето на македонците кои живеат во Албанија, па да ве прашам нешто. Дали, до колку вас ве прашаат, ќе дозволите знамето на Република Македонија да биде знаме на македонците во Албанија. Само немојте да ми кажете дека тоа е странска држава, дека немате право и не сакате да се мешате и да мешате политика, затоа што доволно таа политика на таа држава е вмешана во оваа држава.

Суштинско прашање, според мене почитувани колеги е следново. Дали сите припадници на заедниците во Република Македонија ги почитуваат одредбите од постојниот и важечкиот закон за грб, химна и знаме. Всушност, колку што јас можев да се уверам до сега, посебно од припадниците на албанската заедница тие апсолутно тврдам дека не го почитуваат достојниот и важечки закон за грб, знаме и химна на Република Македонија. Еве и пример. На сите митинзи, на сите прослави кои се случуваат во единиците на локалната самоуправа каде припадници на заедниците кои се најмалку 20%, се мисли на албанската заедница, се вее само албанското знаме, како митинзите да се одржуваат во Албанија, не да се одржуваат во Република Македонија. Никој не може да ме убеди и уште сто коминикеа да ми напише лицето А.А. или колегата Али Ахмети дека ќе се почитуваат одредбите на овој закон кој што вие, почитувани колеги, го тврдите цело време, а посебно не одредбите е утврдено задолжително истакнување на знамето на Република Македонија.

Членот 3 од Предлогот за донесување на закон, всушност и членот 2 и 3, тука се е испомешано со оглед на потребите за што мора да се донесе овој закон "согласно меѓународните правила и норми и нивната примена во една држава етничките заедници можат да ги користат симболите, меѓу кои и знаме, но кое не може да биде знаме на друга држава". Кај нас во Република Македонија се е обрнато, се е наопаку кај нас. Кај нас со овој закон се дозволува државно знаме да биде вклучено како знаме кое ќе биде официјално истакнато на јарболите пред единиците на локална самоуправа, пред државни објекти и јавни установи, особено од општината, државата и т.н.

Често колегите од ДУИ се повикуваат за што побрз влез во Европската унија како без овој закон и без другите закони кои нив им одговараат, ние никако нема да влеземе во Европската унија, меѓутоа, еве и некој друг отишол таму на Запад, не сте само вие. При посетата на градските куќи во Копенхаген и Малме јас освен државното знаме на Данска и на Шветска, искрено да ви кажам јас друго знаме не видов таму. Оваа наша парламентарна дебата, ако може така да парафразирам, втора дигресија претседателе, ни изгледа вака.

**Љупчо Јордановски:** Вие немате право да ги определувате дигресиите, јас ги определувам.

Повелете.

**Марија Којзеклиска:** Јас си го земам тоа право, јас да ја кажам, бидејќи таа ми е последна, друга и немам дигресија.

**Љупчо Јордановски:** Тогаш, ова е трета дигресија.

**Марија Којзеклиска:** Добро, трета.

Ако имитираме било која воспитувачка во некоја детска градинка при нејзиниот воспитно-образовен процес, а кој се однесува на употребата на знамињата на дечињата да им објасниме, како, што и кое знаме ќе биде, конверзацијата би била вака. Драги дечиња, што се бара со овој закон? Воспитачката сега вели: со овој закон ние бараме да го развееме албанското знаме секаде каде што можеме да го развееме и каде што не можеме и да ја одбележиме, дечиња, федерализацијата во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, со закон е забрането децата да се користат за употреба за политички причини. Ова е политички говор и вие ги злоупотребувате правата на децата.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам на предупредувањето, претседателе, меѓутоа, ова е процес, ова е воспитно-образовен процес.

**Љупчо Јордановски:** Ова е политички настап, ве молам, децата на страна.

**Марија Којзеклиска:** Јас искрено да викажам, колеги, не знам со каква душа и со какво срце ќе

го сторите сето тоа после се она што вам ви се даде. И, се прашувам, дали вреди моите зборови да ги трошам на неразбрани луѓе, да се расправам со претседателот на Собранието дали е злоупотреба на правата, дали е втора дигресија, дали е трета дигресија, не знам што магија им фрливте на СДСМ и на ЛДП, па секоја желба ви ја исполнуваат како да се тие златна рипка. Нам останатите смртници, најверојатно, ни останува на овие коалициони партнери да им направиме нешто, да им побаеме малку од уплав, да ја извлечеме таа клетва што сте ја фрлиле и да им го исчистиме умот од нечисти мисли. Друг начин не гледам.

Од членот 1 до членот 6 во овој Предлог за донесување на закон и некој од колегите вчера кажа дека Владата тука ни удира четки и сака да не убеди дека така ќе си функционира како што напишале. Дури и заменик минситерот во неговото исцрпно излагање од 10 минути често пати го спомнуваше тоа дека дос ега било што било, но од сега кога ќе ни тргне поставувњето на знамињата на Република Македонија на сите институции, каде ќе ни биде крајот. За да не употребам, ако го гледам членот 7, да не употребам многу вулгарен збор, па ќе кажам, врв на несериозноста е амандманот од колегата Назми Бекири, кој бара во приватниот живот да се внесе и "научно образовни потреби". Членот 7 се однесува на употреба на знамињата на заедниците во приватниот живот. Вака предложениот амандман, би сакала да го прашам колегата Бекири, дали смета дека со нас останатите нешто не е во ред, дека ние си имаме проблеми, дали ни ги тренира нервите и се зафркава со нас. Во приватен живот научно-образовни потреби, не знам дека постојат. Не знам каде постојат такви во приватниот живот. Научни, па и образовни потреби.

Е, за ова и за ваквиот третман, кој ние како мнозинство го добиваме од малцинството, ви зборував и претходно, и претходно, и претходно и последните три години и ова мене, ќе повторам, ми личи на приказна за лудиот и збунетиот. Но, сакам од Владата да ми дефинира кој сум јас, кои сме ние, како мнозинство, дали сме луди, дали сме збунети. Без прецизна дефиниција ние не можеме да функционираме во оваа држава. Мора за се прецизно да се знае, запирка, точка, извичник и да се толкува значењето на тие интерпукциски знаци. Сериозно, овој закон е можеби е една од последните бариери со кои се брани федерализацијата, се браниме од федерализацијата на Република Македонија, од ваквите нереални барања на колегите, дали се шиптари, дали се албанци, тоа тие знаат како си се викаат меѓу себе. Колку што ми е познато се државјани на Република Македонија и ги користат бенефициите што оваа држава до сега им ги дала. Ајде да размислиме што ќе добиеме со овој закон. По брз влез на Република Македонија во Европската унија, ниту вие верувате, ниту јас верувам, ниту пак можете да ме убедите, па нити самите сте убедени дека побрзо ќе влеземе во Европската унија, иако секој втор збор ви е тоа. Дајте ова, дајте ова, и не чекаат нас со раширени раце во Европска унија. Малку и тие си имаат проблеми, им дошло до нас. Ќе се подобри животниот стандард на албанците, не само на албанците и на македонците ќе се намали од тоа сега денес во овој момент што го имаме. Ќе си ги веат знамињата и среќа ќе им блика од лицата, па не им треба храна и вода, исто така, се сомневам дека така ќе се случи. Ќе станат рамноправни граѓани на оваа држава и конечно ќе се свестат дека оваа држава колку е моја, толку е и нивна. Е, тоа и сакам да го видам, да го доживеам, ама тешко дека ќе може да се случи нешто во таа насока. И, сега, се прашуваме зошто тогаш Владата предлага ваков закон. По чиј притисок е измислен и нацртан ваков закон. Што маж беше што се роди ваква мудрост во неговата глава, па го напиша ваквиот Предлог за донесување на закон.

Сакам да бидеме на чисто, немам ништопротив албанците кои се родиле и живеат во Република Македонија и што, за жал, не смеат да се чувствуваат како македонци во сопствената држава. Сакам да ги прашам партиските елити зошто направија тија албанци да се чувствуваат непријатно ког атреба да се кажат чии граѓани се, од чија земја доаѓаат, која им е матичната земја. Тие политички елити направија албанците да се чувствуваат во Република Македонија ни на небо, ни на земја. Сакам да им порачам да почнат сами да размислуваат, а не некој друг да размислува за нив, да им пласира мртви и неостварливи идеи и кога ќе почнат така да се однесуваат дури тогаш, почитувани колеги, може да има просперитет оваа држава и таа конечно да стане пристојно место за живеење, прво на нас граѓаните, а потоа сами ќе си го трасираме тој пат кон Европската унија и НАТО.

Затоа апелирам до Владата, до Владата и не апелирам, искрено да ви кажам, до пратениците парламентарното мнозинство, да ги разгледаат амандманите кои се поднесени, да го стиснат зеленото копче за да не ни го стисне нам некој црвеното копче.

И сосема за крај, ми остави впечатокм мојот сограѓанин Џими од Нигерија, на еден негов настап, не знам на која телевизија, пред неколку дена рече " да ја сакаме Македонија затоа што друга Македонија немаме". Тоа се неговите зборови. Значи Џими од Нигерија разбрал каде живее, некои колеги на некои граѓани на Република Македонија тоа сеуште не им е јасно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

За реплика се јавува господинот Агим Џелили.

Повелете господине Џелили, имате три минути.

**Агим Џелили:** Размислував дали заслужува колешката да и се реплицира, меѓутоа, пред се, јас ќе кажам неколку збора.

Уште од почетокот на нејзината дискусија почна да жали за овој закон. Затоа продолжете да жалите почитувана колешке, продолжете и понатаму, како за овој закон така и за многу други

закони кои поминале во овој Парламент. Меѓутоа, немојте да заборавате дека ќе беше подобро да пеете одколку да плачете, затоа што албанското знаме е тоа што е. Ние не отвараме тендер за излгедот на знамето.

Што сме ние? Што сме ние сме докажале во текот на историјата и во несреќата на другите народи никогаш нема да наоѓаме задоволство. Токму поради тоа сметам дека албанскиот народ никогаш не го спорел националниот идентитет на Мкедонскиот народ. Многу пати тука тоа сме го докажале и затоа нема повеќе да повторувам ќе беќе по добро вие да се вратите сами кон себе. Изгледа дека имате многу проблеми самите со себе.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Којзеклиска имате една минута контра реплика.

**Марија Којзеклиска:** Не разбрав што беше репликата, ама ако треба да запеам, Народе македонски.

**Љупчо Јордановски:** Има реплика господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Ако добро ја разбрав почитуваната колешка, бидејќи сме од иста професија . Меѓу другото рече дека Република Македонија не е обврзана да донесе еден ваков закон. Јас сакам да ја упатам на амандман 8, алинеја 2, каде меѓу другото се вели: "Републиката гарантира етничкиот идентитет, културен идентитет итн". Во согласност со тоа Републиката зема за обврска меѓу другото да го гарантира и културниот идентитет. Оваа гаранција почитувана колешке може да се постегне преку оваа форма, предлогот и усвојувањето на еден ваков закон. Друг начин на гаранција не постои.

Второ, сакам да ви поставам едно прашање и би сакал да го слушнам вашиот одговор. Кажете ми една држава во светот, развиена или земја во транзиција во која националните знамиња не се претвориле и во државни знамиња. Историски речено, како што реков и вчера, знамињата на сите народи на почетокот беа национални, а потоа се претворија во државни знамиња. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** За ова последното што го кажавте, има сега расправа, дискусии и шпекулации, но не е проблем.

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате една минута контра реплика.

**Марија Којзеклиска:** Не навлегувам јас во расправи и шпекулации. Ќе им го оставам тоа на историчарите, затоа што и колегата Аднан Јашари и самиот рече дека е иста професија како мојата, значи дипломиран правник, најверојатно историјата му доаѓа како хоби.

Јас, почитуван колега не сум за тоа да не се донесе закон за употреба на знамињата. Дали можете да ме разберете дека јас не се согласувам со ваков закон како што е предложен од Владата. Република Македонија гарантира, имаШе и претходно закон за употреба на знамињата преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваа својот идентитет и националните особености, донесен на 9 јули 1997 година, кога претседател на Собранието бил господинот Тито Петковски. Значи постоело во континуитет правото. Тоа никој не го спори, но со овој закон, искрено да ви кажам, моето. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Станковска имате збор.

**Славица Станковска:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги, еве и по оваа тема која предизвика доста различни мислења кај граѓаните на Република Македонија, како и кај нас пратениците, сакам да го искористам своето право и да го искажам сопствениот став по законот за употреба на знамињата на етиничките заедници.

Како што впрочем кажаа и некои мои колеги, законот регулира една мошне суптилна и осетлива материја и е дел од најранливата карика на нашата држава, меѓуетничките односи кои не така одамна не доведоа на работ на граѓанска војна.

Моите размислувања како и образложенија, зошто е неопходно да се донесе еден ваков закон, но и каков тој треба да биде и како да се применува, ќе се обидам да го елаборирам во следните точки.

Темата е податлива и на дел од нас ни дава можност да покажеме колку, наводно, сме големи патриоти и колку силно ја браниме македонштината, дел од нас да покажат колку силно се борат за правата на припадниците на сопствената етничка заедница, при тоа калкулирајќи и поентирајќи за новите парламентарни избори, а добар дел со желба но и со верба дека донесување на законот кој претставува една од последните обврски до Рамковниот договор, ќе даде можност да се посветиме на прашањато што означат живот. Едно е јасно, без разлика како и да се регулира оваа материја, без разлика каков закон ќе донесе Собранието, сигурно е дека нема да им го направи животот полесен на граѓаните на Република Македонија.

Ако говориме за потребата за донесување на овој закон, јасно е дека таа е неспорна и тука се согласуваме сите во Парламентот, без разлика кој на која страна припаѓаме.

Исто така, пак што се однесува до уставната основа за носење на законот за употреба на знамињата и таа е неспорна. Но, начинот пак како ќе се уреди употребата на знамињата на етничките заедници, останува на Парламентот.

Од сето ова што го кажав произлегува дека дебатата по законот, најмалку треба да има популистички или маркетиншки карактер.

Од гледиштето на хиерлдиката и покарј моите скромни познавања за неа, потребно е да се проговори што претставуваат симболите и

знамето како државен симбол и симбол на етнички заедници и дали воопшто ќе се разрешат прашањата и проблемите околу употреба на знамињата, без разлика каков закон ќе донесеме на оваа седница.

Симболите на една држава или на една етничка заедница се мошне интересни и имаат суштинско значење. Значењето што го имаат симболите и знамето, може да биде различно. Може да симболизира суверенитет и територијален интегритет на една држава, како впрочем што пишува и Владата во законот, додека пак за некои тоа е дискутабилно. Може да симболизира почит и лојалност на граѓаните кон сопствената држава. Може да одразува национална припадност. Во некој временски период може да изразува претензии како и надмоќ на една држава во однос на друга, во одреден регион.Може да симболизира желба на граѓаните на една држава да бидат дел од некоја организирана заедница, како што се на пример НАТО и ЕУ.

Со евоулирање  на средства кај луѓето, односот кон симболите се менувал, но значењето на симболите до денес останува. Денес во современиот свет државните симболи се фактор на обединување, симболизираат почит и лојалност кон државата на сите граѓани, без разлика на националната припадност. Тоа укажува на ова дека прашањето околу употреба на знамето како симбол, без разлика кое од претходните значења го има, не е небитно, ниту пак формално, туку е суштинско и мошне значајно. Можеби помалку разбирливо за одредени заедници, но за припадниците на албанската етничка заедница е од суштински карактер затоа што знамето силно го изразува националното чувство, како и чувство на припадност на тој народ. За тоа говори и фактот што, без разлика каде се наоѓаат припадниците на албанската етничка заедница, секогаш го користат истото знаме за кое, според нив, ги врзува традицијата, а таа почит е изразена во тоа што 28 ноември како ден на знамето, се чествува од сите албанци, каде и да се наоѓаат.

Впрочем и случувањата од не така далечното минато говори за високата цена што во поранешниот систем ја плаќале припадниците на албанската етничка заедница кога го користеле националното знаме и орелот како симбол за нивниот идентитет. Затоа, ако за некои држави во светот може да се каже дека имаат своевиден култ кон знамето, се што може да се каже  и за припадниците на албанската етничка заедница. Тука нема ништо лошо ниту спорно. Дури и ваков однос кон традицијата заслужува и почит. Тука сега е апсурдноста на која се повикуваат припадниците на албанската етничка заедница, на делот од Рамковниот договор кој делумно е преточен во Уставот, на правото рамноправно да го користат етничкото знаме со државното, во средини во кои живее над 50% албанско население.

Би ве прашала колеги, дали на вас кои живеете во средини со мнозинско албанско население, повеќе ви значи албанското национално знаме и повеќе го сакате од албанците кои живеат во средини со 20, 15, 10, па дури и 1%. Дали националната припадност и правата кои се бараат од една етничка заедница, може да се изразуваат во проценти и бројки. Нели се прашувате дали овој однос не дискриминира и навредува дел од претставници на албанската етничка заедница. Согласно со ова, по мене, разбирливи се и залагањата на поедини колеги, амандмански да се интервенира во намалување на пронцентот за употреба на знамињата и во средини во кои живеат над 20% од припадниците на албанската етничка заедница, свесни за реакцијата и револтот на сопствениот електорат. Ако се знае колку тоа знаме им значи на сите албанци, без разлика на процентот и бројките, така како се поставени работите, законот за кој расправаме и кој сигурно ќе се донесе, нема да биде обединувачки фактор, туку натаму ќе биде предмет на раздор и конфликт, затоа што не верувам дека во средини во кои има помалку од 50% албанци, припадниците на албанската етничка заедница така лесно ќе се откажат од примената на албанското знаме, без разлика на законската регулатива.

Што се однесува до мене, дури можам да го прифатам решението од Рамковниот договор за употреба на знамињата на етничките заедници, во средини во кои се над 50%. Но, тоа не значи дека со тоа законот за употреба на знамињата станува помалку актуелен.

Сметам дека треба да се прави разлика помеѓу државните симболи и знамето како државен симгбол и знамињата на етничките заедници.

Како што реков на Комитетот за односи меѓу заедниците, не е можно да се стави знакот на равенство помеѓу државните симболи и симболите на етничките заедници.

Ако државата претставува највисок систем на организирање на граѓани, не на етникуми, тогаш не треба и не смее ,посебно во една мултиетничка средина да се прави дискриминација по ниедна основа, а најмалку преку употреба на националните симболи.

Кога веќе сме кај државните симболи и знамето како еден од симболите, морам да се навратам и на неговата симболика и употреба во периодот од осамостојување на Република Македонија до денес.

Низ историјата и припадниците на мнозинскиот народ на овие простори имале свои симболи кои во одреден временски период биле преточувани во знамиња.

Во 16-от век, симболот што се користел во Македонија, но и во Бугарија, Србија и Албанија, така пишува во литературата, бил двоглавиот орел меѓу два лава. За тоа, всушност говори и ваквиот симбол пред олтарот во Марковиот манастир. Потоа се користел симболот со лав во разни положби, на разни основи, со различни

бои. Според пишувањата на хиералдичираите, овој симбол исто така бил омилен во Македонија, но и на просторите во Бугарија, Србија и Албанија.

Востанието во Македонија имало исто така свои симболи и свои знамиња. Но, на простори на Македонија познато е и знамето од Куклиш, па се до денешното знаме кое всушност е компромисно знаме, знаеме од кои причини, кое го прифативме како наше државно знаме.

Конечно, ако ова знаме што сега го имаме како државно, не го одразува националното чувство на етничните македонци низ векови, а тоа е факт, незнам зошто во периодот од осамостојување на Република Македонија до денес, припадниците на албанската етничка заедница не можеа да го прифатат и не покажаа лојалност кон државното знаме како симбол не на етничка припадност, туку на државна припадност. Причините само на нив им се познати.

Сакам да верувам дека постојат искрени намери и дека со донесување на законот ќе се зголеми почитта кон државното знаме и дека истото треба да се користи во сите средини во кои живеат етнички албанци и дека истите ќе го чувствуваат како свое.

Почитувани, ова беа дилемите и прашањата на кои барав, искрено барав и одговор и сакав да ги разрешам и имав огромна желба законот како таков да го поддржам. Но, исто така ве уверувам дека при ова мое излагање, секогаш и во иднина, сите мои искажувања не се оптоварени со национални чувства, ниту пак луѓето ги делам според етничка, религиска или незнам која основа. Сметам дека во една мултиетничка средина, во едно граѓанско општество како што сме ние, припадници на сите етнички заедници и на мнозинскиот народ треба да ги уживаат сите цивилизациски придобивки.

Моите залагања за правата на припадниците на албанската етничка заедница во Собранието, ви се познати, дури и кога не биле во Рамковниот договор, бидејќи јас повеќе претпочитам, ссекогаш па и сега, да го искажувам сопственото мислење или став, без разлика на цената што сум ја плаќала или ќе ја плаќам.

За крај, дали има решение за овој проблем. Велат дека решението секогаш е во разумот и во мудроста. Кој разум? Дали да се прифати едно вакво решение кое искриминира дел од албански етикум со цел да се стави равенство на државното со знамето на етничките заедници, или разумот, државното знаме на Република Македонија да биде знаме кое ја одрзува државност на сите граѓани во Република Македонија.

Тоа воглавно се нотивите и дилемите поради кои не можам да прифатам ваков предлог за донесување на закон. Благодарам

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓа Станковска.

Господин Аднан Ќахил не е тука.

Повелете господине Кондарко, имате збор.

**Борис Кондарко:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Сметам дека не само вчерашната и денешното продолжение од парламентарната расправа во врска со законот за употреба на знамињата на етничките заедници во Република Македонија, не само овде во Парламентот, пред се од страна на опозицијата, туку и во јавноста неколку недели пред тоа свесно се создаваше една атмосфера од страна на опозицијата, што е вообичаено како нивна тактика, да ги доведе во заблуда граѓаните на Република Македонија дека нешто крупно, нешто драматично се случува, дека се случува, како по обичај, според нив некое предавство или нешто уште потешко. Сепак, за да нема недоразбирања, дискусијата ќе ја почнам со едно појаснување и за да нема никакви забуни, појаснување што значи овој закон што регулира, што дефинира овој закон. Пред се станува збор за закон, како што и самото име гласи за употреба на знамињата на заедниците, а не закон за дефинирање, не закон за определување на некое знаме, некому. Значи, тоа е огромна суштинска разлика. Во законот е оставено заедниците врз основа на своето чувство и сите други свои размислувања, што сепак е индивидуално, да си го определат самите тоа знаме. Значи, станува збор не за дефинирање знаме некому, туку за употреба, начин на употреба, во кои случаи, во кои ситуации, под кои околности и така натаму.

Со оглед на тоа што суштината на овој закон е дека една заедница во Република Македонија, зборувам сега една заедница, нема да именувам имиња на заедници затоа што покрај таа заедница има уште две заедници, за која според некои овој закон е спорен. Значи се работи за еден дел од граѓаните на Република Македонија, ако сакате не мора ни да ја нарекуваме заедница, кои со оглед на природното право да имаат право да одлучуваат за себе, се разбира во рамките на Уставот на Република Македонија и за таа заедница да го изберат, да го прифатат, да го определат она знаме кое чувствуваат дека треба тие да го користат и да го употребуваат во Република Македонија според определени услови и околности наведени во Законот, кој се разбира е базиран и кој произлегува од Уставот на Република Македонија.

Значи, поинаку кажано, воопшто не се работи за легализација, како што милува да вели опозицијата, на албанското знаме во Република Македонија, туку за определување на употребата на знаме на заедниците во Република Македонија, со кое според Законот таа соодветна заедница смета дека треба да се идентификува. И пак ќе повторам, тоа чувство е сепак внатрешно или индивидуално чувство. Кога го говорам ова дека не се прави легализација на албанското знаме, треба да се има фактот и да се внимава да не се меша популистички наметнувањето на тезите дека се загрозени нашите државни симболи, зборувам за

државните симболи на државата Република Македонија, нашата држава, што се разбира дека е неспорно, никој не ги загрозува нашите државни симболи, во конкретниот случај нашето државно знаме, туку напротив се создава и со овој закон се потврдува една конкретна законска рамка, која на некој начин и санкционира, меѓутоа, е и гарант за државното знаме на Република Македонија во сите ситуации и во секој поглед. Тоа е гарант и за суверенитетот, но за тоа ќе зборувам подоцна, што исто така опозиција го наметнува како популистички метод за да ја заплаши јавноста дека наводно ни се делел или ни се загрозил суверенитетот. Но малку понатаму ќе говорам и за суверенитетот.

Тука се наметнуваат во овој момент повеќе групи на прашања со оглед на претходно кажаното, и тоа:

Прво, кој е тој што на некој друг ќе му определи кое знаме и какво знаме да употребува и користи. Значи пак се враќаме на суштината на законот, со овој закон ние регулираме употреба на знаме, а не дефинирање или измислување или определување некому со закон, или наметнување, да не се изразам многу грубо, некое знаме, што некој треба да го користи. Значи кој е тој и со што и какво знаме некому ќе му определи да користи. Затоа претходно реков дека се работи сепак за внатрешно индивидуално право, чувство и тн, се разбира во рамките на Уставот на Република Македонија. На пример, зарем на македонците кои живеат во странство, на пример, Австралија, Канада, Америка, САД некој со закон, замислете, им има определено или им наложил или им наметнал кое знаме да го користат таму, па македонцие во САД и секаде во светот го користат знамето, државното знаме на Република Македонија. Дали тоа е оспорено во некоја од овие држави?

Понатаму, дали знамето што ќе го избере албанската етничка заедница во Република Македонија како такво, само по себе како знаме, како симбол ја загрозува Република Македонија? Јас сметам дека не. Следствено на ова, дали Република Македонија со употреба на државното знаме на Република Македонија во некоја друга странска држава, како што претходно наброив, загрозува, замислете, некоја од тие странски држави? И дали го дели суверенитетот и дали ние со тоа имаме суверенитет, на пример, ако го употребуваме државното знаме од нашите македонци во САД, дали имаме суверенитет врз САД, што се разбира според мене е апсурдно. Понатаму, дали знаме на една членка, на една држава членка на Обединетите Нации, и како знаме и како држава признаено од Организацијата на Обединетите Нации, самото по себе како знаме, како симбол, загрозува некого. Или ако сакате поинаку, бидејќи се говори за настаните од 2001 година, кои никој не сака да ни се вратат и да му се повторат, дали некое знаме, дали било кое знаме беше проблем за она што се случи во 2001 година. Се разбира дека не. И дали ако евентуално, говорам хипотетички, не би сакал тоа никогаш да се случи, значи евентуално некој нешто лошо и наумил, и намислил на Република Македонија, дали знамето ќе биде причина евентуално да се случи нешто лошо, што никој не го посакува во Република Македонија - се разбира дека знамето нема да биде причина воопшто.

Најголемата демагогија што ја слушнав и во парламентарната расправа и во расправата на комисиите, а и претходно во јавноста, значи најголемата демагогија според мене е дека ни се загрозувал, односно ни се делел суверенитетот. Во врска со ова, исто така се наметнува една група на прашања. Како прво, во однос на примерите кои ги наведов претходно, по оваа логика зарем ние имаме, користејќи го државното знаме во разноразни пригоди, на пример, во Австралија или во Америка, дали ние имаме дел од суверенитетот на Америка или Австралија. Навистина нашите тези се безсмислени и неодржливи. Дали САД, Канада, Грција, Европската Унија, Велика Британија, Бразил и да не набројувам други држави, кога имаат суверенитет врз Република Македонија и сите тие заедно по еден дел од суверенитетот ни одземаат, според вас, кога во Република Македонија по било кој основ, по било која причина, на пример, на влезот на некоја грчка фирма се вее грчкото знаме и тоа значи поделба на суверенитетот и Грција на пример, да не именувам држави, не загрозиле?! Навистина безсмислено. Зошто тогаш никој од вас ниту реагирал, ниту му пречи бидејќи не реагирал, дека цел свет или многу држави од светот ја загрозиле Република Македонија по разно разни основи веејќи ги нивните знамиња, приватни и спортски натпревари или незнам какви други пригоди. Дали Република Македонија, која сакаме да биде но во моментот сеуште сепак не е членка на Европската Унија, па и на НАТО го загрозува суверенитетот на Европската Унија, според вашата измислена теза за делба на суверенитетот, затоа што ние во многу прилики и како политички партии и како институции го истакнуваме знамето на Европската Унија. Дали ние ја загрозивме Европската Унија, дали и гоземавме суверенитетот, ние сеуште не сме членка на Европската Унија. Зошто никој не реагира на тоа? Кои се тие бесмислени тези, ви се молам? (Реакции од пратеници). Добро, бидејќи вие кажувате бесмислени тези, јас намерно карикирам и ќе направам уште една крајност...

**Љупчо Јордановски:** Ве молам тивко, има реплики.

**Борис Кондарко:** ...и ќе прашам дали на пример САД имаат суверенитет и ја загрозиле Месечината? Таму се вее знамето на САД. Значи тие си ја присвоиле и имаат суверенитет врз Месечината?! Дали самото знаме како знаме, како симбол може да загрози некого и што одразува тоа знаме? Што е спорно и што ја загрозува Република Македонија, ако некој албанец во Република Албанија го употребува

албанското државно знаме како државно знаме, додека некој албанец во Република Македонија или албанците како етничка заедница го користат знамето како идентификација на таа етничка заедница во Република Македонија. Дали тоа е загрозување на Република Македонија? Дали го изгубивме суверениетот како држава и дали некој ни ја зема државата бидејќи во овој Парламент се говори албански? Се разбира дека не, меѓутоа, тоа е еден пример за да ви се покаже колку вашите тези се апсурдни и безсмислени.

И на крајот на краиштата, бидејќи цело време говориме за суверенитет, дали знаеме кога манипулирате со тој термин што претставува суверенитет. Мислам дека во овој поглед треба повеќе да се држиме на терминот на Правото или правната наука, отколку да се служиме со политички памфлети. Меѓутоа, јас нема теоретски да дефинирам што е политички суверенитет затоа што сметам дека, наједноставно кажано, суверенитетот се изразува преку ефективната власт или функционирањето на државата и нејзините институции врз една територија и врз едно население, што значи тоа претставуваат белезите на државата кои се пред се основа на суверенитетот. Додека неспорно е дека знамињата се одредени симболи кои немаат врска или барем не самите по себе имаат некаква директна врска со суверенитетот, па само од тоа да извлекуваме заклучоци дали е загрозен или не е загрозен и колку е поделен или не е поделен суверенитетот.

Со овој закон воопшто не се одразува или не се доведува во прашање државниот суверенитет на Република Македонија, затоа што ако сакате веќе да го дефинираме, според вас, државниот суверенитет со знамето како симбол, тогаш државното знаме на Република Македонија е гарант за државниот суверенитет на Република Македонија. Тоа е наше државно знаме на сите граѓани на Република Македонија и на сите етнички заедници, без разлика дали некоја етничка заедница ќе избере да користи свое знаме и да го употребува согласно овој закон.

Суверенитетот во Република Македонија и според Уставот на Република Македонија припаѓа на граѓаните на Република Македонија а не на етничките заедници во Република Македонија. А државно знаме на сите граѓани во Република Македонија е државното знаме на Република Македонија кое е едно и единствено.

Меѓутоа, очигледно е дека опозицијата кога и одговара го поддржува декларативно Рамковниот договор, кога тоа не и одговара за политички маркетинг редовно тоа го прави и го негира Рамковниот договор, занемарувајќи ја реалноста во Република Македонија. Сметам дека опозицијата продолжува со таканаречената - јас кога говорев на претходната седница и за Законот за референдум, за оној фамозен, според вас, член 28 став 3, кажав дека вие водите во Република Македонија една политика, таканаречена на подметнување. Вие постојано ја наметнувате, односно ја подметнувате играта во Република Македонија на предавници и патриоти. Некој треба постојано да биде дежурен предавник, дежурен виновник дека некој некому нешто дава, а на некого треба постојано да му биде загарантирана улогата на спасител, патриот и незнам што друго. Тоа мислам дека веќе е прочитано од граѓаните на Република Македонија. Мислам дека треба да се свртиме малку кон иднината, а не со демагогија, со популизам, со политички памфлети да расправаме за некои стереотипи од минатото, кои на таков начин не и носат ништо добро на Република Македонија.

Понатаму, покрај оваа политика на подметнување тука ја играте и играта злоупотребувајќи ја Одлуката на Уставниот суд од 1997 година, притоа се разбира намерно занемарувајќи ја, како што реков претходно реалноста во поглед на тоа и дефакто и правно и дејуре дека од 1997 година, после Рамковниот договор, односно после измените во Уставот на Република Македонија, во Република Македонија имаме и фактички и правно нова ситуација и нови односи во општеството, нови правни односи. За да докажам дека вашата теза е апсурдна и бесмислена испаѓа дека, според вас и вашето тврдење, она што вие го оспорувате е спротивно на Уставот на Република Македонија. Напротив, овој закон за употреба на знамињата на заедниците произлегува токму од измените на Уставот на Република Македонија. Според тоа, според вашата логика испаѓа, што е крајно парадоксално, дека самиот Устав кој и вие го поддржавте е противуставен, затоа што не дозволувате да се имплементира заради ваши политички интереси во јавноста, наместо да говориме за економија, за вработување, за Европска Унија, да ги решаваме проблемите, вакви или онакви даноци, вакви или онакви камати, да направиме некој прогрес во оваа држава, вие говорите за стереотипи од минатото. Самите пропаѓате во живата кал, која на сите нас ни носи подеднаква штета. Вие нема да имате политички бенефит ако ја водите оваа политика на подметнување. Подметнување затоа што некој мора постојано да се оправдува, ја трошиме енергијата и времето и во Парламентот да се правдаме и докажуваме кој е предавник, кој е поголем патриот, кој не е предавник. Навистина нема смисла ова. Ова се веќе истрошени теми во Република Македонија.

Се спомнува големината да била еден метар повисоко, да било незнам колку сантими помало знамето на заедниците - навистина е бесмислено да се разговара, немаат врска тие работи. Зарем некој сега, ако сакате на едноставен начин да говориме, од 200, 300, 400 или 500 метри далечина некој ќе проценува која е големината на кое знаме и која е висината? И дали ќе ја воочите таа разлика од еден метар?

(Реакции)

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е од ЛДП, но тука се најдовте, затоа гледа кон вас.

**Борис Кондарко:** Добро, ви благодарам, јас тука ќе ја прекинам дискусијата и ќе се јавам понатаму.

**Љупчо Јордановски:** Добро, имате право.

За реплика се пријавија повеќе пратеници, госпоѓа Лалчевска, госпоѓа Бонева, господин Мешков, господин Флоровски иако не беше тука но дојде, господин Чедо Краљевски, господин Оровчанец и господин Балковски. Ќе одиме според редоследот како се пријавени на листата, а бидејќи госпоѓа Бонева е прва, госпоѓа Бонева повелете три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине Кондарко, политички невкусно направивте извртување на тезите. Навистина доказ дека сте ненадминат демагог велите самиот дека најголема демагогија би било тоа што зборувавте дека ни се делел суверенитетот и дека е тоа бесмислено, а вие тука дававте примери пред целата македонска јавност заблудувајќи ја дека примерот со САД и со Австралија каде нашите луѓе го веат македонското знаме е идентично со она што сега се дава како решение со законот за употреба на знамињата.

Вие не разграничувате односно не и кажувате на македонската јавност дали веењето на знамиња во приватна употреба во домовите и пред црквите е исто што и употреба на знамиња односно веење на знамиња пред државни објекти. Кога во САД пред општините, пред нивните локални општини ќе се вее знамето на Република Македонија или во Австралија или кога пред нивната полиција ќе биде знамето на Република Македонија, дури тогаш можете да го кажувате тој пример како соодветен пример од меѓународната пракса дека нема апсолутно ништо овој закон со делење на суверенитетот на Република Македонија со државата чие знаме се вее на територијата на Република Македонија.

Не ја заблудувајте јавноста со приватната употреба на знаме на некоја етничка заедница и со официјална, јавна, службена употреба на знамето на етничката заедница.

Политичко подметнување не прави опозицијата. Типично политичко подметнување направи власта, а доказ за тоа е овој закон без никаква консултација што се најде овде на дневен ред.

Во однос на тоа што значи Одлуката на Уставниот суд ќе го задржам правото повеќе да елаборирам сега кога ќе дојдам на ред. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Одговорот на реплиакта ќе биде многу краток. Госпоѓо Бонева колку што ми е познато за овие прашања за кои вие говорите и споредбите кои вие ги правите алудирајќи на мојата дискусија за примерите што ги дадов со некои странски држави. Во тие странски држави на пример САД колку што мене ми е познато не постои Рамковен договор. Тоа е мојот одговор.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Кондарко.

Повелете господине Краљевски, три минути на говорница.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе.

Верувајте почитувани колеги да не се работеше за портпаролот на СДСМ јас немав намера односно на ум не ми паѓаше да му реплицирам на колегата Кондарко за сите искажани безсмислици или поточно глупости од оваа говорница.Тој така се изразуваше дека опозицијата користела безсмислици, јас ги нарекувам онака како што народот ги нарекува. Тоа се глупости.

**Љупчо Јордановски:** Сакате да кажете дека вие сте претставник на народот.

**Чедомир Краљевски:** Така е.

Колегата Кондарко не прави разлика, еве уште еднаш ќе се надоврзам на претходната колешка Бонева, не прави разлика помеѓу употреба на знамето во приватни цели и употребата на знамето во јавниот и службениот живот. Знамето е симбол, атрибут на државнот суверенитет. Ако знамето се закачи на државна институција тоа значи дека тоа знаме е симбол на државниот суверенитет што е претставена преку таа државна институција.

Друго е прашањето во приватни цели. Може нашите државјани на Република Македонија во САД дали од македонско или од албанско етничко потекло, се едно, да употребува македонско знаме, меѓутоа, тоа е само во приватни цели и тој во ниту еден момент не го нарушува државниот суверенитет на САД ниту на Австралија, ниту на Канада.

Спрема тоа, на ова би додал уште едно мало потпрашање. Што мисли колегата Кондарко кое знаме ќе го вее државјанин на Република Македонија од албанско етничко потекло во САД? И, на кој наин ќе ја искажува неговата припадност кон државата Република Македонија. Дали, ако го донесеме овој закон на ваков начин како што е предложен да ги закачиме албанските знамиња непроменети ниту точка ниту запирка како што е државното знаме на Албанија пред нашите државни институции. Кој Албанец од македонско државјанство во Америка ќе го вее албанското знаме, нема да им упати порака на тие американски државјани или на тие граѓани на Америка дека овде каде се вее албанското знаме е Албанија. Нека подразмисли колегата Кондарко и за овие прашања и не така лесно овде со срочен говор пред 15-тина минути на оваа собраниска клупа да се подигрува како претставник на СДСМ со државниот суверенитет на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема потреба од нервоза господине Краљевски. Не се возбудувајте од различните мислења.

Една минута контра реплика за господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Господине Краљевски не очекував од вас ваков начин на дискусија. Јас нема да ви одговорам на тоа ниво затоа што, можете да го земете стенограмот, јас во мојата дискусија не го употребив зборот глупости, а вие го употребивте тој збор, меѓутоа, тоа говори за вас.

Инаку до вашето прашање што ми го поставивте изгледа на погрешна адреса сте го адресирале, ќе треба да го прашање тој државјанин на Република Македонија од албанско етничко потекло какво знаме ќе вее во САД. Дали ви е тоа реторичко прашање или сте ја згрешиле адресата. Треба друг да прашате, а не мене.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Лалчевска вашите три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Прво да кажам дека поапсурден говор не сум слушнала до сега откако сум во Парламентот. Нема да расправам околу апсурдите, јас сум правник, колегата е правник и ќе се задржам само на она што значи право. Изгледа колегата во овој договор заборави на правото, а се надевам дека господинот Ќуркчиев нема да му помогне, бидејќи не е правник.

Прво, зборувавте за употребата на државното знаме на Република Македонија во Австралија и во Америка, онаму каде што живеат Македонци, а при тоа не бев сигурна дали воопшто сте го прочитале Предлогот на законот за кој ние денеска дебатираме. Она за што говоревте, станува збор за приватна употреба, а во законот, колега, еве го зедов да ви помогнам, во точка 2 дека употреба на знамиња на заедници во точка 1, подточка 1 во јавниот и службениот живот што правно е многу поразлично од приватниот. Во точка 2 е регулиран приватниот, а она што вие говоревте со невиден апсурд, станува збор за приватна употреба. Значи, ниту на институции, ниту на локална самоуправа, ниту на државни органи. Овде носиме нешто поразличен закон. Тоа е едната работа на која ќе ви реплицирам и ве молам да си го прочитате Предлогот.

Втората работа би сакала колега да ве потсетам на студентските денови и на една работа што се вика екстериторијалност. Ако се вратиме на студентските денови времето кога студиравме право, ќе се потсетите дека надвор од државата, државното знаме се истакнува во случај на екстериторијалност, а тоа беа на амбасади, затоа што просторот на амбасадата е екстериторијалност и се истакнува знамето на државата чија е амбасадата, на воздухоплови затоа што и тоа е екстериторијалност и таму важат нашите закони, на брод, но за жал, немаме море, немаме ни брод, но тоа е во правната теорија, а повремено се истакнуваат само во случаи, (галама во салата) ќе може да ме сослушате колега, а повремено се истакнуваат само во случаи на посета на наш суверен во туѓа држава. Тоа е протоколарно и законски определно.

Трета работа, спомнавте парадокс меѓу Устав и закон, Уставот си е Устав, ние сите добро го знаеме и го почитуваме, сакаме да донесеме закон кој ќе е во согласност со Уставот. Меѓутоа, прашањето е каков, колега. Не како овој што е предложен. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Кондарко една минута контра реплика.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Со госпоѓата Ристана Лалчевска сум немал никаков проблем, сте се увериле дека секогаш сум коректен и ве почитувам како моја колешка и како правник, пред се. Во неколку комисии заедно работиме и за разлика од вас, јас никогаш не сум ви држел лекции по право. Напротив, сум ги прифаќал вашите дискусии и сум ги карактеризирал како корисни вашите предлози. Но, нејсе, од секој правник по нешто може да се чуе и да се научи. Нема проблем.

**Љупчо Јордановски:** А што правиме ако во нешто правната наука е застарена? Зборувам генерално за правото и госпоѓа Лалчевска зборуваше за правото.

Повелете господине Мавровски имате реплика од три минути.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Колега Кондарко мислам дека три минути ми се малку за ова што го искажавте, барем она за што треба да спориме, можеби колку вашиот говор и повеќе од тоа, но во секој случај кажавте неколку работи кои апсолутно не држат. Зборувате кој е тој што на некој друг ќе му наметне знаме. Сега се прашувам врз основа на што вие кажавте дека сте правник, некој некого треба да затвори ако некој во Македонија истакне нацистичко знаме или ова што кажувате знамето кое што се вееше за време на конфликтот или на војната 2001 година и со тоа знаме се рушеше Уставот и територијалниот интегритет на Република Македонија и тоа вам воопшто не ви пречи. Говорите за Македонците во странство, никој не може да им наложи кое знаме да го користат, но кажувате за Австралија, за Америка, а не кажувате за ова што е околу нас како Грција, Бугарија, Албанија, што е со нив?

Не кажавте една голема вистина, а зошто не го кажавте тоа, не знам, со што и како македонското знаме ги загрозуваше соседите или ова што го кажувате ЕУ или ООН да не може да биде такво какво што е, а се вееше само во Република Македонија. Вие во 1995 година донесовте ново знаме. Сега како? Кого ние загрозивме со тоа знаме, мислам дека треба да одговорите. Кажувате дека Американците поставиле знаме на месечина. Сега, дали е тоа екстериторијално. Јас ќе ве потсетам на нешто друго. Еден човек битолчанец Димче Илиевски - Мурато постави знаме на Хималаите. Македонско знаме, е, сега не знам после овој закон ако го донесеме дали ќе треба тоа знаме, бидејќи беше со сонцето од Кутлеш, дали некој од вас ќе оди и ќе го промени

тоа знаме, па ќа ставиме ново знаме или не знам можеби ќе треба да стои некое друго до него, тоа треба да им го објасните на граѓаните.

Во однос на употребата на знамињата, јас и во мојот говор и сега ве прашувам, што кога во Република Македонија се вее американското знаме, а Американци немаме, го веат некои други луѓе што не знам дали се чувствуваат Американци, каубојци или не знам како, но го веат тоа знаме, а од друга страна, доколку вие имате фирма во Република Грција, не знам дали ќе си дозволите или ќе ви дозволат да го веете македонското знаме на таа фирма и за вас тоа да не значи ништо и не само таму, мислам дека и во многу други држави во светот.

За вас е се толку нормално што апсолутно говорите за еден закон кажувате нема легалитет...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Кондарко.

**Борис Кодарко:** Добро господине Мавровски, јас воопшто не очекував дека ние ќе имаме исто мислење, во ред, тоа е тоа, граѓаните ќе ги споредат аргументите, ме слушнаа и мене, ќе ве слушнат и вас, тоа е тоа, а она што го кажавте за Хималаите навистина не ми текнало и треба заеднички да размислиме понатаму.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Три минути за господинот Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Не би рекол дека ова беше инспиративен говор на пратеникот Кондарко, ова беше, да го употребам неговиот термин, пошто другиот термин кој го употреби нашиот пратеник Чедомир Краљевски, беше лимитиран и суспендиран, ова беше ода на бесмисленоста со крајни дострели кои ме наведуваат на едно размислување кое што мислам дека сите вие ќе го споделите.

Тежината добива на карактер што господинот Кондарко е портпарол на СДСМ односно гласноговорник и на тој начин ги пласира и базичните тези на СДСМ.

Господинот Кондарко е пратеник во Парламентот, меѓутоа, доколку би бил во друга институција на пример црквата, господинот Коднарко би бил епископот Вранишковски. Тој е истиот ментален склоп. Вчера го гледав и на прашањето дали е тој Македонец, тој одговара за него е битно да е христијанин и ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Оровчанец во обраќањето на господинот Кондарко господинот Вранишковски воопшто не беше спомнат...

**Ѓорѓи Орованец:** Европски граѓанин, но не и Македонец. Прво е европски граѓанин и космополит...

**Љупчо Јордановски:** Психолошкиот профил напишете колумна и објавете ја на господинот Кондарко друг пат, сега одговорете на она што тој има кажано. Ве молам. Инаку ќе ве прекинам.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Добро, доколку сакате да ме прекинете еве нема да го елаборирам, мислам дека сите сватија за што се работи. Така што можат и сами да си го изелаборираат.

Се наметна прашање кој ќе го смени знамето господине Кондарко. Јас ве прашувам кој ни го смени нам знамето. Ние имавме знаме кое имаше 16 краци, кој ни го смени тоа знаме? Го сменивте вие господине Кондарко, тогаш не бевте пратеник, но вашата партија. Во какво име? Во име на нашите евроинтеграции. Со која цел? Со кои мотиви? Затоа што нашето знаме беше детерминирано како знаме кое изразува територијални претензии спрема Република Грција. Ние го прифативме тоа. Сега таквиот начин на размислување не важи овде и дозволуваме една ситуација да се вее албанското знаме насекаде. Не е во принцип албанското знаме и симболот и не е Рамковниот договор...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, завршија вашите 3 минути, ви дадов 10 секунди повеќе, бидејќи полемизиравме.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Добро, во дискусијата ќе кажам.

**Љупчо Јордановски:** Имате право, нема да ве спречам во врска со тоа.

Господинот Кондарко нема контра реплика.

За реплика е пријавен господинот Мешков.

**Љупчо Мешков:** Благодарам претседателе.

Господинот Кондарко во својот говор искажа некои тези според кои сакаше да докаже дека можеби и Уставот е противуставен и дека навлезе на полето демагогија да го објасни поимот демагогија и сега кога сме на полето на демагогијата јас би сакал да му поставам едно прашање со кое можеби ќе му дадам можност во реплика уште еден аргумент да искаже повеќе за да биде појасно што е демагогија.

Ако е вистина така е безазлено да се користи знамето на етничките заедници во Република Македонија, тогаш зошто во овој Предлог-закон неговата партија односно неговата Влада не предожи тоа знаме да се вее секаде каде има макар и еден Албанец или двајца, а не само таму каде што се мнозинство..

Еве, да не продаваме демагогија, зошто само таму каде што се 50%, односно каде што се мнозинство. И дали значи тоа дека ќе биде прифатен, да речеме амандманот за 20%, или уште подалеку, секаде да биде тоа штом е тоа така безазлено и не влијае на интересите на македонскиот народ и држава.

Второ, го кажа примерот за американците кои први отидоа на месечината и го ставија американското знаме. Сега мене ме чуди, зошто американците кога отишле таму не го ставиле на пример македонското знаме, или руското, туку баш американското. И, ако вие сега гледате, на пример господинот Кондарко ако гледа американски филмови, дали може да види еден

американски филм во кој што во тотал нема да се покаже американското знаме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Балковски, повелете три минути.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе, значи, господине Кондарко ја слушав вашата дискусија, тоа е ваше мислење меѓутоа не се согласувам со вас од едноставна причина дека цело време ја напаѓате и бевте против опозицијата. Зошто не си го кажете вашето размислување, зошто не си го кажете вашето мислење за заштита на албанското знаме, наспроти македонското знаме. Јас тоа би го прифатил сосема како ваше размислување. Меѓутоа, цело време да се обраќате на опозицијата што размислува на еден подруг начин од вашиот, а во исто време да заборавате дека на овој закон имаат поднесено амандмани и ваши колеги, членови од вашата партија, членови од вашата коалиција, а цело време да се обраќате на опозицијата, тоа не можам да го разберм, односно дали сите ваши членови ги исклучувате, затоа што имаат спротивно размислување од вашето. Тоа треба да го одговорите, затоа што вака излегува дека секој што мисли различно од вас е член на опозицијата.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контрареплика има господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Господине Балковски вие што очекувате да правам, да ја фалам опозицијата, или вие ќе ми забраните да не ја напаѓам, или да не ја споменувам опозицијата? Па, нормално е да ја напаѓам опозицијата, да не мислите дека ќе ја пофалам. И уште не смеам да ви се обратам. Јас се обраќам, го кажувам моето мислење, моите аргументи, не навредувам никого, не омаловажувам никого за разлика од некои пратеници од вашата пратеничка група кои навистина беа на работ на пристојноста, употребувајќи некои зборови. Меѓутоа, тоа е тоа, што да правиме, се знаеме кои сме, што сме. Инаку, нема да поддржам ниеден амандман без разлика од кого доаѓа, дали од опозиција, позиција, јас лично нема да гласам за ниеден амандман од оние што се предложени на законот.

**Љупчо Јордановски:** Последниот не репликант, туку за реплика се јави господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Репликант, ќе испадне дека сум планиран од некого. Но, во мое време пред една година таква работа немало.

Говориме за суверенитетот. Суверенитетот значи е владеење на правото на целата држава Република Македонија. А пред некој ден на хрватска телевизија имавте еден револуционер од скопските села кои прогласиле екстериторијалност, знаете на кого мислам и на кого се однесува. Не говориме за знамињата, говориме за фактичка ситуација. Ниту се осеќаме како спасители, значи треба месија, месија, господ и никој друг. Но, ако говориме за патриотизмот она што претходно го кажавте вие, се знаеме кои сме, што сме, каде сме биле, што сме направиле и што правевме за оваа македонска држава. Секој си го знае својот удел во градењето и разградувањето на македонската држава. Каде тука вие ќе се најдете, тоа е ваш проблем. Кога говориме за популизмот, ако нас не обвинувате за популизам со јавните настапи овде на македонскава говорница, а вашиот говор како поинаку да го сватиме, дека не е популизам? Па вие на кого се обраќате? Исто се обраќате на македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија. Значи, овде поставувам равенка, ако нашето обраќање кон јавноста го карактеризирате како популизам, истото важи и за вас. И, тоа го нарекувате апсурд и небезсмислено. Ако тоа што го говориме е неапсурдно и безсмислено, тогаш и вашиот говор е во истата конотација. Исто е апсурдно и безсмислено. Ако сметате овде сега сите дека треба да размислуваме исто, мислам дека грешите, не само што грешите, туку сте во голема заблуда. Тоа и го спомнав, затоа што кажавте дека нема да ја браните опозицијата, што е нормално, браните позиција на Влада, браните позиција на коалиција. И тоа е нормална работа. Сме правеле политичка штета со нашите говори и сме подметнувале кукавички јајца, тоа јас го додадов. Ако си подметнувате кукавички јајца, ред е вие да ги испилите, затоа што сами себе си си ги подметнувате. Јас лично немам намера да гласам за овој закон, а јајцата испилете си ги вие и последиците сносете си ги вие.

И уште една работа, говоревте за разлика во поставеноста на знамињата. Па од вашите коалициони партнери беше понуден и предлог дека македонското знаме мора да стои повисоко од сите други знамиња што апсолутно се сложувам и апсолутно држи вода. Не може да биде знаме на етнички заедници на исто ниво со македонското знаме. Ова треба да се сфати дека е македонска држава и обележјето, знамето како обележје мора да виси највисоко. А кои параметри ќе се земат, третина, четвртина, два, три, или пет метри подоле, ќе бидат знамињата на етничките заедници. Тоа мора и вие да го сфатите како македонец, мора да го сфатат и сите жители на Република Македонија, посебно припадниците на етичките заедници.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контрареплика господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Мислам дека одговорот на репликата на господинот Флоровски е содржан во мојот говор. Ниту тој, ниту јас можеме да си го промениме мислењето после оваа реплика и контрареплика и затоа не би навлегувал повторно да ги објаснувам и да ги повторувам работите. Мојот одговор значи лежи во она што го говорев претходно во мојот настап. Инаку, тоа е демократски и позитиво ме изненадува пратеникот Флоровски, тоа сакам јавно да го кажам дека настапи конструктивно и дека е еден од покоректните пратеници од опозицијата.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувани дами и господа еве и јас дојдов на ред да го кажам сопственото мислење за законот кој што ни го предложи оваа Влада во скратена постапка без да размисли дека овој закон е обврска од Рамковниот договор. И ако е така потписници на Рамковниот договор помеѓу другите се и ВМРО-ДПМНЕ односно нејзините претставници тогаш и дека треба како потписници на Рамковниот договор, значи како политичка партија која што ја презела обврската да го имплементира Рамковниот договор, да биде консултирана и да се чуе нејзиното мислење за да не се случува ова што се сллучува денес на расправата да имаме дијаметрално спротивставени гледишта, а сепак да имаме една единствена цел а тоа е спроведувањето односно завршувањето конечно на пакетот од закони кои што произлегуваат од Рамковниот договор.

Значи, доколку опозицијата беше консултирана и учествуваше во обликувањето на законскиот текст можеби Владата ќе се предомислеше за овие решенија кои што сега ги нуди и кои што навистина апсолутно според мое лично мислење и според мислење на партијата немаат никаква врска со Рамковниот договор и со Уставот на Република Македонија. Најпрвин што е тоа што требаше да биде направено пред да ни се понуди овој закон за употреба на знамињата на етничките заедници.

Логичен редослед на нештата е ако нешто веќе употребувате треба да знаете што е тоа што го употребувате.

Значи имаме закон за употреба на знамиња на етнички заедници а никој во Република Македонија не знае кои се знамиња на етничките заедници ќе се веат на територијата на Република Македонија.

Се вели тоа е право на етничката заедница сама да си каже кое ќе биде знамето. Ако е така зошто тогаш имаме ние закон за знаме на државата Република Македонија. Нели помина конкурсот, се кажа во Парланментот дека тоа ќе биде знамето на Република Македонија и немаше потреба да се носи закон со ликовно графичко решение точно кажа што се треба да содржи знамето на Република Македонија. Зошто и во овој случај не се следи логичниот редослед на нештата да утврдиме кое е тоа знаме, па да се каже закон за знамиња на етничките заедници во Република Македонија и да се знае која етничка заедница кое знаме ќе го употребува, односно ширина и должина на знамето да се каже внатре, како впрочем што е направено и во законот за знаме на државата Република Македонија и понатаму да следи ликовно графичкото решение, она што е опишано да биде видено и насекаде каде што ќе се веат знамињата на етничките заедници низ територијата на Република Македонија да биде секое знаме апсолутно идентично од она што е дадено како законско решение, значи што е тоа знаме на односната етничка заедница која што има право да го вее знамето на локалните објекти, а според овој закон и пред државните објекти на локално ниво. Значи, она што отсуствува, а што е неопходно потребно е навистина најпрвин Владата да предложи закон за знамиња на етничките заедници, па дури тогаш да расправаме како ќе се употребуваат тие знамиња на етничките заедници. Сега имаме тотално обратен редослед. Донесуваме закон, уредуваме една област за која што немаат поим граѓаните во Република Македонија кои ќе бидат тие знамиња што ќе се користат на територијата на Република Македонија. Значи, и не само тоа, туку воопшто не знаеме и не е кажано во која постапка и кое е тоа тело што ќе каже, еве, точно тие се знамињата на етничките заедници, дали тоа ќе биде Комитетот за односи меѓу заедниците, или сосема некое ново тело, меѓутоа тоа никаде не е кажано, дури ни во овој закон за употреба на знамињата на етничките заедници во Република Македонија. Можеби нема ни потреба да се носи друг закон ако овој закон се согласите да оди во две фази, па внатре најпрвин ставите одредби кои се тоа знамињата на етничките заедници, какви се нивните графички и ликовни решенија, кој утврдува во која постапка претходно, па да знаеме што е тоа што ќе се уредува со овој предлог кој што веќе го имате доставено пред пратениците во Парламентот. Инаку, апсолутно неспорна е потребата и се согласуваме со тоа дека амандманот, односно точка 7 од Рамковниот договор која што понатаму се преточи во амандманот 8 треба да биде реализирана и треба да се донесат закони и да се регулира оваа област на употреба на симболите на етничките заедници. Но, онака како што е напишано во Рамковниот договор, а што се заборава и во дискусиите и во предлогот на законот кој што ни се дава со почитување на меѓународните правила и примени. Да видиме какво е решението што се нуди во законот кој што ни се дава. И спорниот член 2 кој што предизвика толкава бура во јавноста и полемика овде во македонскиот парламент. Значи, членот 2 кажува во ставот 2 дека под знаме на етничките заедници се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености. До тука апсолутно ништо не е спорно. Се согласувам дека треба да се почитува мислењето, односно ставот на етничката заедница, тоа е нивно право, природно право како што беше овде кажано од претставниците на албанската етничка заедница тие да кажат кој е нивниот национален симбол. Но, недостасува една одредба која што би претставувала повторно имплементација доследна на Рамковниот договор со почитување на меѓународните правила и примени. А што ни кажуваат меѓународните правила и примените, односно што е праксата, меѓународната пракса во моментов во однос на употребата на туѓите знамиња, знамињата на туѓи држави на територија на други држави. Ја имаме само

Виенската конвенција која што зборува за екстериторијалноста која што ја спомна пред малку колешката и која што јасно кажува на кој начин се употребуваат и во кои случаи се употребуваат знамиња на туѓи држави на територија на друга држава значи, на амбасади, на конзуларни претставништва и сите оние нешта кои што се наброени таму, меѓутоа, означуваат екстериторијалност. Значи, она на што упатува Рамковниот договор и точката 7 дека треба да се почитуваат меѓународните правила и примени. Во овој случај воопшто не се испочитувани. Во текот на деновите откако се појави овој закон, се даваат толкувања дека, па како нема во меѓународната пракса употреба на туѓо знаме, знаме на туѓа држава на територија на друга држава. Примерот го дава со Романија, па со Хрватска, меѓутоа тоа се буквално незначителен процент од оние држави кои што дозволлуваат такво нешто да се употребува кај нив. Меѓународната пракса не е исклучокот кој што го прават овие земји, туку правилото кое што е прифатено од страна на сите земји. Да земеме, што ќе се случи со примената на ваквата одредба доколку остане овој Предлог и доколку си го изгласате, што би можело да се случи доколку Република Турција чие што знаме е заштитено во меѓународната употреба со закон е кажано во кои случаи и каде, значи пред конзуларни претставништва, пред амбасади и пред меѓународните организации дека може да се употребува нејзиното знаме. И сега што ќе се случи доколку повторно ни се јави Република Турција со протестна нота и ни каже дека не смееме неовластено да го употребуваме нејзиното знаме на територијата на Република Македонија. Зошто Република Албанија го има заштитено сопственото знаме на нејзината територија од употреба на знамиња на туѓи држави, односно етничките заедници во Република Албанија не смеат да употребуваат знамиња на нивните матични држави, примерот со Република Грција, па имаат направено грчката етничка заедница знаме кое што ги содржи карактеристиките на грчкото знаме меѓутоа не е идентично и не смее да биде идентично според постојните закони во Република Албанија со знамето на Република Грција. Значи, во Република Албанија аналогно на тоа ниту македонското државно знаме не може во општините каде што имаме мнозинско македонско население да го користат нашите делови од македонскиот народ во Албанија, но можат делови од албанскиот народ кои се во Република Македонија да го веат знамето на Република Албанија.

Навистина нема логичност во тврдењето на ваквите тези, бидејки како што Република Албанија си го заштитува сопственото знаме од употребата на знамиња на туѓи државни на нејзината  територија и смета дека со тоа се нарушува нејзиниот суверенитет, така и државата Република Македонија треба да си го заштити своето знаме и да каже дека апсолутно идентично знаме на друга држава не може да се користи како национално знаме односно знаме на етничката заедница. Не знам какви да бидат промените, можеби инајминимални, меѓутоа треба да се знае дека тоа знаме се разликува од државното знаме на Република Албанија, на Република Турциј аили други држави штоимаат етнички заедници во Република Македонија.

Неминовно е потребно, навистина сериозно пратениците од парламентарното мнозинство да размислат зоштоне е дозволено во други земји и зошто се смета повреда на суверенитетот употребата на знамиња на туѓи држави? Еве пример од меѓународната пракса, од нашето опкружување, Република Словенија.

Република Словенија има доенсено Одлука на Уставниот суд, а нели Република Словенија е членка на Европската унија, наш пример како ние треба да ги усогласуваме нашите закони и како да го поминеме патот што Република Словенија го има поминато, да влеземе во големото семеќјство на европските народи.

Еве како Република Словенија, нејзиниот Уставен суд кажува за употребата на знамиња на туѓи држави на нејзина  територија. Па, во Одлуката на Уставниот суд по однос на ова прашање се вели дека:

"Употребата на симболот на друга држава на територијата на Република Словенија би претставувало посегање во суверeноста на Република Словенија", се мисли за знамето и химната на Република Италија и Маџарска, како што е напишано во Одлуакта на Уставниот суд на Република Словенија. Да не зборуваме за Република Грција, исто така, да не зборуваме за другите земји околу нас. Значи, меѓународната пракса, онаа на која не упатува Рамковниот договор кажува нештопоинаку, дека употребата на туѓо знаме на територија на друга држава, значи друго државно знаме е загрозување на суверенитетот на таа земја и токму заради тоа е Виенската конвенција, на кој начин туѓо државвно знаме ќе се користи на територија на друга земја и се кажува дека тоа значи  екстериторијалност.

Овде се зборуваше многу за тоа дека Уставот на Република Македонија и промените на Уставот на Република Македонија го бараат ваквото решение и го дозволуваат ваквото решение што се дава во законот. Меѓутоа, Амандманот 8 на кој што и во текот на комисиската расправа се повикуваа пратениците од парламентарното мнозинство, меѓутоа пред малку и господинот Кондарко, кој не навелзе буквално во никакво елаборирање на тоа што претставува уставеноснов за овој закон, значи Амандманот 8 зборува дека припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница. Тоа е апслутно неспорно ниту од позиција, ниту од опозиција. Не знам зошто се кажува ова решение за да се оправда можноста што се дава со законот да се користи знаме на туѓа земја на територијата на Република

Македонија. Тоа не го кажува Уставот на Република Македонија, ниту Амандманот 8. Тој само зборува дека етничките заедници имаат право на свој национален симбол. Тоа е апослутно неспорно.

Сега доаѓаме до уставноста или неуставноста на овој Предлог на закон. Зошто ние тврдиме дека овој закон што нам ни се предлага и остава можност знаме на туѓа држава да се употребува на територијата на Република Македонија, зошто ваквото решение е повреда на суверенитетот на нашата држава, на Република Македонија?

Со членот 1, ставот 2 од Уставот на Република Македонија се вели дека суверенитетот на Република Македонија е неделив, неотуѓив и непренослив. Во исто време, мора д анапомнам дека член 1 став 2 од Уставот на Република Македонија воопштоне е изменет со потпишувањето на Рамковниот договор.

Дури напротив, со точка 1.2. од Рамковниот договор, во Основните принципи, јасно се кажува дека суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија, дури и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат.

Значи, решението што ни се нуди, со кое што буквално се прави делење на суверенитетот, а и тоа ќе го објаснам зошто се дели суверенитетот со употреба на туѓо знаме е спротивно и на Рамковниот договор, спротивно и на член 1 став 2 од Уставот на Република Македонија.

Морам да напомнам дека и членот 5 од Уставот на Република Македонија не е променет со уставните амандмани, со потпишувањето на Рамковниот договор и амандманите што произлегоа од него и сеуште таму стои дека државни симболи на Република Македонија се грбот, знамето и химната кои што го одразуваат државниот суверенитет и територијален интегритет на Република Македонија.

Е сега, кога на територијата на Република Македонија, како што е Предлогот на законот, ќе се даде можност да се употребува туѓо државно знаме на наша територија, ќе се случи една состојба пред локалните објекти,како што велите во законот дури и државните објекти на локално ниво, тоа значи локалната полиција, тоа значи објектите на одбраната, тоа значи како што беше кажано на објектите што се на граничните премини, секаде да се употребува, покрај државното знаме на Република Македонија и државното знаме на Република Албанија и во моментов, како што е решението и државното знаме во две општини на Република Турција.

И, што ќе значи, почитувнаи колеги, доколку пред полицијата стои, значи не во приватна употреба, она што сакаше господинот Кондарко овде да го протне, дека апсолутно нема ништо лошо, нашите го употребуваат во Австралија и во Америка сопственото државно знаме, овде зборуваме за употреба на туѓо државно знаме на наши објекти, на објекти на дури државни објекти на Република Македонија и локални објекти на Република Македонија.

Што означува државниот симбол на државата Република Албанија и државата Република Турција што ќе се употребуваат на територијата на Република Македонија? Исто она што означува и нашиот државен симбол, значи суверенитетот го одразува и територијалнио тинтегритет на државата чиј што симбол е претставен.

И сега, од една страна го имаме знамето на Република Албанија, од друга страна, повисоко или пониско, како што кажуваат колегите, како да има некое значење суверенитетот дали е повреден или не ако е знамето 1 метар или 20 сантиметри малку повисоко, значи тоа ќе ни кажува колку е повреден или не е повреден суверенитетот на Република Македонија, значи имаме знаме на Република Македонија што го одразува нашиот суверенитет и територијален интегритет и до него веднаш знаме на туѓа земја кое што исто така зборува за суверенитетот и територијалниот интегритет на таа земја чиј што симбол се употребува. Значи, имаме овде буквално делба на суверенитетот на територијата на Република Македонија. Тоа значи дека полицијата, таму каде што е ставено знамето и на Република Албанија и на Република Македонија и на Република Турција и на Република Македонија, тоа значи дека таа институција, таа државна иснтитуција не е исклучиво суверенитетот над неа го нема Република Македонија туку државата чиј што симбол означува суверенитет на државата Република Албанија или државата Република Турција. И вие ќе кажувате дека тоа не е делење на суверенитетот? Дека тоа не е повреда на членот 1, став 2 од Уставот, кој вели дека суверенитетот е неделив. А, ние го делиме суверенитетот со поставување на туѓи државни знамиња на државниобјекти. Не само на локални, туку и на државни објекти.

Почитуванид ами и господо, уште пред да биде Рамковниот договор, уште пред да се потпише, после гостиварските настани беше донесен апсолутно идентичен закон со идентични решенија 1997 година, што беше ансловен како Закон за употреба на знамињата, преку кои припадниците на националностите во Република Македонија го изразуваат својот идентитет и своите национални особенсоти, тоа е 9 јули 1997 година. Таму, исто член 2 став 2 вели, под знаме се подразбира, на етничките заедници, се подразбира знаме што припадниците на националноста го избрале или го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и национални особености.

Апсолутно идентична одредба со сегашното решение што се нуди со овој закон.

Што се случи после тоа?

ПовеЌе апртии, меѓу која и ЛДП, доставија до Уставниот суд Предлог за преиспитување на уставноста на донесените решенија во овој закон.

Што се случи? Уставниот суд на Република Македонија, одлучувајки по овој закон, разгледувајки ги одредбите, имајки ги во предвид, да не ви го читам образложението бидејки е многу страници, имајки го во предвид членот 1 став 2 од Уставот на Република Македонија кој што, повторно ќе повторам, сеуште не е променет, ниту со потпишувањето на Рамковнио тдоговор, значи со амандманите што произлегоа од Рамковниот договор, сеуште во Уставот стои дека суверенитетот е неделив, неотуѓив и непренослив.

Сеуште, членот 5 од нашиот Устав, кажува дека државни симболи на Република Македонија се грбот, знамето ихимната, преку што се одразува суверенитетот и територијалниот интегритет на државата Република Македонија.

Па, почитувани колеги, согласно со овие два члена од Уставот на Република Македонија Уставниот суд има донесено Одлука дека државните симболи на Република Македонија се грбот, знамето и химната, со државните симболи се изразува државниот суверенитет и територијален интегритет на Република Македонија и тоа не остава просотр ниту можност за постоење на закони со кои штоприпадниците на националностите кои живеат на територијата на Република Македонија чии матични делови поправило живеат во други земји, ќе го изразуваат својот суверенитет со државни симболи на матичнара земја. Она што е најспорно во Законот од 1997 година и чија што уставност ја ценел Уставниот суд на Република Македонија е токму оваа можност што е дадена и со овој закон, туѓи држани знамиња да се веат на територијата на Република Македонија.

Почитувани дами и господа,

Не треба јавноста да се доведува во заблуда дека, како што беше пред малку кажано и од господинот Кондарко, без никакви аргументи, без никаквонавлегување во она што е Одлука на Уставниот суд и она што го ценел судот, да се каже дека сега имаме друга ситуација, имаме донесено Рамковен договор и сето она што беше претходно, не важи. Е, па, не е така.

Членот 48 е променет. Точно така. Меѓутоа, е променет, повторно ќе кажам, само во делот со Амандманот 8, само во делот кој што кажува дека припадниците на заедниците имаат да ги употребуваат симболите на својата заедница. Никаде не вели во Уставот дека можат тие симболи да бидат идентични со знамиња на туѓи држави. Значи апсолутно измислување на тезите.

А, Одлуката на Уставниот суд, што е донесена, повторно ќе кажам, членовите врз кои што е заснована, овде се кажува и за членот 48, меѓутоа се зборува за суверенитетот, се зборува за територијалниот интегритет на Република Македонија дека се нарушува со употреба на туѓи знамиња. Тоа, почитувани дами и господа, не го промени Рамковниот договор, туку уште толку и тој го гарантира. Повторно ќе викажам точка 1.2. од Рамковниот договор вели "Се гарантира суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија". Она што е уставно начело, она што е Устав и член 1.2.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева,

Има уште 4 минути и нема потреба од викање, навистина, ве молам.

**Силвана Бонева:** Зборувам само гласно почитуван претседателе...

**Љупчо Јордановски:** Добро тогаш јас ќе се одалечам...

**Силвана Бонева:** Повторно ќе повторам дека Одлуката на Уставниот суд повторува дека давањето можност на територијата на Република Македонија, покрај нејзиното знаме да се вее и знамето на друга држава, со што се доведува во прашање нејзиниот суверенитет кој е неделив, неотуѓив и непренослив и е загарантиран со членот 1 од Уставот на Република Македонија. Тоа е уставниот конфликт, односно тоа е она што го укина Уставниот суд, а сега ни се нуди идентичен закон по кој што веќе се има произнесено Уставниот суд и што претставува уставна норма што сите ние треба да ја почитуваме.

И што е тоа друго што овој закон не го почитувал? Во членот 5 од законот што ни се нуди се зборува дека знамињата можат да се истакнуваат дури и пред објекти од државен карактер. Навистина незнам од кој Рамковен договор го препиша законодавецот, односно Владата што ни го предлага овој закон, во кој Рамковен договор го видоа тоа право пред објектите и во објектите на државните органи, на јавните служби и правните лица основани од државата дека треба да биде поставувано знамето на етничката заедница?

Тоа, почитувани дами и господо, е надвор од Рамковниот договор, тоа значи отворање на Рамковниот догово рили ревизија на Рамковниот договор, што не смее да биде допуштено. Вие, многу пати до сега си го толкувате онака како што вам виодговара и како што сакте, а не онака како што е напишано.

А, во Рамковниот договор е многу јасно кажано, точка 7.1. во однос на симболите - непосредно до симболот на Република Македонија локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со што се обележува идентитетот. Никаде не стои пред државните органи, никаде нес тои пред јавните служби, правните лица основани од државата. Тоа е проширување на Рамковниот договор, тоа е отворање на Рамковниот договор што е штетно за државата Република Македонија. Нели велиме постојано дека треба доследно да го спроведуваме Рамковниот договор? Каква доследност е тоа? Каков закон ни се нуди што не е ниту во согласност со Рамковниот договор, ниту во согласност со Уставот на Република Македонија?

И, ве молам почитуван претседателе, ако може за пет минути, ќе завршам.

**Љупчо Јордановски:** Ќе бидеме точни. Ќе продолжите после паузата. Уште една минута имате.

**Силвана Бонева:** И уште нешто, ако се почитуваше и Рамковниот договор, тогаш во Рамковниот договор, беше преточен во Законот за локална самоуправа што се донесе веднаш после ...

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со расправа.

Госпоѓо Бонева сакате ли да продолжите? (да)

Повелете.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе многу пати знаете да кажете дека сте принципиелен, но се покажа овој пат дека навистина отстапувате од вашите принципи тогаш кога не ви оди во прилог нешто. Кога ви оди во прилог сосема друго постапувате.

Не дозволивте пред паузата да го довршам моето излагање за уште неколку минути, а два пати досега само во овој месец само на мене ми имате дозволено после 18,00 часот повеќе од 30 минути да зборувам само заради тоа што сакате да ја затворите расправата по законите, за да не се јавуваат повеќе пратениците, да ги фатите кога се на одење и тогаш дозволувате и по 35, 36 минути да се продолжи расправата. Мислам дека коректно од ваша страна . . .

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам.

Госпоѓо Бонева јас ќе ви ги дадам сите снимки додека сум јас претседател и ако најдете нешто такво јас ќе ја принаам мојата грешка и веќе нема никого да прекинувам, и цел саат да претерувате после одредено време. Тоа што вие сте го имале како можност, тоа мислам дека беше од претседателот негова флексибилност, а последниот пат беше во согласност со пратениците, бидејќи ги прашав.

**Силвана Бонева:** Требаше и овој пат да ги прашате.

**Љупчо Јордановски:** Е тоа сега бидна.

Повелете.

**Силвана Бонева:** Дискутиравме за Предлогот на законот кој што го нуди Владата за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија.

Кажав дека овој закон и решенијата кои се нудат се надвор од меѓународната пракса на која што се повикува и Рамковниот договор дека со можноста да се дозволи употреба на туѓи знамиња на територијата на државата Република Македонија се нарушува државниот суверенитет на Република Македонија , кој што е јасно дефиниран во членот 1 став 2, од Уставот на Република Македонија, кој што кажува дека суверенитетот е неделив, неотуѓив и непренослив.

Самиот Рамковен договор исто така јасно кажува дека е обврска да се зачува суверенитетот на Република Македонија и нејзиниот унитарен карактер, а со ваквото решение се остава можност за делба на суверенитетот на државата Република Македонија.

Имаме отворање со законот на Рамковниот договор или поточно негова ревизија. Како што напомнав тоа е доста опасно бидејќи се губи и авторитетот на Рамковниот договор, се губи авторитетот и на амандманите кои што ги имаме донесено и секој може да си го толкува Рамковниот договор онака како што му одговара.

И токму тука застанав, за точка 7 од Рамковниот договор кој што зборува дека во однос за симболите непосредно до симболот на Република Македонија локалните власти ќе ја имаат слободата само на предната страна на локалните објекти да поставуваа симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата.

Со законт кој што ни се нуди во членот 5, значи спротивно на одредбите од Рамковниот догоро, точка 7.1 се вели дека во единиците на локалната самоуправа во која што живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа пред и во објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата, јавните служби и правните лица што се основани од единиците на локалната самоурпава на улиците, плоштадите итн, покрај знамето на Република Македонија ќе се вее и знамето на етничката заедница. Значи имаме проширување односно излегување надвор од одредбите на Рамковниот договор и дозволување на употреба не само пред објектите на локалната самоуправа, како што е дефинирано во точка 7.1 од Рамковниот договор, туку и пред државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата.

Токму заради тоа кога пред државните органи ќе се постави знаме на туѓа држава тоа значи дека суверенитетот на државата Република Македонија се дели со суверенитетот што го симболизира знамето на туѓата земја, туѓата држава чиј што симбол се употребува на државните објекти на локално ниво.

Значи, овде имаме целосно прекршување, односно надминување на одредбите од Рамковниот договор што е недозволиво бидејќи сите ние постојано зборуваме, односно најповеќе претставниците на парламентарното мнозинство дека треба доследна примена на Рамковниот договор, а овде гледаме не доследна примена на Рамковниот договор туку нова ревизија на Рамковниот договор се прави.

Сакам да напомнам дека ваквото решение кое што ни се нуди и кое што е содржано во членот 2 став 2, од Законот со кој се дава можност туѓи знамиња, знамиња на туѓи држави да се употребуваат на територијата на Република

Македонија, тоа е спротивно и е во коализија со одредбите кои што ги содржи нашиот Закон за локална самоуправа кој што е донесен непосредно после склучувањето на Рамковниот договор на 29 јануари 2002 година, со "Службен весник" број 5 стапува на сила и се донесе нов Закон за локална самоуправа заради потребата од усогласување со Рамковниот договор. Што имаме сега во Законот за локална самоуправа.

Во член 10 каде што имаме одредби за грбот и знамето на општината во ставот 3 се зборува: "Грбот и знамето се разликуваат и од грбот и знамето на другите држави, единици на локални самоуправи на други држави и на меѓународни организации". Зошто почитувани дами и господа токму во овој дел каде што се регулира употребата на грбот и знамето на општината законодавецот тогаш имал потреба да дефинира една ваква одредба со која што на локално ниво во однос на употребата на знамињата на локалните самоуправи имал потреба да каже дека не смеат да бидат идентични со знамиња на други држави. Зошто сега се излегува надвор од ваквото толкување на Рамковниот договор дека не е дозволено знамиња на други држави да се вејат макар и како знамиња на локални самоуправи на територијата на Република Македонија. Тоа не се почитува и за законот за употреба на знамиња на етнички заедници или законот за знамиња на етничките заедници, туку велиме тука нема потреба од прецизирање дека не смеат знамиња на туѓи држави да се вејат на територијата на Република Македонија.

Аналогно на решенијата од Законот за локална самоуправа и на прецизирањето кое што го имаат внесено и за кое што зборува ставот 3 дека грбот и знамето се разликуваат и од грбот и од знамето на туѓите држави и на единиците на локална самоуправа и други држави. Значи, тоа аналогно треба да се примени и на овој закон. Само немојте да кажете дека тоа било пред Рамковниот договор. Повторно повторувам дека овој закон е усогласен со Рамковниот договор и е донесен токму заради тоа после потпишувањето на Рамковниот договор да биде усогласен со Рамковниот договор и тоа е тоа што треба да се почитува. Аналогно на ваквото решение неопходно е потребно да се содржи една одредба која што јасно и гласно ќе каже дека идентични знамиња со знамиња на туѓи држави не смеат да се употребуваат како етнички знамиња, знамиња на етничките заедници на територијата на Република Македонија. Токму заради тоа се и огромниот број на амандмани од колегите пратеници, од многу пратенички групи за да се каже тоа што е испуштено да се направи во овој Предлог на закон, а што е направено во Законот за локална самоуправа.

Значи, ако Законот за локална самоуправа е усогласен со Рамковниот договор треба и овој закон да биде усогласен со Рамковниот договор и да не биде доведена во прашање сувереноста на државата Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници,

Овој закон беше потребен да биде донесен за да го заокружиме процесот на исполнување на обврските од Рамковниот договор. Наместо тоа со овој закон имаме отворање на Рамковниот договор, проширување на одредбите на Рамковниот договор, а морам да ве потсетам дека не сте само вие потписници на Рамковниот договор. Потписници се и другите политички партии, меѓутоа потписници се и претставници на Меѓународната заедница и навистина отворањето само од ваша страна на Рамковниот договор не и оди во прилог на државата Република Македонија. Ќе влеземе во сосема друг правец кој што не е посакуван од никого во нашата држава.

Токму заради тоа повикувам на доследно почитување на Рамковниот договор, на доследно почитување на Уставот на Република Македонија, не на интерпретирање, на доследно почитување на Олуката на Уставниот суд која што претстаавува уставна норма, која што јасно кажува што мисли Уставниот суд за веење на знамиња на туѓи држави на територијата на Република Македонија и дали тоа претставува повредување на суверенитетот на нашата држава.

И понатаму да нема воопшто тензии по однос на ова прашање бидејќи и наша цел е да се имплементира Рамковниот договор, и наша цел е етничките заедници да имаат свои знамиња бидејќи со тоа сме се согласиле, меѓутоа во согласност со меѓународните правила и примени како што е јасно кажано во Рамковниот договор во точка 7.1 а не по примерот на исклучоците од меѓународната пракса. Значи, според меѓународните правила и примени како што јасно е кажано во Рамковниот договор и како што никаде во Уставот не е кажано дека знамето на етничка заедница може да биде идентично со државните знамиња на другите држави.

Со консензус би го донеле овој закон доколку има расположение кај парламентарното мнозинство да ги прифати решенијата од Република Албанија за кои што зборував пред паузата и мислам дека ако грчкиот етнонационализам, кој што знаеме каков е дозволил во Република Албанија да се направат промени на етничкото знаме на Грците, кои што се малцинство во Република Албанија и тие користат модифицирано знаме на етничката заедница на грчката етничка заедница можеме ваквото решение да го примениме и во Република Македонија воопшто не навлегувајќи во правото на етничките заедници и на албанската и на турската и на другите етнички заедници што е тоа што ќе се стави на знамето за да се разликува од државното знаме кое што го означува државниот суверенитет и територијален интегритет на другата држава. Значи знаме кое што по нешто ќе се разликува од државното знаме кое што го симболизира суверенитетот и територијалниот интегритет и на Република Турција и на Република Албанија. Значи, да се изнајде едно решение кое што ќе биде прифатливо за сите, а

верувајте дека ние како ВМРО-ДПМНЕ она што претставува обврска од Рамковниот договор апсолутно ја почитуваме и наша заложба е да се изнајде едно разумно решение, меѓутоа не на штета на суверенитетот и територијалниот интегритет на нашата држава Република Македонија, туку во согласност со Уставот на Република Македонија, со јасно дефинираниот суверенитет дека е неделив, неотуѓив и непренослив и во согласност со она што претставува Рамковен договор и одредби од Рамковниот договор. Ништо повеќе, како што велите вие, и ништо помалку, а не да се отвара Рамкковниот договор и да се доведува во прашање суверeноста на државата Република Македонија.

И уште нешто што заборавив, меѓутоа понатаму во амандманската расправа ќе зборуваме. Уште многу нешта остануваат недоречени, не добро дефинирани во овој закон, заради тоа се и огромниот број амандмани, меѓутоа вака нема да постигнеме добро законско решение. Направете барем во две фази да оди овој закон за да може навистина сериозно да се разгледаат сите предлози од пратениците, да може да се консултира меѓународната пракса и да можеме да донесеме еден закон кој што ќе не обединува, а не да не разединува. Никој не треба да се чувствува ниту губитник, ниту пак добитник. Значи, целта треба да ни биде тоа како законодавен дом, а не да ги подгреваме постоја страстите, не постојано да правиме тензии во јавноста. Токму заради тоа повторно ќе кажам, во две фази минимум да се донесе овој закон и во меѓувреме да се размисли за донесување на закон за знамиња на етничките заедници каде јасно ќе биде дефинирано во која постапка, како, како ќе изгледа, како ќе биде графичкото ликовно решение на знамињата кои што ќе треба да се употребуваат на територијата на нашата држава. Ви благодарам за вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам.

Господине Хасипи имате реплика, но бидејќи сте пријавени за збор и да не го изгубите редот повелете на говорница.

**Кенан Хасипи:** Госпоѓата Бонева и на емисијата "Чуму" на А-1 телевизија и денеска од оваа говорница произволно коментира одредени одредби од Законот за употреба на државното знаме на Република Турција третирајќи и како забрана за користење на државното знаме на Република Турција вон нејзините граници.

Одредбата се однесува на ситуации при кои што е обавезна употребата на турското знаме, бидејќи согласно меѓународното право амбасадите се екстериторијални, дел од територијата и таму се користи државното знаме. Госпоѓата Силва Бонева нека ми цитира една одредба од законот за државно знаме на Република Турција каде што изричито се забранува користење на тоа знаме вон територијата на Република Турција.

Второ, она што госпоѓата милува да ги нарекува како демарш одредени постапки на Република Труција се однесува на периодот кога турското знаме беше истакнато, а не постоеше закон за употреба на знамиња на националностите. Нормално дека во случај на непостоење на правна норма Република Турција реагира доколку законот се применува вон нормите и стандардите пропишани со закон на таа држава.

Според тоа јас ја молам, во најмала рака е невкусно преку пласирање на вакви произволни толкувања да се донесуваат во заблуда обичните граѓани на турската заедница кои немаат познавање на оваа проблематика. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева повелете, имате една минута.

**Силвана Бонева:** Она што го користев почитуван колега во мојот говор го најдов на САЈТОТ на Министерството за надворешни работи на Република Турција, а Република Турција 1997 година реагираше за Гостиварските настани и испрати протесна нота за да не се употребува нејзиното знаме неовластено, не заради тоа што во Република Македонија немаше правна норма, туку заради тоа што тоа беше интерес на државата Република Турција.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има ли некој друг за реплика?

Господине Витановски, повелете од говорница ако не сакате редот да го изгубите.(не од овде ќе зборувам)

Добро, уклучете го господинот Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Не мислев да реплицирам, но ме поттикна колешката Силвана бидејќи толку многу се залага за графичко и ликовно изразување на знамето. Таа ја направи истата грешка на Комисијата и сега. Пред целиот македонски народ и овде пред јавноста, таа зборува за знаме на Република Македонија, а истакнува друго знаме кое е во црно бела боја. Такво знаме не постои во Република Македонија. За знамето на Република Македонија ќе имаме закон и ќе го кажеме и графичкото и ликовното изразување на тоа знаме. Еве стои пред нас можеме да го видиме. А изразување на знаме во црно бела боја, не знам која и е целта, мислам дека не е во ред и треба да се извини за таа работа.

Во однос на донесувањето на овој закон и околу исказот дека со донесување на овој закон ќе имаме делба на суверенитетот на Република Македонија, јас сметам дека истакнувањето на знамето на заедниците, покрај знамето на Република Македонија, не значи нарушување на суверенитетот. Мислам дека со овој закон кој што е денеска на дневен ред имаме во 19 општини каде што се мнозинство заедниците, имаме истакнување на знамињата на заедниците. И тоа во 16 општини албански, во 2 турски и во 1 ромски. Така да, нема да биде секаде низ цела Македонија истакнување на знамињата на

заедниците. Овде и на оваа говорница зборуваме сите само за албанско знаме.

Јас сметам дека овој закон е закон за употреба на знамињата на заедниците, а не за изгледот и ликот на знамето. Мислам дека ќе следи уште еден друг закон, кој што закон ќе каже како ќе изгледаат знамињата на заедниците. Ако овој е закон за употреба на тие знамиња.

Во однос на другата дискусија на колешката, таа се согласува за тоа дека е обврска од Рамковниот договор и го почитува Уставот на Република Македонија. Впрочем, овој закон тоа и го има. Но сите дискусии од колегите се за некој иден закон кој што треба да го носи Парламентот, а тоа е за изгледот на знамето на заедниците. А овој е закон за употреба на знамињата на заедниците. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, имате реплика една минута повелете.

**Силвана Бонева:** Мило ми е што колегата Јанаќе Витановски го потврди фактички она што јас го зборувам. Имаме обратен редослед на нештата. Значи прво треба да донесеме закон за знамиња на етничките заедници, а потоа закон за употреба на знамињата на етничките заедници, да знаеме што е тоа што ќе го употребуваме на територијата на Република Македонија. А она што го покажував од говорницата, тоа е Законот за знаме на државата Република Македонија и покажав фото-копија од Законот за знаме, за да покажам како треба да изгледа еден закон за знаме на етничките заедници, бидејќи таму многу јасно е кажано и со графичко ликовно решение и одредби кои што го опишуваат како треба да изгледа знамето. Тоа беше суштината на моето покажување на фотокопија во црно-бела техника на Законот за знаме на државата Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Абдилаќим Адеми имате три минути реплика.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседателе, претходно говорничката сакаше да ги објасни обврските, или пак Уставот на Република Македонија. Освен тоа, ние имаме и Охридски договор. Во нејзиниот говор таа вели дека со овој закон се губи сувереноста и се нарушува територијалниот интегритет.

Во членовите 4 и 5 од овој закон многу јасно се дефинира дека знамињата на етничките заедници се употребуваат покрај државното знаме. Значи не се нарушува во случајот интегритетот и суверенитетот на државата што е гарантирано и во Уставот и во Охридскиот договор, каде што се вели дека со овој договор се гарантира унитарниот карактер и се заштитува суверeноста на државата. Се друго е како вие го читате Охридскиот договор.

Од друга страна услов на Република Македонија за интегрирање во структурите на ЕУ и НАТО е токму целата имплементација на Охридскиот договор и кога го имаме предвид фактот дека оценувањето кое што треба да му се даде при крајот на оваа година околу исполнувањето на критериумите за добивање статус кандидат за Европската Унија, тогаш можеме да констатираме дека овој услов кој што е неприкосновен, треба да се имплементира што побрзо. И кога зборувате за Уставниот суд, амандманот ВИИИ целосно го менува член 42 од Уставот дека заедниците имаат право слободно да се изразат, да ги негуваат своите права и на крајот се вели дека се употребуваат симболите нивните, односно на своите заедници. Значи многу јасно се вели за уставноста на овој закон.

Потоа, мислам дека никој денес не е во позиција да дели права. Правата се гарантирани со Уставот. Правата се гарантирани во Охридскиот договор и не ни останува ништо друго да ги имплементираме истите, бидејќи ниту вие не сте во ситуација да ги делите правата на Албанците.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева вашата минута повелете.

**Силвана Бонева:** Воопшто не се поставив во ситуација да делам права на Албанците. Јас јасно кажав дека националното знаме на албанската етничка заедница е нејзино право за изгледот на знамето и тоа не смее да биде идентично со државното знаме на Република Албанија и она што беше кажано од колегата дека ако се употребува знамето на Република Македонија покрај знамето на албанската етничка заедница, кое што е и идентично со државното знаме на Република Албанија, тоа значи дека не се нарушува суверенитетот.

Самиот факт што покрај знамето на Република Македонија, ќе стои знамето на Република Албанија не е нарушување на суверенитетот. Мислам дека тоа е апсурд и дека во тој случај имаме делба на суверенитетот, бидејќи пред државните органи на локално ниво стојат две државни знамиња.

**Љупчо Јордановски:** Нема повеќе за реплики. Господине Шаќири се пријавивте откако веќе почнаа репликите. Тоа правило долго време постои. Еве сега можете да го научите, да ве информирам.

Повелете господине Макрадули, имате збор.

**Јани Макрадули:** Почитувам претседателе, еве повторно типично собраниска расправа, со веќе видено сценарио уште ДПА да дојде по десети јубилеен пат, да влезе и да излезе од собраниската сала и се ќе биде комплет. И повторно истата реторика, душмани, предавници, интерес да се остане на власт, многу контрадикторности, од проста причина што имаме агенда, на која што се меѓуетничките теми. И тоа не било кои, туку оние најболните и најкревките, а тоа се македонско албанските односи, оние кои што се најподатливи до екстремните, лажните патриоти, невештите радикали. И многу факти одат во прилог на тоа што го тврдам, зашто ретко кој ќе каже дека и знамето на уште една држава е тема можеби не на овој закон, туку на последиците, но тоа е кога би биле искрени. За жал, политичкиот рејтинг сеуште го градиме на тоа што е најкревко а тоа

се меѓуетничките односи. Тема идеална за оние кои што 15 години се против нешто, а никако да дочекаме да видиме за што се. Повторно ќе кажам дека не е најасно напишано, но никако нема да понудат како, во кој рок, со кои ресурси и со кои партнери ќе го усогласат овој закон. Затоа повторно некој од опозицијата ќе ги користи и сите термини како нивниот коалиционен партнер Џафери за поделба на Македонци од албанско етничко потекло и на Македонци од славјанско етничко потекло, согласно дефиницијата на Џафери, што ќе се согласите сите сме против. И повторно некој ќе зборува за далечните 90-ти години кога дојде до промена на знамето. Тоа како да заборава и мисли дека македонскиот народ не знае дека од 1998 до 2002 бил на власт и можел и да го врати името Република Македонија, доколку можел, или пак да го смени знамето и да го врати она знаме што мисли дека е нивно. Иако, да бидеме реални и искрени на манифестациите каде што се појавуваат партиите со предзнак ВМРО и не го знаеме и вистинското знаме. Има едни со 16-то кракото сонце, има едно со лав, има едно со црвено-црното знаме на Александров. Внатре не сме го одределе името, а сакаме за други како ќе биде. И повторно, седница со контрадикторности, каде што ние не се мешаме, право им е на некои да го изберат нивниот идентитет со кој симбол ќе се поистоветува, ама да има или ова, да има или она.

Во Законот што е денес на дневен ред, воопшто не станува збор каков тип на знаме ќе имаме. Но она што се претпоставува дека идентитетот ќе го изразат преку одредено знаме, најдобра потврда вие давате колеги, затоа што вие го потенцирате цело време тоа. И очигледно, тоа што сите се поистоветуваат.

**Љупчо Јордановски:** Господине Оровчанец ве молам, ве сметам за академски граѓанин не дофрлувајте од место. Никогаш до сега не сте слушнале од оваа страна да се дофрлува. Во некои случаи. Процентуално може 1% спрема 99%. Вие и на своите им дофрлувате. Ве молам, имате право на реплика и притиснете.

**Јани Макрадули:** Со самото тоа што цело време се водат дискусии за употребата на знамето на Република Албанија, самите давате општо прифатена потврда за реалноста во Република Македонија. Како да имаме време на претек, како да не ја научивме лекцијата од многу држави, а во Македонија време е за Европската Унија. Тоа го поткрепувам со две работи.

Прво, истражувањето на Галуп, кое е изработено во февруар и во мај месец и со европското партнерство, што како држава е наша обврска на патот кон Европската Унија. Сакале некој или не, 96% од граѓаните во Република Македонија се Македонија да стана членка на ЕУ. Во кој степен го одобруваат зачленувањето на Македонија, тоа е висок процент од 79% во мај месец. Или 71% дека исклучително е важно да се влезе во ЕУ. А довербата е на границата од 77%. Или индексот на поддршка е 4,75, каде што 5 е максимумот. Анализата на одговорите според политичката преференција на анкетираните исто покажува дека и приврзаниците на опозицијата во голема мера, а тоа 4,71, малку помалку од 4,85 од оние што се членови на позицијата го поддржуваат патот кон ЕУ. Целокупниот спектар како заклучок е лоциран во близина на максимална поддршка на процесот за зачленување на Република Македонија во ЕУ. А патот на Македонија во Европската Унија, тоа и неколку пати сум го кажал, ќе го повторам сега пак. Не зависи која политичка партија е на чело. Таа е дефинирана во европското партнерство. Европското партнерство и критериум кој се состои од три поткритериуми, политички, економски, и почитување на европските стандарди.

Прво тире во политичкиот критериум е доследна имплементација на Охридскиот рамковен договор и нам не ни треба декларативни заложби дека ние сме за имплементација на Охридскиот рамковен договор, ама онака како што ние го читаме, или онака како што нас ни одговара во даден момент.

Затоа, да не се залажуваме дека можеме да го смениме европското партнерство, дека можеме да го редефинираме Охридскиот рамковен договор, туку да ја искористиме шансата и времето кое ни престои, или кое го имаме сега, или го немаме.

Често знаеме да ја критикуваме ЕУ. Тоа го чувме и денеска, или вчера од некои пратеници. Сакам да потенцирам и тоа што неколку пати сум го кажувал. Она што Европската Унија го бара од нас, не е нашата конечна цел, туку средство кое нам ќе ни овозможи да стигнеме до конечната цел, а тоа е.

**Љупчо Јордановски:** Господине Андов вие очигледно бевте присутни поретко за овие два дена. Имаше овдека и за фараони и за секакви други расправи надвор од темата. Затоа, ќе го замолам господинот Макрадули, еве, ова нека биде првата дигресија, бидејќи ги вратив назад трите дигресии.

**Јани Макрадули:** Господине претседателе, господинот Мавровски зборуваше овде за учеството на Македонија на Првата олимпијада. Јас не можам да се вратам на периодот на детството на Андов.

**Љупчо Јордановски:** Ќе имате време доволно да го кажете тоа што сакате да го кажете. Повелете.

**Јани Макрадули:** Исто како што го искаравте господинот Оровчанец, можевте да го искарате и господинот Андов.

**Љупчо Јордановски:** Јас на господинот Андов му реков дека не е често присутен овде овие два дена. Тоа реков сега. Вие продолжете, јас ќе одлучам кога некој ќе прекинам.

**Јани Макрадули:** Тоа сакам да потенцирам дека она што Европската Унија го бара од нас, не е нашата конечна цел, туку средство кое нам ќе ни овозможи да стигнеме до конечната цел,а тоа е

трансформација на македонското општество, во модерно демократско општество со пазарна економија што ќе функционира, со ефикасна администрација. Ние мора да сватиме дека Европската Унија на тој пат е нашиот партнер, кој нуди експертска, финансиска и техничка помош. И барањето од Европската Унија да побрзаме и јасните пораки што ги добиваме од Брисел треба и мора да ги сватиме како механизам за позитивен притисок, да ги завршиме нашите обврски, тука во Република Македонија. Нашите обврски, ниту се завршуваат во Брисел, ниту се завршуваат во Луксембург, ниту во Стразбург. Тука е нашата домашна работа што треба да си ја завршиме. Тоа е нашиот интерес. Европската Унија, тоа е интересот на 98% граѓани. Тоа е мојот интерес да гласам за овој закон и да се борам доследно да се имплементира Охридскиот рамковен договор. Не е мојот интерес да остане СДСМ по секоја цена на власт, заради коалиција со ДУИ. Не, мојот интерес е ист со 98% од граѓаните на Република Македонија, а тоа е ЕУ. А Европската Унија тоа што го цени како напредуваме, позитивно ја оценил и имплементацијата на Рамковниот договор во овие три години и позитивно го оценил и овој закон, позитивно го оценил и претседателот на ОБСЕ словенечкиот министер Рупел. Тоа не треба да биде само мој интерес, тоа треба да биде интерес на сите политички партии, без разлика дали се во позиција или опозиција. Бидејќи, оставајќи нешто за утре, заради дневно-политички околности, тоа утре може да се претвори во малку морген, односно да се случи никогаш. Затоа, за СДСМ овој закон се третира многу повеќе од меѓуетничка тема. Тоа е последното камче од мозаикот наречен имплементација на Охридскиот рамковен договор. Првиот политички критериум во европското партнерство.

Реков и вчера, ќе повторам и денес СДСМ ја избра европската иднина, наспроти националистичкото минато. Забораваме дека 2001 и 2002 година не уверија дека мирот и стабилноста на државата ни е се. Нема ли мир, нема ни демократија, економија и право на држава.

Затоа, една од основните задачи беше и сега е, да го вратиме мирот, сигурноста, стабилноста. За жал, тоа е знак на еднаквост со коректните меѓуетнички односи. Денес кога владеат глобални правила на игра насекаде, посебно во Европа.

Да немаме илузија оти некој ќе не нападне од надвор или да сееме страв меѓу граѓаните. Тој и да сака тоа ќе го направи единствено со подгревање или нарушување на меѓуетничките односи со цел да создаде проблем. И повторно слушаме за заплашувања, опасности, поделби, федерализации и тоа од никој друг, туку од прекројувачите на граници и заговорниците за поделби. Тоа ви е исто, како што еден мој почитуван новинар напиша еднаш, тоа ви е исто, таа иронија е иста како Циле Топурковски на ТЕНАЈМЕН да држи говор против независноста на Тајван.

СДС три години ја бара и ја наоѓа вистинската формула за траен мир и политичка стабилност, како неопходен предуслов за решавање на сите други проблеми и тешкотии во нашата држава. Одговорноста на СДС преточена во овој парламентарен состав презеде доста иницијативи, некои навидум ризични за реализирање на заложбите за мир и стабилност.

Охридскиот рамковен договор, СДСМ секогаш го третираше како компромис, кој понуди шанса. А, овој состав на пратеничката група таа шанса да ја преточи во европска перспектива.

Платформата од 2002 година се темелеше на градење на коректни меѓуетнички односи. Се постави задача како на сите во СДС, листата на пратеници, избраните министри, заменици министри. Таа одговорност се носеше, ќе се понесе и сега. Тоа некој го ценел и тоа и ќе се цени.

СДСМ се реши да го понесе тој товар и затоа без лажна скромност, сакал тоа да го прифати некој или не, претставува најголемата и најодговорната политичка партија во Македонија. СДС никогаш не ја одбра комотната позиција на бегање од критичните моменти и неносење одлуки. Тоа ги прави партиите различни. Затоа, некои се со државнички, а некои со лимитиран капацитет. Кому му е во интерес во Македонија вечно да постои агендата на нерешени прашања. Македонија не смее да стане заложник на Рамковниот договор, но никако и заложник на неспроведувањето на Рамковниот договор.

Во однос на законот, реков, најмалку се зборуваше денеска, затоа што никаде во овој Предлог на закон нема ниту конкретни бои, ниту кокретни симболи. Овој закон не зборува за естетика, овој закон зборува за употреба. Старите пракси тешко умираат. Удирате со глава во зид и ако барате нешто да се промени, нешто што е дел од традицијата, од навиките. Или претседателот на Хрватска Месиќ тоа го нарече "диоптрија на лилјак" и ние наместо промена на начинот на водење на политиката, сакаме уште да висиме како лилјаци и да ја гледаме стварноста наопаку. Многу време изгубивме во 1998 година, базирајќи се на некои квази интелектуалци, денес од комотна позиција кои со своите идеи можеби ќе дадеа друг тек ако ги прифатеа заложбите уште во 1991 година и за употреба на јазикот во Собранието, бидејќи ништо страшно не се случи во Република Македонија и за високото образование и за ред други закони. Уверен сум дека ако тоа се направеше во 1998 година, бидејќи од 1998 до 2002 година друга филозофија имаше таа Влада, ние ќе бевме во Европа сега.

Компромисите што се направени или ќе се направат на планот на нормативно симболичката верификација на претензиите на националните колективи се неспоредливо побезначајни во споредба со ефектите што ќе се добијат со

расчистување на патиштата што водат кон Европа. Сите отворени прашања треба час поскоро да се симнат од дневен ред. Ние од тој багаж мораме да се ослободиме на првата попатна станица на патот кон Европа. ој багаж е направен врз основа на старата матрица, фиксација која одбива да ја сфати реалноста и фактот дека економските и социјалните постигнувања не зависат од естетиката на симболите. Идентификацијата на сите е таа што ќе ја засили интеграцијата во државата и цврстината на државата.

Овој закон, реков, не го регулира типот на знамето. Овој закон не зборува за жолта, црвена линија помалку или поголемо. Овој закон треба да идентификува она што најмногу се плашиме, а тоа е цврстината и унитарноста на државата.

И, хипотетички како во пракса би функционирало ако преjдеме на некоја варијанта како што беше овде и имаше неколку предлози. Дали тоа ќе ја постигне целта. Дали со тоа ќе ја спречиме употребата на знамето. Она што е задача на Владата е доследно да го имплементира овој закон што ќе го донесеме. На тој начин и ќе ја изградиме довербата и на тој начин ќе кажеме јасен сигнал каква држава сакаме да изградиме.

Се мешаа повеќе работи денеска, од геополитичкото знаме на локалните заедници и кои апсолутно се геополитички во смисла на локалната заедница, географски, историски или културен настан знамиња излезени или пак грешно беа цитирани закони или устави на други држави. Овој закон има и номотехничка иста формулација како Рамковниот договор е имплементиран амандманот 8 во член 48 и не можеме да зборуваме, да се повикуваме на одлука на Уставен суд од 1997 или 1998 година кога тогаш се ценела уставноста на Уставот од 1991 година. Со измените на уставните амандмани во 2001 година, сосема е поинаква сликата и тука сакале или не сакале да признаеме мораме реално да го прочитаме и членот и она што е заложба и дух на Охридскиот рамковен договор.

Ние од СДС не претендираме дека треба да им ги збереме знамињата, ниту да учествуваме во уметнички детали. Ниту пак, сметам дека политичките партии се тие што треба да ги изберат или треба да ги цртаат знамињата. Она што е задача наша на политичките партии е да ја потсетуваме Владата на доследна примена на она што ќе го донесеме. Иако, тоа можеби некој не го гледа, се чувствува дека се наоѓаме во една критична фаза од развојот на нашата земја како европска демократија. Критична, не како израз на негативна состојба, туку на пресвртна точка. Точка по која сите можеме да излеземе како победници или да се вратиме многу чекори назад.

Факт е дека со нашиот заеднички ангажман си го отворивме патот кон Европа. Но факт е и дека со мало невнимание можеме самите во голема мера да си го отежнеме.

Она што денес пред нас е резултат на изграден, реален или прагматички компромис тежнее првенствено кон ставање во определени рамки на една материја која досега не е третирана со ниту еден законски акт. Од таму, не треба да бидеме и престроги кон самите себе и да бараме идеални солуции кои моментално му одговараат на нашиот еклекторат, притоа знаејќи дека тоа е целосно и објективно неприфатливо за останатите. За среќа граѓаните знаат и ја учат лекцијата и тоа го ценат на избори.

На крајот, дозволете ми уште еднаш да потсетам дека сите ние, всушност во 2002 година добивме мандат да работиме за доброто на граѓаните и европската иднина на оваа земја. Успешноста и одговорноста на секој од нас овде ќе се утврдува врз основа на индивидуалниот однос кон заедничката цел. Политичка стабилност, економски просперитет и социјален развој преточена низ процесот на итеграција во ЕУ.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Андов имате реплика од три минути.

**Стојан Андов:** Сакам да обрнам внимание на начинот како се водт дискусиите во Парламентот, особено неколку дискусии што му претходеа и оваа од господинот Макрадули.

Господинот Макрадули како да сака да зачука добро неслога овде и никако да не се договорат луѓето и да не најдат решение за тоа што е пред нас и со кое што се соочуваме. Ги дисквалификува пратениците од опозицијата дека однапред се против Европа, против евроинтеграциите и против соживот и против Рамковниот договор.

Од друга страна го промовира СДС на кого му припаќа како единствена партија која цврсто стои на европскиот пат. Ве молам, таквиот настап овде ништо друго не значи, освен компромитација на Македонија дека не е определена и знак дека не е определена за европска интеграција.

Основен критериум од Европа е опозицијата и власта да имаат еднаков проевропски став. Ова што го зборува господинот Макрадули е неточно, невистинито, не претходеше на оваа законска иницијатива, целосен контакт и продуктивен со луѓето од опозицијата, со партиите и со пратениците. Да се види што значи нивниот предлог за редослед на законите. Закон за тоа како ќе изгледаат знамињата на етничките заедници и закон како ќе се употребуваат тие знамиња.

Сите зборуваат дека со друг закон ќе бидат определени тие знамиња, а заедниците велат дека никој не може да им наметне како ќе изгледаат знамињата. Ве молам, кои органи на заедниците ќе ги утврдуваат изгледите на знамињата. Едноставно прашање. Дали има власт, органи кои припаѓаат само на етничките заедници. Како ќе биде решено тоа прашање. Има маса други прашања што можеше да помогнат, да се седнеше творечки и одговорно да

се расправа за тоа. Некој мисли дека ќе поентира овде со тоа што ќе ги нападне опозицијата дека овде има сили кои се против и тн., заради тоа што бараат да се расчистат работите. Е, па мора да се расчистат кога не дозволувате. Во периодот на подготовка на процесот го ставате во една фаза да мине, ја скратувате постапката. И уште ги етикетирате луѓето овде. Како мислите творечки да се работи и одговорно да се работи овде.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули имате една минута контра реплика.

**Јани Макрадули:** Јас ќе се послужам со еден цитат на господинот Проди, кој во пресрет на референдумот рече дека не е проблем резултатот на референдумот, проблем е во последиците. За жал, СДС не го избра тоа да биде единствен што ќе го понесува времето, товарот или еден од ретките политички партии што ќе го носи бремето и товарот во сите овие години на носењето на крупни политички одлуки. Некој не добива поени, па затоа неговиот рејтинг е помалку од единица, како на Либералната партија, затоа што секогаш мислел од страна во една покомотна ситуација може да каже или да игра алиби. Не, граѓаните на Република Македонија тоа го ценат и така, без разлика каков впечаток има господинот Андов, СДС е партија со најголем рејтинг во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски вие сте на ред, три минути.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Јас ќе почнам од таму од каде што господинот Макрадули најмногу милува да зборува, а тоа е за СДС, партијата која никогаш не бегала од носење на одлуки и не бегала од одговорност.

Јас господине Макрадули ќе мора да ве запрашам една работа за да ја расчистиме. За кој СДСМ зборуваме, за оној на Бранко или за овој на Бучко? Затоа што, во оној на Бранко, колку што јас памтам, никогаш никаква одлука не донел. Никогаш, тоа е констатирано и сите овде го знаат, а и вие добро го знаете. За ова на Бучко, мислам дека вие не сте таму потпарол за да кажувате какви одлуки носи или не.

Инаку, зарем вас господине Макрадули, кога зборуваме по однос на овој закон не ви е јасна фактичката состојба во Република Македонија. Да ве прашам вака, зошто му е на ДУИ потребен овој закон? Апсолутно не му е потребен и тие не се потпиници на Рамковен договор, ниту им е потребен закон. Тие слободно си ги веат албанските знамиња надвор од сите институции во државата, надвор од правниот систем и сите се прашуваме зошто му е на ДУИ сега ваков закон. Не му треба. Она што вие го кажавте дека сега со законов ќе го средиме, тие си имаат знаме.

На крајот, вие многу милувате господине Макрадули, најголем дел 80% од дискусијата ви беше за ЕУ. Некој ќе каже море ум, кога се зборува овде сите сме паметни кога зборуваме за ЕУ, навистина добро звучи.

Јас да ви кажам вака, откако ќе го донесеме овој закон, навистина Македонија ќе се приближи кон ЕУ, но знаете како, на бајраците на сите институции во Република Македонија ќе имаме знамиња еден куп доколку се усвои оној амандман што го поднесува ДУИ, знамиња на странски држави колку сакате. Сакате со орли, сакате со кокарди, сакате со срп, месечина и тн. Значи, ќе имаме државни знамиња колку сакате и ќе наликуваме навистина на Европарламентот, ама далеку од ЕУ, затоа што никаде во светот не постои странски знамиња да се веат во една суверена држава. И за таа разлика, ЕУ вие добро знаете, е сојуз на суверени и независни држави во Македонија, што е унитарна држава со странски знамиња!?..

(Со седницата продолжи да претседава Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Господине Макрадули имате една минута контра реплика.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Па, само господинот Караџоски ја потврди мојата теза дека има два концепти и две идеологии во Република Македонија. Едната е европската иднина, другата е националистичкото минато. Овој закон не е ниту на ДУИ, ниту не е на некоја друга политичка партија. Овој закон ги тангира сите етнички заедници што живеат во Република Македонија.

СДС тоа го покажал и со широката коалиција и со сите активности дека заедничкиот соживот е клуч, темел за европска перспектива на Република Македонија. И не можеме да се служиме со лажни аргументи, бидејќи не постои никаков пример. На пример и во Хрватска и во Романија можете да сретнете и има закон каде што друга држава или друга заедница може да користи знаме на друга држава. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Јас се извинувам, со оглед на тоа што пријавувањето беше пред да започнам да ја водам седницата, господине Китановски вие не сте пријавени, а гледам дигате рака.

Значи, прво е Којзеклиска, па Оровчанец, Бонева и на крајот Китановски.

Повелете госпоѓа Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Доста инспиративен беше говорот на господинот Јани Макрадули, само за влез во ЕУ е. Значи, една работа да расчистиме, почитуван колега Макрадули. Меѓуетничките односи во Република Македонија не се алфа и омега во спроведувањето на Рамковниот договор. Во

Рамковниот договор има и нешто друго, а не само да ги регулираме правата на заедниците.

Токму онаа непрецизност на формулацијата, како што велите и вие, во овој закон нема никаде дефинирано димензии, вака ќе било знамето, така ќе било знамето, токму непрецизната формулација, почитуван колега Макрадули дава слобода секој да си го толкува како што сака, а најмногу албанците си го толкуваат така како што на нив им одговара.

Она што го спомнувавте во периодот од 1998 до 2002 година, почитуван колега Макрадули, за време од четири години не се оправа она што вие го направивте до 1998 година и од 2002 до сега, нема време. Тогаш нема шанси во тој период за толку кратко време да го правите тоа што вие го средивте и вашата грижа ја видовме до денес 29 јуни.

И уште едно вака интимно прашање да ви поставам. Дали сметате, почитуван колега или дали сте 100% сигурни дека ова е последното камче во мозаикот наречен ЕУ. Сакам да ми одговорите на ова прашање. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Една минута контра реплика господинот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Јас го цитирав господинот Рупел, претседавачот на ОБСЕ кој во својата изјава по повод предлогот на овој закон од страна на Владата истакна дека е ова последниот закон на патот на Македонија кон Европската унија.

Во својата политичка волја во својата агенда оваа коалиција донесе многу закони кои, почнувајќи веројатно од 1 септември, затоа велам немаме многу време, ќе бидат предмет на мониторинг и оценување пред првиот сигнал кој треба да дојде на 9 ноември. Верувам сите други закони ќе подпомогнат во позитивното мислење, но ова е последното камче од мозаикот.

Да ве потсетам, Охридски договор беше направен за менаџирање на меѓуетничките односи. Додека не сфатиме дека коректните и добрите меѓуетнички односи се знак на еднаквост за мир и стабилност, ќе имаме проблем.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика, господине Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине потпретседателе,

Ова беше едно интересно излагање, само што не можев да ја сфатам интенцијата или потребата од ваков начин на излагање на господинот Макрадули, затоа што повеќе зборувавме за ЕУ, отколку за она што беше овде проблем, па на моја интервенција, добив опомена од претседателот, не знам на три опомени дали ќе ме брка од Собранието. Меѓутоа, интересно е што господинот Зоран Крстевски, ќе го мешам, влезе и ме праша, дали Јани Макрадули објавува дека сме влегле во ЕУ, или нешто друго е во прашање. Со други зборови, една церада на Галупови истражувања, незнам што се не се наброја, на патот кон ЕУ.

Ова е, господине Јани Макрадули една,така да кажам, обланда на проблемите кои оваа Влада ги има за лошата економија, крајно лошата, за корупцијата која е на највисоко ниво откако постои Република Македонија, поради која и бившиот премиер даде оставка, поради која корупција и во авторизирано интервју на потпретседателот на Владата, сегашен, што зборува и да не ги кажуваме сите работи. И вие зборувате за ЕУ. Со политички критериуми да, Рамковен договор да, меѓутоа за кој Рамковен договор зборувате, за ДУИ и СДСМ што го направија уште во 2001 година, или за Рамковниот договор што е објавен како Уставна категорија, амандманите. Прочитајте и видете дали на друг начин може да се направи ова.

Компромисот Ви е изместена категорија кај вас господине Макрадули. Компромисот е отстапка на господинот Ахмети. Друго не е компромис кај вас. И ќе ме убедите во нешто, ако ги убедите и вашите сопартијци, меѓу другите и Тито Петковски кој поднесе амандман на членот 2 став 2 и би требало да го знаете или да сте го веќе прочитале. А теоријата за мафтање со партиски знамиња и мешање на партиски знамиња од ваква категорија или од онаква категорија, државни знамиња тоа е неверојатна работа, како го правите.

Она што треба да сватите е дека меѓу етничките односи треба да се градат и треба да се надградуваат. Меѓутоа не со погрешни интерпретации и на Рамнковниот договор и не со компромиси со начинот на кој што го правите. Оправдувањето за вашата неефикасност и неефикасноста на СДСМ е само. . .

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец.

Една минута контра реплика за господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** За ефикасноста на оваа Влада во однос на спроведувањето на Охридски договор има десетина цитати од релевантните европски лидери кои, сега не можам во една минута да ги прочитам, кои овие активности апсолутно позитивно ги ценам. Да влезете, да се приближите кон ЕУ, мора да ги завршите политичките критериуми. На никој не му паѓа на памет да каже дека економската ситуација е идеална, ниту пак во Европска Унија влегле земји со добра економска ситуација, но, политичките критериуми си ги завршиле на време.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика за пратеникот Бонева Силвана.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Макрадули со употреба на навреди, клевети и инсинуации не

можете да го компензирате недостатокот на аргументи за да одговорите на аргументите кои беа изнесени овде од наша страна. Право е на нашиот претседател Никола Груевски кога ќе зборува по овој закон во ова Собрание. Не сте вие што треба тоа да му го кажете.

Во однос на тоа, да не се занесуваме дека можеме да го ревидираме Рамковниот договор и Европското партнерство. Вие тоа го правите, почитуван колега Макрадули, вие заедно со вашата Влада. Вие сами си земате за право да го редифинирате Рамковниот договор, бидејќи одите надвор од одредбите на Рамковниот договор и вие сте тие што го отворате Рамковниот договор.

Во однос на Европското партнерство за кое услов е целосна имплементација на Рамковниот договор, значи ли тоа, според ова ваше толкување, дека и Република Словенија и Грција и Бугарија и многу други земји кои се членки на ЕУ, не треба да бидат членки на ЕУ заради тоа што имаат многу поинакво решение кое не дозволува употреба на други државни симболи на територијата на нивната држава.

Да св атите што е тоа што ВМРО-ДПМНЕ го вее на неговите собири, ви препорачувам да си ја прочитате книгата - Грбовите на Македонија од покојниот Александар Матковски, член на МАНУ, видете кое било знамето на Разловечкото востание, на Кресненското востание, дали таму го има лавот и кои се боите, видете го знамето на четите во Илинденскиот период. А за да ја разберете вистински историјата на македонскиот народ, мислам дека повторно ќе треба да си ја прочитате и "Везилка" од Блаже Конески, па да се запрашате зошто токму со црн и црвен конец ја везе историјата на македонскиот народ. Тогаш белким ќе ви биде јасно зошто на собирите на ВМРО - ДПМНЕ се употребува црно-црвеното знаме, симбол на ропството и желбата и борбата за слобода. Без познавање, господине Макрадули на сопствената историја, не можете да градите иднина.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Една минута контрареплика, господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Тоа е трагедијата кога луѓе кои ќе кажат од оваа говорница, предавници и дека некој сака да ја федерализира државата, мислат дека тоа е нормална работа, или пак мислат дека е нормално луѓе со бугарски пасоши да се залагаат за македонските интереси. Но, не е тоа нормално. Граѓаните го знаат тоа и го ценат на избори.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јани Макрадули.

Процедурално за збор се јавува госпоѓа Силвана Бонева.

Повелете госпоѓа Бонева, кажете што е тоа процедурално.

**Силвана Бонева:** Не дозволиво е господинот Макрадули на овој начин да одговара на репликите на пратениците.

**Слободан Најдовски:** Во што е повредена процедурата?

**Силвана Бонева:** Повредена е процедурата заради тоа што си дозволува господинот Макрадули да дава квалификации што не се достојни за пратениците на овој Парламент.

**Слободан Најдовски:** Не знам за кого се однесуваше?

Процедурално за господинот Макрадули, да видам во што е повредата, да не е исто како госпоѓа Бонева, бидејќи таа процедурално не реагираше.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Не знам зошто се оседи погодена колешката Бонева, кога јас кажав трагично е кога луѓе со бугарски пасоши ги бранат македонските интереси.

**Слободан Најдовски:** Нема повреда на процедурата.

Три минути реплика има господинот Илија Китановски.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Господинот Макрадули во своето излагање, за жал, покрај другите не сериозни работи кои ги содржеше неговото излагање за еден сериозен закон и во една сериозна расправа, го спомна и партиското знаме на ВМРО - ДПМНЕ, што мислам апсолутно не е ни место ни начин, од координтор на пратеничката група на владеачката партија при донесување на еден ваков закон, во својата дискусија да го спомнува тоа. Меѓутоа, за негова информација, партиското знаме на ВРМО ДПМНЕ е регулирано во ста тутот на партијата и ако ве интересира точно какво е, ќе ви дадеме еден примерок за да знаете кое е партиското знаме на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, не е поентата во тоа, туку, ќе повторам, во една ваква сериозна расправа за закон кој длабоко го делил граѓанството на Република Македонија, го дели етничкото ткиво на Република Македонија, со таква леснотија се изрекуваат квалификации, тешки муабети и се спомуваат дури и партиските знамиња, па незнам какви се други знамиња се вееле на разни собири итн. Мислам тоа е под нивото на дискусијта по овој закон и мислам дека не служи на чест.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Господинот Макрадули контра реплика една минута.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Господине Китановски, тоа и јас го зборувам. Вие со статутот си имте свое партиско знаме. Зошто само тоа не го носите на собирите, затоа што други луѓе се идентификуваат, тоа е психолошки момент, се идентификкуваат со друг тип на знаме и тие го

носат тоа знаме. Трети се идентификуваат со трет тип. Јас не сум против знамињата. Проблемот е што и покрај тоа што со статутот имате знаме, гледаме три четири различни знамиња. Тука сите се идентификуваат, одредена заедница, со одредено знаме. Како што турците се идентификуваат со турското знаме. Зошто тогаш да им го браниме тоа што кај вас по различен избор, различно од партиската одлука некој го прави. Јас го поддржувам истото тоа што вие го викате.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Продолжуваме понатаму со дискусијата.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Во духот на оптимизмот на господинот Макрадули и доколку тој оптимизам е заеднички за 120-те членови на Македонскиот парламент, ние овој закон би го третирале на начин дека Владата на Република Македонија на групи македонски граѓани им дозволува да ја изразат својата различност. Но, ние не можеме да го третираме на тој  начин, без оглед дали станува збор за различност која тие македонски граѓани сакаат да ја истакнат во средините на локалната самоуправа  и местата каде што живеат, без оглед дали е таа етничка, културна, јазична или некаква друга ориентација која тие сакаат да ја манифестираат преку симболот знаме, затоа што цело време се пропушта дека станува збор за разлики на македонски граѓани. Значи тие македонски граѓани априори не можат својот, било каков идентитет, етнички, национален, културен, своите различности да ги идентификуваат на никаков поинаков начин, освен како македонски граѓанин. Значи државјани на Република Македонија.

Од претстсавниците на политичките партии на малцинските заедници, во рамките на подготовките на овој закон, недвосмислено беше упатена порака до македонската јавност дека својот поинаков идентитет тие ќе го споделат прекку употребата на симбол кој во моментот претставува државно знаме на една соседна др жава, или можеби ќе се случи како во примерот на господинот Мавровски и потребата на други државни знамиња не само на една соседна држава. Значи рекацијата која кај пратениците од опозицијата се предизвика е тоа што во Предлог-законот, во предвежерието на неговото доаѓање на пленарна седница, една група македонски грѓани која својот идентитет, во случајот својата етничка различност сакаа да ја манифестираат со знаме, заборавaат  дека се македонски грѓани. Тоа е основата, барем според нас скромно мислење, на проблемот. Значи тие заборавaат дека прво се македонски граѓани, дека тие имаат свои обврски како македонски граѓани и следствено на тоа имаат права како македонски грѓани. Делот на правата, меѓу другото го регулира и овој предлог на закон. Но, поаѓа од тоа дека тие се македонски граѓани. Тогаш, како се случува една група македонски граѓани, без разлика дали се тие 5%, 10%, 20%, 50% или повеќе, да се идентификуваат себе си со нешто што претставува туѓо државно знаме, во моментот, на соседна или несоседна држава, сосема сеедно на која независна држава. Значи проблемот не можете да го барате во  редовите на опозицијата. Проблемот треба Владата да го бара, зошто Владата дозволила и покрај овој три-четири годишен период на розови перспективи и благосостојба, сеуште група македонски граѓани се чувствуваат незадоволни и тие не се идентификуваат себе си и не се гледаат себеси како македонски грѓани, туку повеќе сакаат да се идентификуваат со нешто друго. Впрочем, како поткрепа на тоа, од редовите на, би рекол, клучниот коалиционен партнер на СДСМ и доскорошен потпретседател на Собранието на Република Македонија, во текот на викендот се промовираше нова политичка партија каде во прв план ќе се застапуваат интересите на македонските граѓани од албанско етничко потекло и на промоцијата на политичката платформа на тој нов политички субјект, доскорешноит потпретседател на Собранието на Република Македонија вели, од независноста наваму сите политички партии на албанците во Македонија беа ништо друго туку само соработници на еден режим кој постојано не репресира. Има ли поголема глупост, хипикризија и лицемерност од човек кој седи во саслата на Собранието 4 мандати, од човек кој  стигна до позицијата потпретседател на Собранието на Република Македонија, а ниту три секундиу не помина на Деспотот каде што работи вообичаено претседавачот, покрај претседателот на Собранието на Република Македонија. И сега господинот Макрадули ќе не убедува во Европската перспектива и во националистичкото минато, претпоставувам на ВМРО . Притоа, господинот Макрадули се повикува на изјавата на п ретседавачот на министерскиот совет на ОБСЕ, господинот Димитрие Рупел.

Не знам дали му е познатои на господинот Макрадули дека во овој  момент истражните органи на Република Словенија, заради учество во конспирации, поттикнување и евентуално извршување на обиство на повеќе луѓе, поранешен висок функционер од редовите на поранешниот Сојуз на комунистите на СР Словенија, господинот Митја Рибичич е поведена истрага и тој сега веќе 80  и повеќе години старец има реална шанса да застане пред судските органи на Република Словенија која, патем речено е членка и на НАТО и на  ЕУ.

Дали на господинот Макрадули му е познато дека, бидејќи тој многу добро знае какви се одлуки се носат во ОБСЕ и кои се се националисти, дека во овој момент, барем што се однесува до ЕУ, јас поголеми националисти од французите и холанганите не можам да видам во Европа, покрај, да речеме жителите, на трите балтички републики каде што на над 46% ддржавјани на таа држава не им е дозволено ниту правото да гласаат, ниту правото да

поседуваат државјанство. До колку на господинот Макрадули тоа не му е познато може да биде запознаен, доколку ги погледне. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов дали вие реплицирате или зборувате за законот.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Зборувам за законот.

**Љупчо Јордановски:** Јас имам чувство дека реплицирате, но како што реков ова ќе ви го сметам како прва дигресија. Продолжете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи, може да се запознае и со усвоените и со неусвоените амандмани на минатогодишната редовна сесија на парламентарното собрание на ОБСЕ, токму во поглед на балтички цени и даречеме новите малцинства во рамките на ЕУ, што претежно се однесуваат на турското малцинство во СР Германија. Тогаш, каде е национализмот во Република Македонија? Не постои национализам во Република Македонија на начин како што господинот Макрадули го сфаќа, а тој го сфаќа максимално искривено. Јас не се сеќавам дека господинот Макрадули или било кој од таа толку обременета со тешки одлуки социјалдемократска ориентација во Република Македонија, беше вклучена во лобирање на француските или на холандските граѓани, или на британските, да ги убеди со оној часовник дека одбивањето на Уставот на Република Македонија е катастрофа за поголемиот дел од планетата земја затоа што Уставот на ЕУ, треба да биде сфатен така како што го сфаќа господинот Макрадули и ние чекаме да ни се одговори до 9 номеври.

Претпоставувам ако на 9 ноември дојде било каков одговор од евробирократите во Брисел, кој нема да значи јасно кажано Република Македонија се стекна со статус кандидат за во Европската унија, дека Владата на господинот Бучковски, преку водачот на операцијата Евросектор ќе си даде оставка. Јас не гледам што друго би можело да се нарпави во таков случај.

Да се вратиме на законот, за да не ме опомене повторно господинот Јордановски. Основната намера на законот се однесува на граѓаните на Република Македонија. Реакцијата од граѓаните на Република Македонија е дека тие не се идентификуваат со Република Македонија и тука би завршила секоја дебата и секаква евроатланска перспектива и било што. Јас не можам да сватам, особено во рамките на напорите на Република Македонија преку она што оваа Влада го прави и се доближи до македонската јавност, кои се предностите од зачленувањето во НАТО и Европската унија, јас не слушнав дека Министерството за одбрана или Владата на Република Македонија, како што сите земји кои се дел од составот на коалиционите сили во Ирак велат, денес наше возило налета на мина. Инаку, господине Макрадули верувам дека вие знаете дека еден македонски "Хамер" со наши војници налета на минско експлозивна направа. За среќа, нема загуби, но јас не се сеќавам дека вие како Влада излеговте и им соопштивте на македонските граѓани, исто како што не се сеќавам дека некои кои понекогаш се појавуваат како опозиција велат ние сме за НАТО, а всушност не ги подржуваат одлуките на Собранието дали или треба да се учествува во Авганистан или во Ирак. Значи тоа е проблем кој треба вие да го решите како Влада со дел од опозицијата и кај вас да ја најдете причината. Ако пак вие, од друга страна, бевте толку сигурни во оние 96% подршка за евроатланските интеграции, Владата ќе излезеше со ...

**Љупчо Јордановски:** Втора дигресија господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Владата ќе излезеше дали во Собранието, дали на ПРЕС конференција и ќе соопштеше што се случило со нашите војници тогаш и таму и какви последици има.

Што се однесува до критериумите кои значат политичка стабилност, економски просперитет и почитување на основните човекови права и слободи, а кои се веќе при крај затоа што уште овој закон недостасува да биде донесен и да биде вграден во македонскиот правен систем и нас ќе не пречекаат со раширени раце во Европската унија, сакам да укажам на еден едноставен факт. Без оглед што како предлагач се појавува и законот е иницирaн од Владата и без оглед што пратениците главно партиципираат во крајната верзија на законот преку нивни амандмани, во еден демократски дух на парламентаризам владиното мнозинство, прво што би нарпавило во еден ваков закон, кој само што не не донел до големата врата на Европската унија, е да обезбеди подршка и да изгради усогласен став и потоа да дојде на пленарна седница и на пленарната седница да се пеглаат само индивидуваните разлики меѓу пратениците, но не и нивните максимално крајни разлики во поглед на целта што треба д аја донесе овој закон. А целта овој закон нема да ја донесе од едноставна причина. Владата на Република Македонија дозволувајќи овој закон да дојде на дневен ред, неообезбедувајќи притоа потребно консензуално мнозинство во Собранието на Република Македонија, отворено кажува дека група македонски граѓанине се идентификуваат со Република Македонија. Во случајот станува збор за етнички разлики, задутре можеби ќе стане збор за културни разлики, а следниот месец можеби некој ќе посака да истакне и сосема други разлики, но секогаш една е константна во истакнувањето на разликите. Тие разлики ги истакнуваат македоснки граѓани, не ги истакнуваат граѓани на Република Албанија и на Република Турција или на Република Романија, ги истакнуваат граѓани на Република Македонија. И она што се обидува парламентарното мнозинство да не убеди дека дискусијата по ова прашање е погрешна затоа што на дневен ред ќе дојдат други закони кои нормативите во поглед на естетиката и употребата на боите ќе бидат таму прецизирани, толку се минимизира тој податок, тие ќе бидат само технички закони, суштинскиот закон е овој

сега. Трет пат ќе кажам дека Владата на Република Македонија, бидејки беа јасно најавени и кажани ставовите пред се од редовите на нивниот коалиционен партнер дека тие својата различност ја идентификуваат со симбол кој во моментот е знаме на друга држава.

Овде господинот Макрадули како закоравен еврооптимсит ги употребуваше примерите од Романија и Унгарија, но господинот Макрадули како човек кој е запознат со содржината на ангажманот на европската бирократија заборавил да провери да речеме дека Унгарија, Романија, Словачка и Чешката Република имаат ставено во Законот за малцинства една клаузула, во која зависно од земјата не секој романец во Унгарија претставува припадник на малцинство како унгарски државјанин и не секој Унгарец во Романија претставува малцинство како припадник, како романски државјанин и припадник на унгарското малцинство. Имаат ставено една година на раѓање, на начин како е стекнато државјанството, оној Романец или Унгарец или Словак не влегува во рамките на законскиот рок, претставува имигрант. За имигрантите - тоа треба Република Македонија најдобро да го знае со онаа шенгенска бариера која ја имаме, за имигрантите Европската унија и нејзините човекови права некако немам впечаток дека функционираат онака како што имаме некое лаичко познавање или претстава лаичка како би требало една држава, која се полни себеси со човекови права и заштита на индивидуалните права и слободи. Впрочем, една од причините и еден од аргументите кои политички партии и политички здруженија, невладини здруженија, граѓански здруженија го користеа во Холандија за да ги убедат холандските гласачи да не го подржат усвојувањето на ратифиакцијата на Европскиот устав беше и токму во поглед на емигрантите и движењето и престојот за работа. Значи откако сите овие работи било кој еврооптимсит во Република Македонија ќе ги погледне, бидејки нивниот неформален лидер господинот Макрадули, тогаш може да се појави пред оваа конференција и да ми рече мене дека јас сум националист. Само што не микажал ништо ново бидејки јас јавно сум кажал овде да, господинот Макрадули јас се чувствувам себе си дека сум националист. Всушност еден од проблемите и во дебатите кои се водеа и сеуште се водат во поглед на неусвојувањето, нератификацијата во овие две земји на Европскиот устав е отсуството на идентитет. Вие сте свесен, не сте толку неумен човек да не можете да сватите дека за 25 земји не може заедничка основа за нивно здружување да биде еден договор кој се однесува на трговија и производство на челик, дека на човекот барем во оваа фаза на неговиот историски развој му е потребно и она што се нарекува нематеријална основа за здружување. Европскиот устав тоа не го нуди. Европскиот устав што нудеше и што нуди европската перспектива? Да бидеме среќни како словаците и да бидеме 8 до 9 пати послабо платени од французите, а пак французите се грозат на тоа дека разликата е мала, дека еден просечен Словак во една фабрика на "Пежо" или "Цитроен" во Словачка треба да биде платен најмалку 35 пати, за да не се сели деловната инвестиција од територијата на Франција на територијата на Словачка.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов, привршувајте, зборувајте во врска со законот. Ова е трета опомена.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јордановски, вие не знам дали ги користевте предностите на зградата на Собранието и ова што до сега се случуваше го набљудувавте преку телевизија, но додека јас го слушав господинот Макрадули вие не бевте во салата, така што не можете да полемизирате со мене на таа основа, затоа што беа искажани мошне сериозни работи икако што и секогаш бива ред од еврооптимист, дискусијата одеше ред Европска унија ред НАТО, ред иднина.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов, вие сте во голема грешка. Очигледно вие не сте биле присутни овде, јас бев цело време на ова место кога зборуваше господинот Макрадули. А ако сакавте да полимизирате, односно да реплицирате, можевте да се јавите за реплика. Ве молам сега трет пат да се вратите на законот.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи, законот за употреба на знамињата и неговата матична примена господине Јордановкси, господинот Макрадули, почитувани колеги од СДСМ, веќе функционира во Кондово, веќе функционира во Арачиново, веќе функционира на територијата на добар дел од Република Македонија, јас не слушнав практично решение која е идеата ниту на Владата, која е идеата ниту на парламентарното мнозинство. Како ќе надмине две многу основни работи? Дали во земјава ќе биде дозволена употреба на симболи на туѓи држави, што со други зборови ќе значи дека група македонски граѓани себе си не се сметаат како македонски граѓани, туку се сметаат како лојални на друга држава и што ќе се случува и какви ќе бидат реперкусиите од типот - не знам, 30-часовно интервју на Хрватската телевизија на човек кој седи во село, дел од главниот Град на Република Македонија на само 8 - 8,5км и вели со душа ги чекам , дали ќе дојдат меќовите полициски контроли или етнички чисти, етнички нечисти, јас со нив ќе се пресметам. Мене тие две прашања мис е многу важни, затоа што ако група граѓани велат, не, ние како наш симбол за идентификација и разлика од останатите државјани на Република Македонија ќе користиме знаме на туѓа држава, тогаш многу од правата кои сега се уживаат мислам дека автоматски треба да исчезнат господинот Макрадули, затоа што вие ја знаете дефиницијата за малцинство и знаете како се решаваат токму во земјите кои станаа или ќе станат дел од Европската унија.

И нема уште многу, тргна еден воз, на времето наречен "Вилнус група", но таа Вилнус група има само една локомотива и затоа е Владата во право кога вели, бидејки еден вагон остана, тоа е

Република Македонија, таа истовремено е и локомотива, бидејки претставува и композиција и локомотива и вагон со јаглен, претставува се.

Во поглед на обидите, особено од редовите на парламентарното мнозинство, да се обидат на старите прикаски од изборната кампања 2002, бидејки господинот Макрадули често сака да ги цитира ОБСЕ или Европската унија, можеше да го прочита и цитатот објавен во македонскиот дневен печат, после првиот круг од локалните избори, каде што Канцеларијата на ОБСЕ вели дека "Славомакедонски националисти може да предизвикаат нереди при спроведување на изборниот процес во општината Прилеп". Јас не се сеќавам дека потпаролот на Министерството за надворешни работи, "портпаролот со свирче" кој зборува сега во име на Владата на Република Македонија, не излезе и не ги отера некаде. Тие се дрзнаа, на гости се овде дојдени, да не нарекуваат "славомакедонци"кои ќе направат нереди, иако јас, колку што знам славомакедонци не учествуваа на овие избори. Немаше листа на советници никаде "Славомакедонска", ниту некој градоначалник во кампањата го слушнав јас, можеби имало, но јас еве не сум слушнал дека некој себе си се идентификувал како славомакедонски кандидат за градоначалник на одредена општина.

Е тогаш,господине Макрадули, кога вие, вашата Влада, вашите портпароли кои сега како награда работат како портпароли ќе излезат и ќе реагираат на оној кој ќе ја навреди Република Македонија, без оглед кој е тој, тогаш и јас ќе ви верувам дека вие навистина имате некаква идеа како и каде оваа земја треба да се развива.

А оној процент од 96%, јас, господине Макрадули сум загрижен за тој висок процент, затоа што од тие 96% бидете сигурни најмалку 40% - 50% од луѓето кои го дале одговорот "да" потполно изгубиле верба во македонските институции на системот, потполно изгубиле верба во сопствената држава. Ниту една земја ниту еден не се гордее со тоа што неговата зема, практично 100%, нејзините граѓани даваат подршка на некаква друга, па дури и да е мултилатерална организација од ваков економско-политички тип, како што претставува Европската унија.

Секој нормален човек кој се занимава со политика , со публицистика или било што во земјите на Европската унија не сака да слушне процент повисок од 15%, дека неговите граѓани, неговите сонародници, сограѓани изгубиле доверба во сопствените иснтитуции на системот.

Таа е задачата на Владата, наместо да кажува прикаски, ред НАТО- ред ЕУ, треба да биде доблесна и да каже она што навистина претставува Европската унија и она што навистина Република Македонија треба да го добие. Немојте Брисел во моментов - тоа ви е навика во вашата политичка традиција - да го користите како супститут за Белград. Тука се вашите одлуки, господине Макрадули. Јас не се сеќавам дека вие нешто сте се обиделе од вашето минато да се извините на Македонскиот народ, како што впрочем се случува тоа во земјата на претседавачот на Министерскиот совет на ОБСЕ...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов: ...** господинот Рупел, во чија земја...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Трендафилов. По четврти пат благодарам господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Дали тоа значи дека ми го одземате зборот?

**Љупчо Јордановски:** Тоа значи дека јас ви се заблагодарувам. Ви се заблагодараувм господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Дали ми го одземате зборот, да знам дали да продолжам или не.

**Љупчо Јордановски:** Благодараност, не сакам на друг начин. Јас сум културен човек. Благодарам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Не знам за што ми го одземате зборот.

**Љупчо Јордановски:** Вие сте доволно паметен, па погодивте.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Дали ми го одземате зборот?

**Љупчо Јордановски:** Па погодивте, ве молам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Дали ми го одземате зборот? Тоа е едноставно прашање, да или не.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, можете да седнете на своето место.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Дали ми го одземате зборот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, можете да седнете на своето место.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Дали ми го одземате зборот.

**Љупчо Јордановски:** Можете да седнете на своето место. Господине Трендафилов, да не се натегме, ви благодарам. Четири пати бевте опоменати надвор од темата, вие реплицирате, не зборувате за темата.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Дали ми го одземате зборот?

**Љупчо Јордановски:** Добро, ви го одземам зборот и седнете на своето место, ако веќе сакате така.

Повелете, господине Краљевски, деловнички.

**Чедомир Краљевски:** Господине претседателе, сметам дека не е коректно, не е коректен вашиот однос кон говорникот припадник на Пратеничката група на ВМРО-Народна партија, господинот Трендафилов. И покрај тоа што воспоставивте некакво правило за три дигресии од основната тема, сепак, сметам дека премногу субјективно си давате за право да ги цените дигресиите и отстапките од главната тема.

Во тоа име, барам пауза од половина час за да заземе став пратеничката група за понатамошниот став во расправата.

**Љупчо Јордановски:** Јас можам да ви одговорам, пред да дадам пауза.

Господине Краљевски, ако внимателно следевте што говореше господинот Трендафилов и во врска со што зборуваше темата на неговиот говор беше пратеникот Макрадули, не беше законот и ве молам, веќе 26 минути тој зборуваше, затоа постојат тие три дигресии за да може и такви работи да се искажат. Но 26 минути се зборува и за НАТО, и за Авганистан и за француско, холандско и т.н. 25 минути се зборува за СДСМ, за законот не се прозборе ни една минута.

Благодарам, имате пауза од половина час.

(Пауза).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,12 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со расправа.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Исто така и претставникот на Владата да влезе во салата.

Во меѓувреме господинот Краљевски да објасни зошто бараше пауза за координација од половина час.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека на сите пратеници и на јавноста им е јасно зошто побарав пауза.

Пратеничката група на ВМРО-Народна партија смета дека вие денеска претеравте во својот сувјективизам во оценката дали пратеникот отстапил од темата и колку пати отстапил. Во некои секвенци од својот говор користењето на одредено име на висок претставник на СДСМ беше само алузија и метафора дека зад овој закон стои СДСМ и дека како плод на попустливоста на СДСМ е овој Предлог закон за употреба на знамињата.

Според тоа, Пратеничката група смета дека вие би требало да ја корегирате вашата одлука и повторно да му дадете збор на господинот Ѓорѓи Трендафилов.

**Љупчо Јордановски:** Во едно сте во право господине Краљевски, јавноста што не следи навистина ќе оцени кој е во право. Вие тврдите дека сте вие во право, јас тврдам дека не сте во право, но сепак, како што велат јас сум прв меѓу еднаквите, но јас обично велам дека сум еднаков меѓу првите и затоа продолжуваме понатаму.

Повелете госпоѓо Иванова имате збор, а господинот Трендафилов може да се пријави уште еднаш, не е проблем.

**Цветанка Иванова:** Господине заменик министер, господа пратеници, овие два дена слушнавме многу дискутанти, многу дискусии, навистина дел и промашени дискусии од темата која ни е предмет на дискусија на работа на пленарната седница, но и доста спротивставени аргументи и, за жал, многу повишени тонови и повторно како по некое правили си наметнавме една жешка атмосфера на вкрстување на аргументите и повторно, како по правило, како по судибина поделби кој е поголем предавник, кој поголем патриот и доста изнесување на компаративни искуства кои, за волја на вистината, некои точни, некои делумно точни, некои неточни и компаративни искуства изнесување овде пред пратениците и пред јавноста без претходно да се предочи фактичката состојба која ние во Република Македонија ја имаме по ова прашање.

Почитувани колеги навистина совршено ми е јасно и знам дека ова прашање е прашање кое подига многу силни емоции. Дека ова прашање е жешка тема на која моментно може да се ќари многу политички поени, но дека исто така ова прашање е прашање со кое може со одредени дискусии да се наметне односно да се направи штета на она што макотрпно го градевме во претходниот период.

Почитувани колеги исто така знам дека на жешките прашања се дига рејтингот, но и овие жешки прашања мора некој да ги реши и дека не можеме вечно сите проблеми околу овие болни прашања кои, за волја на вистината, во овој мандат нам ни се падна да ги решаваме. Мораме овие жешки прашања да ги отвориме, да ги дебатираме и да ги решиме, а не постојано да ги ставаме под тепих и мораме да создадеме една атмосфера каде што со ладни глави, без фризирани емоции, имајќи ја во предвид целокупната состојба во државата. Треба да изнајдеме најсоодветно решение кое во моментот одговара на состојбите и реалните потреби.

Почитувани колеги еве веќе два дена дискутираме по законот за употреба на знамињата на заедниците. Како што гледате овој закон по обем е многу мал, некаде од 13 члена, но многу голем по целта која треба со овој закон да се постигне, а тоа е да се создаде една правна рамка што ќе ги уреди прашањата околу употребата на знамињата на заедниците, но исто така ќе стави ред во хаосот на неупотребата на државното знаме на територијата на Република Македонија што е реална состојба и како реална состојба државата треба да си го санкционира.

Почитувам разногласие на пратениците од опозицијата и позицијата особено по вакви прашања, но еднаш многу ќе бидам радосна доколку вака жестоко ги спротивставуваме аргументите по прашања кои живот значат, но сепак ова е начин и чин на изразување на демократијата и е долено,меѓутоа, сепак почитувани колеги треба да ги вкрстуваме иако излегуваме надвор од дискусиите, сепак треба да вкрстуваме аргументи по сериозните прашања .

За да ги искажам моите размислувања околу тезите по дискусиите кои беа изложени на оваа седница, сакам малку да се вратам наназад

гледано од денешна дистанца на периодот кој претходеше на сето ова каде што пред нас имаме еден период каде заедниците употребуваа знаме, па потоа имаше нереди, па санкционирање, па одлука на Уставниот суд, па подоцна еден период кога заедниците употребуваа свои знамиња без да има регулатива, знамиња кои ги чувствуваа за свои, кои го изразуваа нивниот етнички идентитет и на крајот сето ова мора да има рефлексија во сето она што значи денешна реална состојба.

Но, почитувани колеги, помеѓу првиот и вториот период треба да си спомнеме дека имаше една 2001 година која заврши со, на сите нам познат, Рамковен договор кој практично сите овие претходни три години од нашиот мандат се обидуваме презеимените обврски кои сите сме ги презеле и вие и ние, тоа значи и дел од опозицијата и ние и го спроведуваме како нешто кое ни претставува една од дополнителните обврски за интеграција на нашата држава во ЕУ.

Сметам дека тука треба да извлечеме дебела поука, да не се враќаме назад во минатото, да гледаме напред во иднината и да градиме заеднички живот и толеранција во ова наше општество.

Почитувани колеги на собраниските комисии, на матичната и на Законодавно-правната комисија морам со задоволство да констатирам дека дел на членовите на комисиите од опозицијата изразија отворено мислење дека навистина дефинитивно има потреба да се донесе ваков закон, меѓутоа, разногласието односно несогласувањето беше околу содржината на текстот на законот.

Сега, оваа моја дискусија ја продолжувам во насока на тезите кои од дел од пратениците од опозицијата беа изнесени контра овој закон.

Прво, мојата намера да ги образлагам моите мислења околу тезите, по мене погрешни тези кои беа давани, не е заради тоа што ќе успеам да ги убедам пратениците од опозицијата, туку во функција на запознавање и информирање на јавноста затоа што пред  нас е законот со целата своја содржина, ние го гледаме, но граѓаните не можат да го видат текстот на законот.

На оваа седница се постави една теза дека овој закон не е обврска од Рамковниот договор, туку овој закон произлегува од договор помеѓу СДСМ и ДУИ.

Почитувани колеги, ќе одиме напред доколку речеме дека овој закон произлегува од договор на сите нас затоа што овој закон произлегува до Рамковниот договор. Рамковниот договор чија основа за овој закон е во точка 7.1 која е посветена на изразувањето на идентитетот на единиците на заедниците. Напишано е следното. Цитирам: " во однос на симболите непосредно до симболот на Република Македонија локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да поставaт симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата која е во мнозинство во општините со почитување на меѓународните правила". Ова е децидна одредба од Рамковниот договор. Значи, ова не е закон кој произлегува од договор помеѓу СДСМ и ДУИ, туку од Рамковниот договор.

Втората теза дека овој закон е спротивен на Уставот и не е уставен. Тука дел од пратениците дискутанти се обидуваа да поистоветат период сега и период 1998, 1997 година, читајќи текст и образложение на одлука на Уставниот суд без при тоа да се има во предвид дека состојбите 1998-2005 година, не се сосема исти, дури и тогаш по однос на ова прашање имало издвоени мислења што значи дека дури и тогаш имало одредени сигнали и дека оваа одлука на Уставниот суд се однесува на Уставот кој не содржи уставен амандман 8 со кој се менува членот 48 од Уставот на Република Македонија и ако се има во предвид дека врз основа на напред цитираната одредба од Рамковниот договор 7 7.1 која се однесува на изразување на идентитетот на заедниците пристапено е кон измена на Уставот со 8-от амандман со кој се менува членот 48 според кој цитирам: "припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особености на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница". Дефинитивно од тука отпаѓа, следејќи ги сите напред предочени аргументи, тезата дека овој закон е спротивен на Уставот и сите оние обиди да се поистоветува денешната состојба околу уставното решение по ова прашање и решавањето пред Рамковниот договор, мислам дека не држи.

Почитувани колеги ако забележавме добро намерно ја цитирав точката 771 од Рамковниот доготор и 8-миот амандман со кој е изменет членот 48 од Уставот и ако сеземе во предвид членот 8 став 1 точка 2, од Уставот каде се утврдени темелните вредности каде една од тие вредности во Република Македонија е и слободно изразување на националната припадност. Ако ги земеме сите овие одредби и ако ги ставиме во функција на материјата за која денеска расправаме, тогаш ќе видиме дека зборот "слобода" во оваа област доминира во овие три одредби.

Ако овој збор го ставиме во функција на материјата за која овие два дена расправаме, тогаш слобода на употреба подразбира и слобода на избор почитувани колеги на она што ќе се употребува. Со тоа е кажано она што е неопходно да се каже во овој момент, а врз чија основа се срочени нештата од содржината на овој закон.

Почитувани колеги уште едно прашање беше поставувано во дискусиите на колегите пратеници од опозицијата, а тоа беше прашањето што ќе се постигне со овој закон.

Во пледоаето на мојот говор јас кажав дека ние можеме да користиме компаративни искуства од другите земји за регулирање на нерегулираните области как ошто е моментално оваа. Но,

секогаш е потребно да ги имаме во предвид состојбите во нашата држава, а за волја на вистината ако сме реални една од придобивките на овој закон секако е задолжителната употреба на Македонското државно знаме во одредени региони каде тоа до сега не се правеше.

Конечно, што ќе се постигне со овој закон? Со овој закон практично се заокружува имплементацијата и исполнувањето на обврските од Рамковниот договор и ако 9-ти ноември е датум кој по правило, сакаме оптимистички да го дочекаме, потребно е сите овие прашања кои до тогаш треба да ги решиме, да ги решиме со заеднички консензус за добробит на целата наша држава.

Мислам дека почитувани колеги токму заради сите овие наведени работи паѓаат во вода тврдењата дека донесувањето на овој закон и штети на суверенитетот на нашата држава затоа што навистина кога дискутираме, потребно е да правиме разлика помеѓу суверенитет и национален идентитет односно идентитет на одредена заедница.

Вакви црни прогнози во овие три години од мојот мандат во дебатите при донесување на повеќе закони, како што беше Законот за територијална организација, Законот за Тетовскиот универзитет, на почетокот знам за употребата на јазикот во ова Собрание од страна на припадниците на заедниците и сега дефинитивно можам да констатирам дека сето ова е во функција на моментален политички маркетинг, меѓутоа, ова е на кратка стаза, ова многу нема да и користи на нашата држава и затоа почитувани колеги мое мислење е дека треба да го подржиме овој закон, да решиме навистина едно горливо прашање затоа што, како што кажав ова прашање буди емоции, нормално дека буди емоции, но должни сме да го решиме. Таква обврска сме презеле и мора ние, ако сакаме да го градиме нашиот политички профил, да внимаваме какви обврски преземаме и како ќе ги реализираме нашите обврски.

Уште еднаш повикувам да го решиме ова прашање и еднаш да почнеме да решаваме и да ги вкрстуваме аргументите за работи кои живот значат за граѓаните на нашата држава. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Повелете господине Трендафилов имате три минути реплика.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Изненаден сум затоа што госпоѓата Ивановска исто како и нејзиниот сопартиец кој случајно или не седи до него господинот Макрадули зборуваат од името на СДСМ.

Госпоѓата Ивановска го почна своето обраќање. . . .

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Иванова.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Госпоѓа Иванова го почна практично своето обраќање во една многу драматична, да не речам, траорна најава, додека господинот Макрадули дека ова прашање воопшто не е многу важно затоа што ние имаме европска перспектива.

Значи, разликата и прашањето односно основните две прашања кои ги поставив како оваа Влада мисли да настапи кога една група македонци, македонски граѓани, ќе се идентификуваат себе си преку симбол кој го употребува туѓа држава.

И покрај тоа што во Уставот пишува за објекти од локален карактер, таму не станува збор за државни објекти, за подрачни единици на министерствата и слично. Значи, прашањето кое очекуваме ние да го слушнеме од парламентарното мнозинство или од Владата е токму тоа, како кон група македонски граѓани оваа Влада ќе се однесува, бидејќи тие најавија дека својата различност ќе ја идентификуваат со симбол кој е во употреба како официјално знаме на туѓа држава. Госпоѓо Иванова, сакам да ви укажам дека во теоријата за слободата многумина теоретичари од било кое време и епоха да побарате, значи слобода еднаквост на одговорност, а не слобода само на изборот. Значи, токму тука е одговорот што јас очекувам да произлезе од Владата, што со онаа одговорност на оној кој ја има слободата. Јас може да не се согласувам со вашиот став и во рамките на мојата слобода физички да ви укажам дека вие не сте во право. Но, токму принципот на одговорност е оној кој мене ме спречува таа слобода да ја употребам во физички рамки како што вие велите, слободата значи право на избор.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Една минута госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Почитуван колега Трендафилов, не знам во што се разликував јас во моето мислење по однос на дискусијата на господинот Јани Макрадули, затоа што нема во што да се разликуваме. Ова е единствениот начин на кој што може да се реши ова прашање. А во поглед дали јас бев траорна? Не сум траорна по однос на прашањето и начинот на кој што го решаваме, туку на начинот на кој што се однесуваме. Овие три години јас сум сведок кога донесуваме закони кои што значат живот за граѓаните на Република Македонија, многу закони ни поминале без ниту една дискусија, а се многу важни. А кога се работи за закони кои што подигаат емоции и чувства на кои што може да се заработат политички поени способни сме да дискутираме и по 12 дена. Точно тоа ме прави траорна.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Господине претседателе, почитувани колеги, со должна почит кон етничките симболи на етничките заедници како обележје на нивниот етнички и културен идентитет, сметам дека текстот на овој закон со кој што ќе се дозволи употреба на знамиња на други држави на територијата на Република

Македонија и тоа на објектите на локалнаа самоуправа и на државните објекти, треба да оди најмалку во две фази, а во меѓувреме да се овозможи бидејќи и самите кажавте и предлагачот Владата и пратениците од владиното мнозинство дека тоа е закон кој што произлегува од обврските од Рамковниот договор. Многу подобро е еден ваков закон да се донесе во една поширока дебата каде што ќе биде вклучена и стручната јавност и воопшто јавноста, граѓаните во Република Македонија и сите политички партии потписници на Рамковниот договор и воопшто сите политички партии застапени во Парламентот на Република Македонија. Мислам дека вака на овој начин каде што не потребата од донесување на овој закон, туку самиот текст на закон е резултат на договор на спогодба помеѓу СДСМ и ДУИ, а нема да ја донесе онаа цел заради која што е и направен Охридскиот договор, онаа цел заради која што и законите кои што произлегуваат од него треба да се донесат, а тоа е понатамошна хармонизација на меѓуетничките односи во Република Македонија. Од сите досегашни дискусии без разлика на колегите од опозицијата, или од позицијата јасно е дека главната причина во текстот на предлогот е една одредба која што во повеќе можеби во половината од амандманите кои што се поднесени е содржана, дури и од колеги пратеници од позицијата, да се внесе одредба со која што изричито ќе се ограничи можноста како симбол на етничките заедници, односно како знаме на етничките заедници можноста да користат знаме на друга држава без разлика за која заедница се работи, без разлика за која држава се работи.

Мојот говор и моето излагање ќе се однесува најмногу на тој аспект, иако слушнавме контра тези, слушнавме доста и делење на политички лекции како кој бил за Европска Унија, а останатие не биле и тн. Значи, уште еднаш ќе повторам потребата од донесување на овој закон е неоспорна, меѓутоа, содржината, текстот и начинот на кој што тој е подготвен е апсолутно договор помеѓу две политички партии од власта кои што апсолутно неможат да го одразат и да ја донесат целта заради кое што е потребно донесување на ваков закон.

Прво, сметам дека овој текст на законот во еден дел од него е исто толку неприфатлив колку што и законот кој што Уставниот суд на 9 декември 1998 година го укина. Прво, затоа што во основа е идентичен со Законот што тогашната коалиција на власт го понуди пред пратениците, а потоа и затоа што со овој закон се легализира постоечка ситуација која со години го отвара прашањето за државен суверенитет и територијален интегритет. Мене ми е сосема јасно дека во меѓувреме релевантните политички партии во Република Македонија меѓу кои и мојата партија ВМРО-ДПМНЕ го потпишаа Рамковниот договор. И според него се измени и член 48 од Уставот со што се даде право на избор на знаме кое би го користеле етничките заедници во општините каде што се во мнозинство. Но, сепак, доколку сме правна држава и не ја оспоруваме обврската целосно да ги почитуваме одлуките на Уставниот суд, дури и при вака видоизменета уставна рамка значителен дел, суштински дел од образложението на тогашната одлука на Уставниот суд може да важи и за текстот кој што денес е пред нас за овој закон. Затоа што и тогаш Уставниот суд утврдил дека доколку покрај државното знаме се вее и знаме на друга држава се доведува во прашање државниот суверенитет кој е неделив, неотуѓив и непренослив и е загарантиран со Уставот на Република Македонија. Тоа е кажано во одлуката на Устаниот суд. Неделив, затоа што со Уставот е загарантирана унитарноста на државата без можност за каков и да е облик на федералност. Неотуѓив, затоа што со Уставот никому не му е дозволено да го продава државниот суверенитет и непренослив затоа што никој нема уставно право да предава дел од државниот суверенитет во определени ситуации, или за определени ограничени временски рокови. Но, ако еден симбол е симбол и на меѓународно призната држава и знаме на меѓународно призната држава, тогаш истакнувањето на тоа знаме ги симболизира и сите атрибути на државност на таа држава, на тој правен меѓународен субјект, значи и суверенитетот врз територијата и неделивоста и правниот поредок. На јарболите пред амбасадите се веат странски знамиња, меѓутоа знаеме дека териториите на амбасадите се екстериторијални зони за кои што владеат законите на таа држава во согласност со Виенската конвенција. Согласно тоа, значи доколку на пример пред седиштето на единицата на локалната самоуправа се истакне и знаме на странска држава, тоа би значело дека во таа зграда или во таа општина е седиштето на двојна власт врз определена правно територијална единица. Од друга страна ако според Уставот осумкракото жолто сонце на црвена подлога е знаме на Република Македонија, а не знаме исклучиво на македонскиот народ, тогаш и знамињата на државите Албанија или Турција или сеедно која било друга, не може да се зборува дека се етнички, бидејќи ги изразуваат тенденциите на сите граѓани кои што живеат во тие држави. Дури ни за жолтиот двоопашен лав на црвена основа неможе да се каже дека е знаме на Македонците, туку е симбол како што е и назначено во хералдичката наука, знаме или грб на македонската земја, земски грб. Во секој случај нам како пратеници ќе ни беше многу полесно доколку во меѓународните документти експлицитно беше нормирана, или препорачана постапка за употреба на знамиња, или други симболи на малцинствата како што е во меѓународниот речник или на етничките заедници. Во тој случај можеби немаше да има потреба од долги дискусии и убедувања, за тоа дали државен симбол на друга држава може да се употребува како етнички и дали предложениот текст како таков е во согласност и во колкава мерка е во согласност со Уставот и со

Рамковниот договор. Ќе повторам уште еднаш, со оглед на тоа дека ние како партија немаме ништо против истакнување на знаме на која и да е етничка заедница во согласност со Уставот, сметам дека постои потреба од донесување на ваков закон. Но, бидејќи никогаш и Обединетите Нации и Советот на Европа немаат утврдено потреба да им препорачаат на државите членки како да постапат во вакви случаи, веројатно затоа што сметале дека тоа прашање треба да им се остави како поединечно право на одлучување на државите, или можеби затоа што сметале дека државните симболи се само државни и дека нема да дојде ситуација да бидат употребени како симболи на етнички заедници.

Во членот 21 од Рамковната конвенција за заштита на правата на малцинствата, ќе повторам уште еднаш, значи овој збор го употребувам затоа што тоа е меѓународен термин, или во меѓународен документ, јасно пишува дека ништо од конвенцијата нема да биде толкувано како да дава право да се презема активност, или да се постапува спротивно на основните принципи на меѓународното право и посебно на суверената еднаквост и територијалниот интегритет и политичката независност на државите. Затоа според логиката на таа Рамковна конвенција се друго што не се однесува на нивната вера, јазикот, традициите и културните традиции може да биде толкувано како загрозување на државноста, секако доколку се вее знаме на странска држава во матичната држава спротивно на одредбите од Виенската конвенција.

Како заклучок, значи употребата на државно знаме на територија на друг меѓународен субјект не може да има карактер на постапка во врска со каков и да е облик на традиција на етничката заедница со оглед дека во Виенската конвенција е предвидено кога и како се постапува со странски знамиња. Она што во практика ќе го имаме и ќе ни се случува доколку се усвои вака предложениот текст, ќе повторам уште еднаш, знамиња на други држави на територијата на Република Македонија без разлика како ние тоа сакаме да го толкуваме, сакаме да звучи, или сакаме да изгледа на било кој меѓународен фактор, на било кој намерник странец, па и на граѓаните на Република Македонија може да значи само едно, делив суверенитет на државата, или некој вид на екстериторијалност. Такви практични примери можеме и сега да претпоставиме, посети на странски делегации во одредени општини каде што во случајот на посета на странска делегација од Република Албанија на високи претставници во посета на една општина во која што ќе имаме ситуација при пречек на таа делегација на јарболите да се веат две државни албански знамиња и едно државно македонско знаме. Слушнавме примери за вакви ситуации и решенија во други држави и познати се тие, примерот со унгарското малцинство во Романија, меѓутоа има и други примери како што е примерот со италијанското малцинство во Словенија каде што исто така експлицитно не е дозволено италијанското малцинство да го употребува државното знаме на Италија. Оние дискусии и ставови и амандмани околу тоа дека државното знаме ќе биде поголемо, повисоко, а знамето на етничката заедница ќе биде помало, пониско, полево, или подесно, по мое мислење се потполно неважни ако знамето на етничката заедница е државно знаме на друга држава. Факт е дека едно до друго ќе стојат државното знаме на Република Македонија и државното знаме на пример на Република Албанија, Република Турција на државни и локални објекти во Република Македонија што само по себе, ќе повторам уште еднаш имплицира на поделен територијален суверенитет, или на еден вид екстериторијалност

Затоа на крај и при усвојување на предложените амандмани апелирам до сите пратеници и до пратениците припадници на етничките заедници да ја имаат во предвид унитарноста на државата, уставниот поредок, заедничките интереси на граѓаните на Република Македонија со оглед дека и законите кои што се донесуваат се за нив и пред се потребите и интересите и на сите етнички заедници во Република Македонија. Длабоко верувам дека доколку етничките заедници се определат во согласност со овој закон во кој би биле инкорпорирани предложените амандмани од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе се добие квалитет во меѓуетничките односи, ќе се намали притисокот како во рамките на заедниците, така и во односите со мнозинскиот народ во Репулика Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Китаноски.

Бидејќи ниеден говор не беше под десет минути, ја прекинувам седницата.

Утре имаме седница за пратенички прашања.

Седницата ќе продолжи во петок со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,50 часот)